KII 674

Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје

Филозофски Факултет

Институт за Историја

Магистерски Труд:

# - Михаил Горбачов и процесот на распаѓање на СССР –

Ментор:

Проф: Д-р. Виолета Ачковска

Изработил:

Вилијамс Зекировски

Скопје – 2015/16

Содржина:

Вовед - ....................................................................................................1
I – Советскиот Сојуз до 1985 година
1,1– Советскиот систем....................................................................................6
1,2 – Економска стагнација................................................................................8
1,3– Надворешна изолираност ..........................................................................18
II – Михаил Горбачов
2– Кратка биографија........................................................................................21
III – Реформите на Горбачов
3,1 – Перестројка.................................................................................................29
3,2– Економија за време на Перестројката.......................................................39
3,3– Анти-алкохолна кампања...........................................................................48
3,4 – Чернобил.....................................................................................................52
3,5 – Гласност......................................................................................................54
3,6– Надворешна политика................................................................................60
3,7– Средбите на Горбачов и Реган...................................................................72
IV – Процесот на распаѓање на Советскиот Сојуз
4,1– Независност на републиките......................................................................85
4,2– Ново – Огарево............................................................................................91
4,3–Референдум за зачувување на Унијата.......................................................95
4,4– Избор на Народни заменици......................................................................99
4,5 –Првиот Претседател..................................................................................100
4,6 –Августов пуч...............................................................................................102
4,7–Распаѓање на Советскиот Сојуз................................................................110
4,8– Говор на Горбачов (25 декември 1991)...................................................118
Заклучок – .........................................................................................................122
Библиографија

# Вовед

Советскиот Сојуз бил формиран на 30 декември 1922 година, кога бил потпишан Договор за сојуз помеѓу четирите основачки републики РСФСР, Украина, Белорусија и Транскавкаската Федерација (Ерменија, Азербеџан и Грузија).[1] Опстојувал како една целина скоро 70 години. Мулти-етничка, држава со повеќе од 290 милиони жители, 15 републики.

Учествувал во II светска војна од страната на сојузниците. По завршувањето на војната, Советскиот Сојуз имал најголем број на копнена армија и со самото тоа бил една од супер силите. Успеал да ја обнови својата економија, а им помагал во обновувањето на земјите од Источна Европа, кои практично биле под директна команда од Москва. Ваквото влијание и ширењето на комунизмот довело да се формира Сојуз на земји кои се противеле на ваквата експанзија на Советскиот Сојуз. Поранешните сојузници на Советскиот Сојуз, САД и Велика Британија, сега станале непријатели. Започнала Студената војна која ќе трае колку и Советскиот Сојуз. Со текот на годините неконтролираното трошење ќе доведе да се влоши економијата, низа на лоши политики ќе доведе до распаѓање на оваа супер сила.

Советскиот Сојуз се дезинтегрирал во 1991 година, кога на чело на земјата бил првиот избран претседател Михаил Горбачов, кој се обидел да ја стабилизира економијата и да се обнови Унијата. Распадот на Советскиот Сојуз неминовно е едно од најважните случување во историјата на XX век, кое ќе доведе до целосна трансформација во геополитичката сцена на светот. Ќе се разниша балансот на центрите на моќ. САД ќе остане единствена супер сила.

Во оваа теза е опфатено влијанието на Михаил Горбачов во процесот на распаѓањето на Советскиот Сојуз и самото распаѓање. Во првиот дел од тезата се објаснува советската економија и надворешна политика до доаѓањето на Михаил Горбачов на местото Генѐрален секретар во 1985 година.

Советската економија која стагнирала од средината на 70-тите години, забележувала константно намалување на производството. Централното планирање не

[1] Richard Sakwa, The Rise and Fall of the Soviet Union 1917-1991, Routledge, New York, 1999,стр.138

успевало да ги задоволи ни основните потреби на населението, Советскиот модел на широк раст ги достигнал неговите граници, властите се обидувале да го сменат економскиот модел од екстензивен во интензивен, но сето тоа не ги дало очекуваните резултати. БДП бил помал од 1%, се вршеле инвестирања во сите полиња во економијата. Во производствените капацитети се воведувала најнова технологија, големи вложување се извршиле во земјоделството, за подобрување на координацијата на индустријата, трговијата и транспортот се формирал Госагопром, но и тоа не ги подобрило условите и немало напредок. Лошата економија се должи на застарената опрема, недисциплината на вработените, недостаток на работници, големи трошкови во воената индустрија и индустријализацијата на Сибир.

Во надворешната политика, во седумдесетите години, Советскиот Сојуз се потрудил да ги подобри односите со остатокот од светот. Биле подобрени односите со западноевропските земји, Кина и Сад. Биле потпишани трговски договори со европските земји, а со САД биле потпишани договорите SALT I и SALT II, за лимитирање на вооружувањето на двете земји. Ваквото подобрување на односите не траело долго. Советскиот Сојуз во 1979 година воено интервенирал во Авганистан, таквата интервенција била осудена од остатокот од светот и довело до повторно влошување на односите. Советскиот Сојуз практично бил изолиран од меѓународната економија.

Во втората глава е дадена кратка биографија на Михаил Горбачов. Неговото скромно потекло, а потекнувал од сиромашно семејство кое живеело во Ставропол. Неговиот татко Сергеј Андреевич бил возач на комбајн, а неговата мајка Марија целиот свој живот работела во колективните фарми – Колхози. Михаил Горбачов бил од таа генерација на деца кои ја преживеале Втората светска војна, која војна оставила многу белези во животот на Горбачов. Горбачов уште како млад сакал да научи и да знае се, научил да вози комбајн и работел заедно со неговиот татко, а неговата работа била наградена со орден -„Црвеното знаме на трудот“. По завршувањето на средното образование, Горбачов се запишал на Московкиот Универзитет каде студирал право. За време на универзитетските години, Михаил бил познат како пријателска и отворена личност, неговите поранешни соученици истакнувале дека Горбачов поседувал спонтан демократизам, провинциска отвореност и лидерски квалитети. Тој беше избран за лидер на Комсомол, а потоа во 1952 година, за член на Комунистичката партија. По

завршувањето на студиите неговата кариера се развивала доста интензивно. Во пролетта 1958 година, Михаил бил избран за пратеник на XIII конгрес на младата комунистичка лига. Истата година е избран за втор секретар на Регионалниот комитет на Ставропол на Комсомол, а во март 1961 година за прв секретар и на истата позиција ќе остане се до април 1962 година. Во 1970 година тој бил избран за прв секретар на Ставрополскиот регион и со 39 години станал еден од најмладите провинциски секретари. Во 1979 година станал кандидат, а 1980 година и член на Политбирото. Ваквата позиција на Горбачов му овозможила од блиску да го види лошото менаџирање и политиката која се водела од самиот политички врв на земјата. Во тие неколку години како член на Политбирото, Горбачов имал можности да посети неколку западни земји и да ја забележи разликата во начинот на кој се живеело. Во 1985 година е избран за генерален секретар и со 54 години станува најмладиот генерален секретал на Советскиот Сојуз.

Во третата глава се опфатени реформите на Горбачов, Перестројка, Гласност, како и надворешната политика. Перестројката била наменета за подобрување на лошата економијата. Горбачов ја најавил Перестројката во неговиот говор во март 1985 година кога бил избран за генерален секретар. На априлскиот пленум биле изнесени (понудени) основните идеи, повеќе или помалку сложени системски програми за економскиот развој на земјата. Прво од сите прашања е за закрепнувањето на економската состојба и како да се сопрат негативните трендови во оваа област. И покрај тоа што Перестројката првично била наменета за подобрување на економијата во Советскиот систем, таа доведе и до големи политички промени во системот. За успешно спроведување на Перестројката, Горбачов извршил и големи кадровски промени во Политбирото и раководството на КПСС. Гласноста како реформа била наменета за слободата на говорот, медиумите и критиката во Советскиот Сојуз. Со Гласноста се постигнала поголема демократија во политиката.

Идеологијата која преовладувала во надворешната политика на Горбачов била наречена „ Ново политичко размислување“. Надворешната политика била заснована врз основа на заедничките морални и етички принципи за решавање на глобалните проблеми, Горбачов не го прифатил марксистичко-ленинистичкиот концепт на непомирлив конфликт меѓу капитализмот и комунизмот. Наместо да се потпира на советската воена моќ, Горбачов избрал да имаат политичко влијание, кое ќе се движи кон подобрување на

дипломатските односи и економската соработка со останатиот свет. Можеби најголеми достигнувања во надворешната политика се намалувањето на тензиите кои ги имало со САД. Горбачов се состанал во неколку наврати со американскиот претседател Реган, во обид да се постигне договор за намалување на нуклеарното вооружување и да се запре со трката во вооружување. Во тие неколку самити се постигнал договор за INF кој бил потпишан на 8 декември 1987 година во Вашингтон. Мирољубивата политика на Горбачов покрај потпишувањето на договорот за лимитирање на оружјето, довела до завршување на Студената војна, обединување на Германија, крај на војната во Авганистан и слобода во изборот на власт во Источна Европа.

На крајот, во последната глава, се анализира распадот на Советскиот Сојуз. Со Гласноста се овозможило се повеќе да се критикува централната власт, се зголемувал национализмот во републиките. Со зголемената демократизација во политиката, и изборите кои биле спроведени во републиките, во дел од републиките, победиле Народните движења кои јасно ставиле до знаење дека нивната основна цел е создавање на независни и суверени држави. Од 1988 година до 1991 година тоа станало реалност. Први независност прогласиле Балтичките држави, а по нив последователно и останатите.

Обидот на Горбачов за зачувување на Унијата како федерација на независни републики не успеал, и покрај напорните преговори кои најавувале успех и спроведениот референдум за зачувување на унијата во кој повеќе од 75% се изјасниле за зачувување на Унијата. Преговорите за зачувување на Унијата како федерација, ќе бидат причина да се организира државен удар против Горбачов. Организаторите на државниот удар, кои претежно биле со конзервативни идеи, се плашеле од губење на нивните позиции и намалување на централната власт. Државниот удар не успеал, но сепак тој бил еден од низата проблеми кои го забрзале распадот на Советскиот Сојуз. Последниот чин од процесот на распаѓање на Советскиот Сојуз се случил во Алма-Ате, на средбата на лидерите на републиките кога го потпишале Протоколот за создавање на, еднакви по правна основа - Заедница на независни држави (ЗНД). Во декларацијата се наведува дека со формирањето на Заедницата на независни држави, Сојузот на Советски Социјалистички Републики престанува да постои. Горбачов, како претседател ја потпишал декларацијата на 25 декември 1991 година, истиот ден тој го одржал и неговиот последен

говор како лидер на Советскиот сојуз и си поднел оставка, со што официјално Советскиот Сојуз се распаднал.

# I - Советскиот Сојуз до 1985 година

## 1.1 - Советскиот систем

За да се разберат историските настани кои се случиле во Советскиот Сојуз од средината на 80-тите години до почетокот на 90-тите години од XX век, неопходно е да се разберат појавите и процесите и да се анализира економската состојба во која се наоѓала земјата пред почетокот на 80-тите години. Советската економија растела со интензивни стапки во 50-тите години, во 60-тите исто така имала добри перформанси, но во средината на 70-тите влезе во акутен пад од кој никогаш не се обнови.

Советскиот раст на производство значително се намалувал од 1950 година до 1985 година. До крајот на 70-тите години, беше јасно дека советскиот систем наидуваше на сериозни потешкотии.[2]

Кон крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години од минатиот век, во Советскиот Сојуз се повеќе почнале да се чувствуваат последиците кои се јавувале од економската криза која настанала во времето на Хрушчов.

Системот за социјална контрола, државната комисија за планирање, Госплан (Gosplan) улогата на Gosplan беа одамна воспоставени пред владеењето на Брежнев, како Државната комисија за планирање, тој беше задолжен со насочување на централизираната команда во економија во согласност со целите на партијата, функционирал многу лошо, не можел да ги спроведе основните задачи кои си ги поставил како цел како што било централното планирање, производството и дисрибуцијата. Задачите и проектите со кои се ветувало промени во општеството не се спроведувале или тоа било маргинално и минимално. Врвот на државата не можел да ја контролира економијата, а тоа довело до формирање на сива економија и корупција. Власта брзо успеала да се прилагоди на таквата ситуација и почнала да работи незаконски и корумпирано. Како резултат на тоа ситуацијата станала алармантна, економијата како целина не успеала да се развие.

Наједноставно објаснување за забавувањето на растот во економијата во Советскиот Сојуз, е дека советскиот модел на широк раст ги достигнал своите природни

[2] Olivier Jean Blanchard, Kenneth A. Froot, and Jeffrey D. Sachs – „The Transition in Eastern Europe", Volume 1, Stanley Fischer, Chapter „Russia and the Soviet Union Then and Now",University of Chicago Press, 1994, стр.228

граници кон крајот на 1960 година, советскиот раст се базирал на брза акумулација на капитал, зголемување на употребата на трудот, како и зголемување на искористувањето на природните ресурси.[3]

Економскиот раст во Советскиот Сојуз за време на 70-тите години почнал полека но сигурно да се намалува и веќе во средината на истата декада да стагнира, периодод од 1975 година до 1984 година е познат како „стагнација под Брежњев". Раководството во Советскиот Сојуз, за да се справи со лошиот економски раст, преминало од „широко" на „интензивно" управување, така да растот на економијата би се детерминирал главно со подобрување на квалитетот, продуктивноста, зачувување на ресурсите, квалитетот на производот, ефикасно користење на опремата, што во пракса не упеало, економијата не се подобрила напротив таа се влошила.

Раководството на Брежњев излегло со нов слоган со кој би ја сумирал целата програма: Научна и технолошка револуција. Но токму во таа насока земјата не била во можност да се движи напред, економијата се покажала чувствителна на достигнувањата, од компјутери до биотехнологија.

Огромни средства биле насочени кон земјоделството, но и тоа не ги дало посакуваните резултати, производството на земјоделски производи останало на исто ниво. Можеби ваквите мерки биле задоцнети и не биле ефикасно искористени во пракса. Покрај големите инвестиции кои биле вложени во земјоделството и големите количини на жито кои биле увезувани во почетокот на 80-тите години, Советскиот Сојуз се соочувал со недостаток на храна. И покрај тоа што државата се наоѓала во лоша економска ситуација, таа успеала да го зголеми производството на електрична енергија, нафта и гас. Во индустријата и процесот на производство биле вградувани компјутери, кибернетички уреди и софтвери за дигитализација на контролата. Биле изградени нуклеарни централи кои работеле на нуклеарен погон (*гориво*). Државното раководство се обидело економијата да ја обнови во согласност на новата фаза на научно-тешнолошка револуција *(микроелектронска револуција)*, но во структурата на економијата сепак доминирала тешката индустрија (*производството на челик, леано железо, железна рудо и др.).* Најголемиот товар во националната економија сепак била воената индустрија.

[3] Olivier Jean Blanchard, Kenneth A. Froot, and Jeffrey D. Sachs – „The Transition in Eastern Europe", Volume 1, Stanley Fischer, Chapter „Russia and the Soviet Union Then and Now",University of Chicago Press, 1994, стр.229

Политичката елита, за да ја израмни загубата која се јавувала во лесната индустрија и другите сектори на производство, претпочитала да го зголеми извозот на нафта и гас. Некои од субјективните фактори кои влијаеле на лошата работа во тие сектори била лошата дисциплина на вработените и недостаток на работна сила. Советскиот Сојуз кон крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години од XX век, значително заостанувал во економскиот развој од развиените западноевропски капиталистички држави. За да се намали таквиот застој, покрај научно-технолошкиот развој кој се случувал имало и промени во организацијата на индустриското производство преку вклучување на научно-производствени здруженија во индустријата, спојот на науката во производството не го дала очекуваниот резултат.

Во тие години во Советскиот Сојуз се зголемила и дејноста на нелегална индустрија и комерцијална активност како и зголемена корупција. Во таква ситуација, каде корупцијата била навлезена во сите раководни позиции, економијата имала загуби во милијарди рубљи. До почетокот на 80-тите години од XX век се поочигледна станувала неефикасноста на ограничената реформа во советскиот систем.

## 1.3 - Економска стагнација

Со промена на раководството во Советскиот Сојуз во 1964 година, беа ублажени претерувањата во политиката во ерата на Хрушчов. Започнал долг период (20 години) на умерена политика која подоцна ќе се нарекува „период на стагнација". Тоа беше продолжување на „програмата за демобилозација" со акцент на развој на социјалното општество и толеранција.[4]

Времето на стагнација, ера на политичка, социјална и економска имобилизација, период во кој ниедна сфера во животот во Советскиот Сојуз немаше подобрување. Период кој започнал од владеењето на Леонид Брежњев и траел до 1985 година. Немало подобрување и за времето на Јуриј Андропов и Константин Черненко. Советската економија била предодредена на пропаст, недостасувале социјални реформи, преголемите трошоци во воената индустрија придонеле за ваква стагнација, растот на БДП бил помал

[4] Сергей Кара-Мурза , „История советского государства и права", Издательство "Былина", 1998, стр.132

од 1%.[5] Економијата во Советскиот Сојуз во целост била контролирана од централната власт, средствата за производство во јавна сопственост, претпријатијата и индустријата во државна сопственост. Таквата политика ќе се задржи до 1985 година, кога била преставена Перестројката, која била наменета за реформирање на советската економија.

Растот на советската економија бил ограничен од фиксниот капитал, достапноста на работна сила и ефтините суровини. Главниот економски проблем со кој се соочувал Советскиот Сојуз во почетокот на 80 тите години била сиромаштијата на најголемиот дел од населението. Тоа не можело да се објасни на друг начин освен како грешка на раководството. Идеологијата на КПСС се засновала на основно ветување и гарантирала значително подобрување на животот. „Во 1961 година, на XXII конгрес се усвоила Програмата за работа на КПСС, во која на сите граѓани на Советскиот Сојуз, им било гарантирано изобилство во рок од 20 години".[6] Сепак тоа останало напишано на хартија, економијата не се подобрувала, а сиромаштијата останала и по 20 години, Советскиот Сојуз не се променил. Населението било уморно од сиромаштијата, постојаниот недостиг на основните средства за широка потрошувачка, тешките услови за домување, корупцијата и самоволието на администрацијата.

Водачите на државата и партијата тоа не сакале да го признаат и не можеле да одговорат на прашањето како се развива политиката за ефикасно и брзо надминување на сиромаштијата. Главната причина за ова биле во системот на советскиот комунизам, бирократијата, централизацијa, и догматизмот во донесувањето на важни одлуки, социјалните и економски параметри, со исклучок на војската, биле пониски од предвидениот просек.

Една од мерките кои биле преземени, да се зголеми продуктивноста во земјоделството, со големо инвестирање во овој сектор. За подобрување на ситуацијата во земјоделството, а со тоа и кризата во селата во Советскиот Сојуз, во доцните 70-ти години е донесувањето на проектот за храна, кој беше одобрен со одлука на Пленумот на 22 мај 1982 година. Суштината на програмата била во тоа да се интегрира и употреби целиот

[5] Franklin Serrano, Numa Mazat - An analysis of the Soviet economic growth from the 1950's to the collapse of USSR, стр.14
[6] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

арсенал на административни и бирократски мерки за решавање на проблемот со храната во земјата до 1990 година.[7]

Во основата на програмата беше идеата на агро-индустриска интеграција, да се воспостават индустриски односи помеѓу колективните и државните фарми, прехранбената индустрија, трговија и транспортните организации. На регионално ниво агробизнисот ги обединил сите претпријатија поврзани со производство и преработка на земјоделски производи, со производство на ѓубриво, земјоделски машини и така натаму. За подобра контрола на оваа програма се создал Госагопром во чиј состав влегувале 5 министерства. Сепак, агро-индустриската интеграција не го донесе посакуваниот ефект.[8]

Но таквата стратегија не успеала бидејќи не успеале да се вратат инвестираните сретства. Причини за таквата ситуација е и преголемата хемикализација која ја осиромашила почвата со минерални содржини и се оневозможило користењето на таквото земјоделско земјиште. Огромни инвестиции имало во системите за наводнување, недовлно користење на земјоделски површини кои се наоѓале во региони со екстремни временски услови каде жетвата била мала и многу зависела од временските услови за разлика од земјоделските зони на запад и југ. Прекумерното наводнување на некои области од советската територија предизвикало исцрпување на хидрографските ресурси. Неуспехот на земјоделската стратегија се докажал со фактот што државното производство на жито останало речиси непроменето од 1960 година до 1980 година и покрај значително големите инвестиции во овој сектор.[9] Приносите од советското земјоделство биле помали од западните земји во скоро сите земјоделски производи. И покрај различните општествени системи и модели на организација на производство и големите инвестиции во земјоделството, Советскиот Сојуз не успеал да ги надмине потешкотиите и да ја зголеми продуктивноста во териториите со студено време.

Една од главните причини за недостатокот на работна сила е демографската транзиција која била одраз на големата урбанизација на населението, зголемената активност на жените, подоброто образование и проблемот на недостаток од живеалишта.

[7] А. С. Барсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс", 2005 стр.533
[8] Ibid.стр.533
[9] Franklin Serrano, Numa Mazat - An analysis of the Soviet economic growth from the 1950's to the collapse of USSR, стр.14

Индустриската модернизација на земјата се рефлектирала и во социјалната сфера. Социјалната структура на советското општество добивала се повеќе урбан лик, населението во градовите се зголемило од 164 милиони во 1979 година на 180 милиони во 1985 година. Населението во руралните средини се намалило во текот на годините од 99 на 96 милиони, бројот на вработените во националната економија во периодот од 1975 година до 1985 година се зголемил од 102 на 118.5 милиони луѓе, бројот на земјоделците се намалил од 15 на 12.5 милиони.[10]

Традиционалниот екстензивен модел на економски раст довел до опасност од исцрпување на природните ресурси по многу ниска цена. Трошењето на рудните богаства и нафта од западните територии на Советскиот Сојуз, ќе доведе до промена на инвестициите од запад на Сибир, каде екстракцијата била многу потешка и поскапа поради екстремните атмосферски услови и географска одалеченост. Советскиот Сојуз се наоѓал во тешка ситуација, се справувал со недостиг на работна сила, природните ресурси биле се помалку, советскиот модел за економски раст едноставно не бил успешен. Идентификувајќи го проблемот, советското раководство се обидело од екстензивен модел да се помести во интензивен модел на акумулација, со минимализирање на трошоците и зголемување на ефикасноста.[11] И таа транзиција од еден во друг модел на економски раст не успеала, имало неколку причини за ваквиот неуспех, не можеле да го променат начинот на пензионирање на работникот, тешко одело вклучувањето на технолошките достигнувања во цивилната индустрија, милитаризацијата на економијата, лошата дисциплина на советскиот работник и високата цена на индустријализација на Сибир.

Застарената опрема и машини биле еден од постојаните проблеми со кој се соочувал советскиот економски систем. Работниот век на фиксниот капитал во Советскиот Сојуз бил на многу повисоко ниво отколку во капиталистичките земји. Со тоа се објаснува и многу ниската стапка на пензионирање, поради тоа што фокусот бил свртен кон зголемување на капиталот, отколку во подобрување на машините и опремата. Советското раководство постојано се грижело за проширување на производството и задоволување на производствените квоти со масовни инвестиции во проширување на масата на капиталот на сметка на инвестиции за пензионирање и обновување на опремата.

[10] А. С. Барсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс“, 2005 стр. 534

[11] Franklin Serrano, Numa Mazat - An analysis of the Soviet economic growth from the 1950's to the collapse of USSR, стр.15

Со сменување на застарените машини и опрема била потребна и техничка реконструкција со која би се довело до прекин на работата и намалување на производството. Обидот на раководството да се влезе во интензивен режим на акумулација, забрзување на пензионирањето и промената на фиксниот капитал не успеал. Друга причина која може да се земе во предвид за намалувањето на продуктивноста на фиксниот капитал е и недоволното искористување на постоечките производствени капацитети, главно поради недостаток на работна сила.

Ограниченото инкорпорирање на технолошките иновации во цивилната индустрија е друг проблем со кој се соочувал советскиот систем и било пречка во процесот на транзиција кон интензивниот процес на акумулација. Научните истражувања кои се вршеле во Советскиот Сојуз биле на многу напредно ниво, но научните иновации делумно биле вклучени во процесот на производство, со исклучок на воената индустрија. Научните и технолошки иновации биле конфискувани од страна на воената индустрија, и многу ретко се користеле во цивилната индустрија. Најнапредните научни истражувања се вршеле во научните институти и ако новите откритија можеле да имаат примена во воената индустрија тие се класифицирале и чувале во воените комплекси.[12] Со тоа се објаснува зошто советската технологија во цивилниот сектор заостанувала од западната. Економскиот застој на раст од 1-2 % на годишно ниво од САД, имале катастрофални последици врз способноста на Советите да останат во чекор со своите конкуренти во Студената војна.[13] Фактот дека Советскиот воено-индустрискиот комплекс имаше право на првенство на ретки квалитетни ресурси, како што се високата технологија, истражување и развој (R & D). [14]

Државниот годишен буџет во 70-тите и раните 80-ти години го одобрувал Врховниот Совет на Советскиот Сојуз, кој годишно одобрувал не помалку од 17 милијарди или не повеќе од 18 милјарди рубљи годишно за одбрана. Но номиналната вреднос на нето материјал кој се произведувал во тие години се мери во стотици милијарди, воениот товар од страна на официјалните буџетски мерки, е тривијален. Во 1980 година тој не бил ништо повеќе од 3,8% од нето материјален производ, или 2,8% со

[12] Franklin Serrano, Numa Mazat - An analysis of the Soviet economic growth from the 1950's to the collapse of USSR, стр.17
[13] Olav NJØLSTAD, „The Last Decade of the Cold War“ – Frank Cass- London and New York, 2004, стр. 73
[14] Ibid. стр. 74

новите пресметки на советскиот национален доход на западни стоки и услуги или врз база на податоци на БДП. [15]

Недициплината која се појавила кај работниците, во состојба кога се јавувал недостаток на работна сила, во средината и крајот на седумдесеттите години од XX век ја зацврстила преговарачката позиција на работниците во однос на раководителите на државните фирми. Менаџерите на претпријатијата се соочувале со се поголеми тешкотии во контролирањето на вработените. Според официјалните бројки за март 1986 година, 4.8% од работниците во Советскиот Сојуз заработувле помалку од 80 рубљи месечно; 32,3% - 80-140 рубљи; 29,5% - 140-200 рубљи; 22,7% - 200-300 рубљи; и 9,5% - повеќе од 300 рубљи.[16]

Во тие години имало неколку обиди за подобрување на социјалната држава. Приоритети и реформи на советскиот систем за планирање биле зголемување на квалитетот и квантитетот на производите за широка потрошувачка. Колку и да се подобрувала економијата со текот на годините сепак тоа не било доволно. Почнал да се произведува и поголем спектар на нови производи со подобар квалитет, но и тоа не било успешно. Драстично се зголемил и увозот на стоки за широка потрошувачка.

Советскиот Сојуз бил принуден се повеќе да увезува од странство. Во периодот од 1976 година до 1980 година увозот изнесувал 9.9 % од нивото на производство во 1980 година – 18.1% , а во 1981 година – 28.4%.[17]

Индустријализацијата на Сибир исто така преставувала голем економски товар за Советскиот Сојуз. Во текот на Студената војна, во седумдесеттите години од XX век, огромни цивилни и воени проекти биле започнати во Сибир. Советското раководство работело на тоа да се направи географска дисперзија на индустриските комплекси во случај на војна, но и да се искористи изобилството од природни ресурси со кое располагал Сибир. Екстремните климатски услови во Сибир, придонесувале да има огромни загуби во продуктивноста и основните средства во споредба со ситуацијата во регионите со умерена клима. Постројките и опремата се прилагодувале за екстремно ниски температури, трошоците за поправка и одржување на инсталираниот фиксен капитал биле драстично

[15] Mark Harrison, - How Much Did the Soviets Really Spend on Defence? New Evidence From the Close of the Brezhnev Era- WARWICK ECONOMIC RESEARCH PAPERS, DEPARTMENT OF ECONOMICS, 2003, стр.6
[16] А. С. Барсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс", 2005 стр. 534
[17] Ibid. стр. 533

поголеми во споредба со западните делови од Советскиот Сојуз. За да се привлечат работниците да мигрираат во такви екстремни услови, Советските власти морале да понудат повисоки плати и други скапи удобности. Големи инвестиции имало во транспортната инфраструктура поради оддалеченоста на Сибир. Таквата индустријализација на Сибир преставувал навистина тежок економски товар на Советскиот Сојуз.

Економската криза во времето на Брежњев се должи на немањето на идеа за реформа на политичкиот и социо-економскиот живот. Карактеристично но негативно за Советскиот Сојуз е тоа што апсолутната власта во државата била централизирана и се наоѓала во рацете на Комунистичката партија. Под контрола на Комунистичката партија, работеле сите органи на државната власт. Сите сектори во јавниот живот биле целосно контролирани од државно - партискиот апарат, од производство, дистрибуција, медиуми, култура, земјоделство и друго. За да успее сето ова да се контролира и кординира, бројот на вработените во адинистрацијата достигнала бројка од 18 милиони луѓе. Ваквиот раст на бирократијата, на истата, и овозможила големи поволности и привилегии. Раководителите на централните и локални комитети на партијата, донесувале своеволно одредби и одлуки кои не биле во согласност на уставот, а со тоа се овозможило и брз раст на сивата економија, злоупотреба на државната служба и државната сопственост, спојување на криминалните елементи со органите на власта.

Сивата економија во Советскиот Сојуз била на високо ниво, приватните продавачи на храна продавале стока во вредност од 35,5 милијарди рубљи годишно, домашно производството на винско грозје, вино и пиво. Нелегалната препродажба на државните пијалоци, како и продажбата на украден, од државата, етанол изнесувале 2,2 % од бруто домашниот производ во 1979 година.[18]

До крајот на 1970-тите, на црниот пазар, продажбата на бензин од страна на возачите на државните автомобили и камиони изнесувала меѓу 33% до 65% од вкупната продажба на бензин во урбаните средини. Приватно сместување под кирија, околу 1,5 милиони рубљи во 1977 година. Совети, мито и плаќања за приватните услуги (како што

[18] Roger Keeran and Thomas Kenny, - Behind the Collapse of the Soviet Union 1917-1919, Socialism Betrayed, Universe Inc, New York, Bloomington, 2010 стр. 142

се религиозни церемонии) поврзани со погреби, проституција и нелегална продажба на дрога се конституиран дел од сивата (втората) економија[19].

Според советските проценки за годишен обрт во сивата економија, во доцните 1980-ти, се проценува дека изнесувале од 56.6 милјарди рубљи ( од страна на агенцијата за статистика Госкомстат ) до 350 милјарди рубљи, но повеќето проценки се движат од 100 до 200 милиони рубљи. Ваквите проценки, од 100 до 200 милиони рубљи во опсег во сивата економија значи дека нелегалниот приход во економијата преставува 16% до 28% од вкупниот персонален данок.[20]

Противречности кои се јавувале во советскиот политички систем било несовпаѓањето на демократските форми и бирократскиот советски систем. Уставно загарантираната слобода и еднаквост на граѓаните, од 1977 година, не кореспондирала со фактичката состојба во општеството на Советскиот Сојуз. Во октомври 1977 година на вонредна седница на Врховниот Совет на КПСС, бил усвоен новиот устав на Советскиот Сојуз.

Врховниот Советот кој требло да биде највисок орган во државата, сепак тоа било само на хартија, врховната власт останала во рацете на комунистичката партија.

Со зголемената корупција на државната администрација, грабање на државниот имот, се менувал и начинот на живеење во советското општество. Се зголемувала кризата, недисциплината и немотивираноста кај работниците, се зголемувала апатијата и рамнодушноста кај луѓето. Лошата политика на раководството значително го забрзало појавувањето на опозициони движења чии лидери се повеќе ја критикувале власта, и во почетокот на 80-тите години советскиот тоталитарен систем се повеќе ја губел подршката од граѓаните. Недостаток на идеа и алтернатива за трансформација на општеството и подобрување на социјалните и економски услови, само ја зголемувала недовербата кон раководството, а и надежта за систематско подобрување за живот.

Во почетокот на 80-тите години од XX век, Советскиот Сојуз заостанувал од западно-европските земји не само по структурата на моќ туку и на потрошувачка на храна. Значително се зголемил увозот на храна, ( од 1970 година до 1987 година увозот на месо и

[19] Ibid. стр.142
[20] Michael V. Alexeev and Clifford Caddy, - Incoming Distribution in the USSR in the 1980s - Review of Income and Wealth, March 1993, Volume 39, Issue 1, стр.32

месни производи се зголемил за 5.2 пати, риба и производи од риба – 12.4, растително масло – 12.8, жито - 13.8, путер – 183.2 пати).[21]

Најголем извор на средства за ваквиот зголемен увоз е зголеменото извезување на нафта и гас. Од ваквиот извоз земјата добивала 16 милјарди долари годишно. Учеството на нафтата и гасот во вкупниот извоз на Советскиот Сојуз пораснал од 6% во 1970 година на 54.4% во 1984 година. Извозот на нафта во 1984 година бил намален поради ниската цена на светскиот пазар. Вкупниот девизен прилив, од 1965 година до 1982 година, во Советскиот Сојуз од нафта и гас изнесувал 170 милијарди долари. Максимална продажба на нафта и гас се достигнала во 1983 година со 91.1 милјарди долари. Падот на цените на јаглен и нафта на светскиот пазар биле една од главните причини за финансиската и буџетска криза во средината на 80-тите години.[22] Со ваквиот девизен прилив, советското раковотство направило многу малку, за да успее да се обноват економските механизми.

Преголемото трошење во воената индустрија и задавала голем товар на економијата на Советскиот Сојуз, во почетокот на 80-тите години од XX век, тој бил 20%-25% од бруто домашниот производ, а производството на воена опрема надминувала 60% од вкупното производство на машинско-инжинерските производи. Воената економија ја разорувала економијата на земјата, советските воени фабрики произведувале воени резерви за 4,5 пати повеќе од САД, пет пати повеќе на БТР-и, девет пати повеќе артилерија, три пати повеќе нуклеарни подморници, во одбранбената индустрија биле вклучени 2-3 пати повеќе вработени отколку во САД. (од 5 до 8 милиони во Советскиот Сојуз и 2,2 милиони во САД)[23]

По присилната оставка на Хрушчов, одеднаш најзначаен официјален приоритет на земјата, станало зголемувањето на учеството на воените трошоци во националниот доход. Советскиот Сојуз значително заостанувал од САД во областа на стратегиското оружје, раководството на Брежнев ги зголемило нуклеарните и ракетните програми. Во рамките на остварувањето на стратешкиот паритет, исто така, беше донесена 20-годишна програма за изградба на океанска морнарица. Поморските сили биле создадени за да се

[21] А. А. Данилов Л.Г. Косулина М.Ю. Брандт, „ИСТОРИЯ РОССИИ -XX – начало XXI века“ стр.223

[22] А. С. Барсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс“, 2005 стр.531-532

[23] А. Безбородов, Н. Елисеева, В. Шестаков, - Перестройка и крах СССР. 1985 – 1993, Санкт-Петербург, 2010,стр.42

спротивстават на САД и НАТО. Се повеќе и повеќе финансиските и логистичките ресурси се трошеле во модернизацијата на производството на висока технологија.[24]

Милитаризацијата на економијата станала една од главните причини за искривената и неефикасна структура на економијата. За купување на најновите технологии и храна, Советскиот Сојуз беше принуден да обезбедува повеќе суровини за извоз. Прекумерната централизација, екстремната приватност и комплетниот недостиг на координација меѓу воените и цивилни сектори на економијата не дозволиле да се извлечат големи дивиденди од напредокот на воената технологија.[25]

По смртта на Леонид Брежнев на 12 ноември 1982 година на вонреден пленум со одлуката на Централниот комитет на КПСС, Јуриј Андропов беше избран за генерален секретар на КПСС. Андропов, поранешен шеф на КГБ, од кого се очекувало да ја обнови официјалната идеологија, што значеше остапување од конзервативниот социјализам, кое нешто не било лесно.

По неговото доаѓање на власт, тој започнал со борба за подобрување на економската состојба во државата, да води кампања за подобрување на работната дисциплина на работникот. Печатот почнал да објавува извештаи за седниците на Политбирото и за прашањата кои биле дискутирани на тие седници. Исто така започнала и борба против корупцијата и злоуптребата на службата. За злоупотреба на државна функција, биле поднесени пријави против првиот секретар на регионалната партиска организација на Краснодар, С. Медунов, министерот за внатрешни работи Н. Шелоков и Ш. Рашидов член на Политбирото и лидер на партијата во Узбекистан. Ваквите мерки кои ги спровел Андропов, ја вратиле надежта и симпатиите од мнозинството, но растела аксиозноста кај високите слоеви на општеството. Едни ги поздравувале ваквите мерки, додека другите се плашеле од нова 1937 година.

По ваквата чистка на партијата, државниот врв и во силите на безбедноста, Андропов формирал тим на реформатори. Г.А. Алиев станал член на Политбирото, Н. Рижаков бил поставен на чело на економскиот одел на Централниот комитет, а во делот за организационо-партиски работи, Е.К. Лигачев. Директор на Институтот за светска економија и меѓународни односи станал Јаковлев, главниот идеолог на Перестројката. Во

[24] Ibid.стр.41
[25] Ibid.стр.41

повисокото партиско раководство ги вклучил М. Горбачов, В. Воротников, Н. Рижаков и В. Чебриков. Во почетокот на 1983 година, Андропов им наложил на Горбачов и Рижаков да започнат подготовка за економска реформа, но за жал тој не можел да го заврши тој потфат. Есента истата година неговата здравствена состојба се влошила и на 9 февруари 1984 година починал.

Нов генерален секретар на Централниот комитет на КПСС и председател на Врховниот Совет на Советскиот Сојуз станал Константин Черненко. Во неговиот краток период на владеење тој бил главен иницијатор за зајакнување на марксистичко-ленинистичката идеологија. Тоа негово кратко владеење повторно ги згаснало надежите дека земјата почнала да се движи кон напредок. Тоа беше момент кога кризата на советското општество ја достигнала кулминација.

По смртта на Черненко, Михаил Горбачов бил избран за негов наследник во 1985 година. За разлика од неговите претходници, Горбачов бил релативно млад и енергичен лидер. Советските луѓе, незадоволни од претходниот период на економска и политичка криза, во новиот генерален секретар гледале со љубопитност, скептичност и песимизам. До неговото доаѓање на власт, кризата во земјата растеше се повеќе и повеќе, а со тоа и потребата за радикална промена и преструктуирање (Перестројка), кое било неминовно.

## 1.3 - Надворешна политика до 1985 година

Советскиот Сојуз во почетокот на 70-тите години од XX век во голема мера го зголемил неговото влијание во меѓународната заедница. Не само во земјите од Источна Европа и другите социјалистички држави, но и во Западна Европа, ги подобрувал односите со САД и други земји од светот.

Раководството на Советскиот Сојуз во ОН, предложило нацрт-договор за неширење на нуклеарно оружје во други држави, а ваквиот предлог од ОН бил прифатен во 1969 година, а идната, 1970 година стапил на сила.[26]

[26] А.С. Орлов, В.А. Георгиев, Н.Г Георгиева, Т.А Сивохина, -ИСТОРИЯ РОССИИ-, ООО Издательство Проспект, Москва, 2004. стр.315

Кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години на минатиот век, Советскиот Сојуз ги подобрил односите со Западните земји. Со Франција била потпишана советско-француска декларација и договори во сферата на економијата, истражувањето и освојување и развој во вселената за мирољубиви цели. Се нормализирале односите со Западна Германија, трговските врски со Италија биле подобрени, а со Велика Британија имале потпишано долгорични договори за изградба на индустриски капацитети во Советскиот Сојуз.[27]

Почнале да се нормализираат и односите меѓу двете супер сили, кои биле во екот на Студената војна.

Во обид да се спречи или намали трката во вооружување на двете супер сили, претседателот Џералд Форд (38-ми претседател на САД од 1974-1977 година) во неговите мемоари ќе забележи: „со надеж да се постигне договор со кој ќе се стави капа на трката во вооружување и унапредување на шансите за траен мир. Нашите две земји прво постигнале договор за стратешко ограничување на оружјето во мај 1972 година."[28]

Со тој договор (SALT I - Strategic Arms Limitation Talks) се ограничувал бројот на земјените и морски проектили на двете страни, постоечки и тие што биле во изградба. Советскиот Сојуз можел да распореди 2360, а САД 1710.[29]

SALT I бил потпишан на самитот во Москва на 26 мај 1972 година. По две и пол годишни преговори претседателот Ричард Никсон и генералниот секретар Леонид Брежњев го потпишале Договорот за АВМ и времената спогодба за стратешко офанзивно оружје.[30]

Тоа било почеток на политиката на „попуштање" во меѓународната политика. На Конференцијата за безбедност и соработка која се одржала во 1975 година, во Хелсинки, на која присуствувале 33 шефови на држави од Европа, САД и Канада, се потпишала декларација за принципите и соработката меѓу двете земји.

Договорот за АВМ ( SALT I), кој се потпишал во 1972 година истекувал во 1977 година, бил потпишан на 5 години. Раководствата на двете земји имале имале желба

[27] Ibid.стр.315

[28] www.fordlibrarymuseum.gov/library/exhibits/vladivostok/vprior.asp, U.S.-Soviet Discussions on Strategic Arms Limitation, From President Gerald R. Ford's memoir A Time to Heal (New York: Harper & Row, 1979), pages 214-215

[29] Ibid.

[30] https://www.armscontrol.org/documents/salt

ваквиот договор да се продолжи, па отпочнале преговори за дефинирање на новиот договор. Во 1974 година, во Владивосток имало средба на највисоко ниво каде биле договорени основите на новиот SALT II договор. Основните елементи во меморандумот, кои биле запишани во договорот, ги сочинувале: - лимитирање на по 2400 нуклеарно транспортни возила од двете страни; - ограничивање на MIRV системите, по 1320; - забрана за изградба на нови ICBN; - ограничување на употребата на нови видови на стратешко офанзивно оружје; и важен дел од договорот е времетраењето на истиот да биде 10 години.[31]

По неколку годишни преговори бил комплетиран договорот SALT II кој бил потпишан на 18 јуни 1979 година, од Картер и Брежњев во Виена.

Ваквото попуштање во меѓународната политика не траело долго, во декември 1979 година Советскиот Сојуз воено интервенирал во Авганистан. Воената интервенција многу негативно се одразила во надворешната и внатрешната политика на Советскиот Сојуз. Во внатрешната, големиот број на загубени животи, ранети војници и голем економски товар и на така ранливата економија. Во надворешната политика Советскиот Сојуз ќе претрпи економски санкции, нема да се запре со трката во вооружување која исто така се одразувала на економијата.

[31] https://www.armscontrol.org/documents/salt2

# II - Михаил Сергеевич Горбачов

## 2.1 - Кратка биографија

Михаил С. Горбачов бил последниот, но и првиот демократски избран претседател на Советскиот Сојуз, последниот генерален секретар на Комунистичката партија на СССР. Неговите напори за демократизација на политичкиот систем и децентрализација на економијата довеле до пад на комунизмот и распад на Советскиот Сојуз со што делумно била завршена воената доминација врз Источна Европа на Советскиот Сојуз. Политиката која ја водел Горбачов довела до намалување на тензичната состојба која владеела во светот, мирното завршување на Студената војна, намалувањето на нуклеарниот арсенал, обединувањето на Германија, укинувањето на Варшавскиот Пакт, и за таквата негова миролјубива политика тој ја добил Нобеловата награда за мир во 1990 година.

Неговите предци биле Козаци кои биле истерани од Украина и во потрага по плодна земја се населиле во Ставропол или Северен Кавказ. Михаил С. Горбачов е роден на 2 март 1931 година во селото Приволное во Ставрополскиот регион во Русија, Михаил се родил во сиромашно руско - украинско семејство. Неговиот татко, Сергеј Андреевич бил возач на комбајн и ветеран од Втората светска војна, неговата мајка Михаила Горбачова ( Марија Пантелеевна или моминско Гопкало ) била земјоделец и целиот свој живот работела во колетивна фарма (Колхоз).

Горбачов, пред да тргне на училиште, претежно живеел на село со неговите дедо Пантелеј Е. Гопкало и баба му Василиса Лукјанова, каде имал голема слобода и несебична љубов која ја добивал од нив, но животот не бил лесен. Во неговите мемоари тој ќе забележи:

> „Како дете јас пронајдов остатоци на живот кој бил карактеристичен за пред-револуционерното руско село и колективните фарми. Мали куќи со еден кат, немаше кревети, спиевме во мансарда или на шпоретот, се покривавме со палта од овча кожа или некои партали. Во студените зими се до почетокот на пролетта во куќата биле внесувани и телиња, кокошки и гуски. Од сегашна гледна точка, сиромаштијата била незамислива. И што е

најважно, работата била тешка и исцрпувачка. И за каква „златна доба" на руското село говорат нашите современи борци, за среќен селанец, јас не ги разбирам''.[32]

„Во куќата на дедо Пантелеј Ефимович, на груба полица, за прв пат видов памфлети. Тоа беа Маркс, Енгелс и Ленин, тогаш неиздадени одделни прашања. Стоеа таму и „Основи на Ленинизмот" од Сталин и статии и говори од Калинин. Во другиот агол од дневната соба, икона и ламба, баба била религиозен човек. Директно под иконата, на импровизирана маса имаше портрети на Ленин и Сталин. Овој „ мирен соживот" на два различни света не му пречел на дедо. Тој не бил верник, но имал голема толеранција".[33]

За време на големата чистка од 1937-1938 година, неговиот дедо Пантелеј бил уапсен под обвинение дека бил член на контра-револуцоинерната група позната како Троцкисти.[34] Тоа бил и првиот шок кој го доживеал малиот Михаил. По апсењето на неговиот дедо следеле тешки моменти во неговиот живот. Горбачов сам кажува дека таквите лоши моменти останале во неговите сеќавање:

„Дури и момчињата од соседството избегаваа да имаат контакт со мене. Сега сваќам дека неможам да ги обвинувам луѓето. Сите оние кои што имале допир со семејството или едноставно комуницирале биле "непријател на народот", исто така биле предмет на апсење. Бев потресен и овие сеќавања, ќе останат во мојата меморија за цел живот."[35]

---

[32] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, Глава 2, "Новости", Москва, 1995 стр.10
[33] Ibid. стр. 10
[34] Троцкизам е филозофски и идеолошко-политички концепт кој бил подржуван од страна на Лав Троцки. Ова движење било формирано во СССР по смртта на Владимир Ленин кога се спорело за тактиката на Болшевичката партија и глобалното движење на работничкото движење. Троцкизмот во суштина бил ултра левичарски и идеалистички тренд во работничкото движење кој се засновал на идеолошките и социо – политичките ставови на Лав Троцки. Неговата идеологија се базирала на концептот на постојана револуција или извоз на револуција. Поради постојаната критика на Советската комунистичка активност и на нејзиниот лидер Јосиф Сталин, Лав Троцки во 1940 година бил брутален убиен по наредба на Сталин.
[35] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, Глава 2 "Новости", Москва, 1995 стр.11

Неговиот дедо поминал 14 месеци во затвор по што бил ослободен од обвинението, се вратил во Приволное и во 1939 година бил избран за претседател на колективна фарма (Колхоз), со што се стекнал со голем углед меѓу селаните.

Другиот дедо на Михаил, Андреј, имал тешка судбина, но во исто време и типична за селанството во тоа време во Советскиот Сојуз. Водел сопствена фарма, имал шест деца, и за да се одржи тоа големо семејство сите членови на фамилијата, млад и стар, работеле и ден и ноќ на фармата. Дедото на Михаил како карактер бил крут и во работата не ги штедел ни членовите на семејството ни себе си. Но работата на фармата не секогаш ги давала очекуваните резултати. Селанството се повеќе паѓало во сиромаштија бидејќи имало големи суши во Ставрополскиот регион, недоволно род за да се прехрани семејството. Во Ставрополскиот регион во 1933 година била период на глад, во тој период починале многу луѓе. Како причина за немање на доволно храна да се прехрани населението може да се наведе и масовната колективизација која се извршувала по селата, колхозот успеал да го уништи традиционалниот начин на живот, фармите и условите за живот во селата и на тоа да се додаде и големите суши кои го зафатиле Ставропол. „Гладта била страшна. Во Приволное починале најмалку една третина, ако не и половината од луѓето во селото. Умирале цели семејства, и долго време пред војната, трошните селски куќи биле без сопственици".[36]

Три деца на дедо му Андреј умреле од глад. Тој бил уапсен во 1934 година и бил испратен на принудна работа. Таму бил задржан две години и кога се вратил назад во селот станал директор на колективна фарма. Животот во Ставропол почнал да се подобрува, но тогаш започнала војната.

Михаил Горбачов имал 10 години кога започнала војната. Тоа била и една од најтешките зими што ќе му останат во сеќавањата. Сите мажи кои биле во селото биле мобилизирани, останале само жени, деца и старци. На 10 годишна возраст Михаил почнал да работи во градината, да снабдува сено за добитокот и да се грижи за огрев во куќата. Во првата година од војната имало доволно храна за да се прехранат луѓето, но како поминувало времето се помалку имало храна. Тоа биле четири долги и тешки години од животот на Михаил Горбачов, исполнети со мака и страдања, како и на секој друг кој ја

[36] Ibid. стр. 15

преживеал војната. Тоа време на војна и тешкотии оставиле белег кај него кој ќе го носи со себе цел живот.

> „А сепак, кога станува збор за војната, најчесто се сеќавам на една кошмарна слика. Кон крајот на февруари, почетокот на март 1943 година, кога се стопил снегот, јас со други деца во потрага на трофеи, во шумскиот појас во околината на Приволное и селото Бела Глина. Наидовме на остатоци од војници на Црвената армија кои тука ја имале својата последна битка во текот на летото во 1942 година. Тоа е невозможно да се опише, изглодани и распаднати тела, на главата рѓосани челични шлемови во рацете пушки, наоколу митралези, гранати и касети. Биле оставени така, непогребани, во калта од рововите и кратерите од бомбите, гледајќи не нас со широките црни очни дупки... Ние се скаменивме. Се вративме дома шокирани ".[37]

Кога завршила војната тој имал 14 години, бил од таа генерација на деца на војната, војна која ќе има влијание на нивните карактери за цел живот.

Годините по војната Михаил се вратил на училиште, иако во почетокот немал желба за училиштето, но се повеќе почнал да се интересира за книгите. Од почетокот кај него се јавила желба за математика, физика, историја и литература. Школските години ги поминувал секогаш со препораки и почести. По завршување на основното училиште, продолжил со средно училиште кое било одалечено 20 километри од Приволное и таму станал сосема независна личност. Во библиотеката во Приволное, Михаил земал книга од Белински, бил фасциниран од неа и секогаш ја имал со себе. Од Белински продолжил со Пушкин, Лермонтов, Гогољ и Мајаковски. Исто така со голема страст се посветил и на аматерскиот театар и спортските натпревари. Иако учествувал во сите претстави и натпревари, бил и организатор на повеќе од нив бидејќи бил секретар на Комсомол.[38]

Животот надвор од училиштето не бил лесен, од 1946 година кога Михаил не бил на училиште работел заедно со неговиот татко во колективните фарми. Татко му на

[37] Ibid. стр.27

[38] Комсомол – Млада Комунистичка Лига, подмладок на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз која официјално била формирана на 29 Октомври 1918 година

Михаил, Сергеј, бил возач на комбајн и го научил и него да управува со комбајн. Тоа било напорна и исцрпувачка работа, се работело и по 15 – 20 часа без престан, се случувало да заспие на воланот. Во првите години често крварел од носот, но тоа била реакција од замор на телото на еден тинејџер. Во тешката работа и времето поминато заедно со неговиот татко, тие развиле однос не само како татко и син,туку и како пријатели. 1946 година не била поволна жетвата, па во многу области имало појава на глад, но не толку страшна како во 1933 година. Наредната година исто не била плодна, па имало и помалку работа. Во 1948 година, после неколку последователни, конечно имале вистинска жетва. За работата, Михаил и неговиот татко Сергеј, биле наградени со ордени. Татко му се здобил со титула херој на социјалистичкиот труд и го добил орденот на Ленин, Михаил добил орден „ Црвеното знаме на трудот". Тој на 17 години бил и најмладиот кој некогаш го добил тој орден.

- Средното училиште го завршил со сребрен медал во 1950 година, имал 19 години, години на задолжителен воен рок и требал да одлучи што понатаму. „ Добро се сеќавам на зборовите на татко ми : После училиштето види за себе. Сакаш да работиме заедно. Сакаш да продолжиш со школувањето, ќе ти помогнам колку можам. Тоа е сериозна одлука која зависи само од тебе".[39]

Тој се одлучил да го продолжи неговото образование на Државниот универзитет во Москва, еден од најпрестижните во Советскиот Сојуз. Бил примен на Универзитетот без интервју, причини за тоа што Михаил имал работничко - селанско потекло, работно искуство, бил кандидат за член во партијата (КПСС) и секако владиниот орден кој го добил. Михаил студирал право. Првите месеци во Москва не биле лесни, како дете од провинција му требало време да се адаптира на големиот град. За него имало преголема разлика, прпват ги видел Црвениот плоштад, Кремљ, Болшој театарот, за прв пат патувал со брод, патувањата со метро. Животот како студент не бил лесен, живеел со стипендија од 220 рубљи. По неколку години тој како студент и како социјален активист некое време земал и зголемена т.н. „Калинин" стипендија од 580 рубљи од кои 200 рубљи секој месец испраќал дома.

На почетокот на неговите студии тој со страст се втурнал во учењето. Во него имало голема желба и љубопитност да се знае и да се разбере с□. Имал неверојатна жед за

[39] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, Глава 3 "Новости", Москва, 1995, стр.1

студии, поголемиот дел од времето го поминал во читање на книги во библиотеката на факултетот кој му пружил големи и сеопфатни знаења од историските науки како што биле: историја и теорија на државата и правото, историја на политички доктрини, историја на дипломатијата, политичка економија, и цел спектар на правни дисциплини како кривично и граѓанско право, криминалистика, судска медицина и психијатрија, административно, финансиско, колективно, брачно-семејно право, меѓународно јавно и приватно право, државно право, право на буржоазиските земји и друго. Како што и сам ќе напише : - „Во моите очи универзитетот беше храм на науката, фокусирање на мислите, создавање на нашата национална гордост, жариште на младешката енергија, импулс и пребарувањето, Го почувствував влијанието на вековната Руска култура, и покрај се живееја демократските традиции на руското високо образование".[40]

За време на универзитетските години, Михаил бил познат како пријателска и отворена личност, неговите поранешни соученици истакнувале дека Горбачов поседувал спонтан демократизам, провинциска отвореност и лидерски квалитети. Тој беше избран за лидер на Комсомол, а потоа во 1952 година, за член на Комунистичката партија.

Михаил Горбачов на универзитетот ја запознал неговата жена Раиса Максимовна, која на Државниот универзитет студирала на филозофскиот факултат. По две години пријателство тие се венчале во 1953 година со свадбена свеченост во студентски дом.

Михаил и Раиса, двајцата потекнувале од сиромашни руско-украински семејства, Михаил и Раиса имале многу заедничко. Двајца провинцијалци во големиот град. Раиса, нејзините рани години ги поминала во регионот на Урал, во Москва била дојдена за да студира филозофија.[41]

Бидејќи образованието во Советскиот Сојуз беше целосно спонзорирано од страна на Владата, дипломираните студенти не беа во можност слободно да го избираат местото на работа веднаш по завршувањето на нивните студии. Поголемиот дел од студентите по дипломирањето беа дистрибуирани до различни локации и позициите врз основа на нивниот успех, потребите на државата, како и други фактори.

[40] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, Глава 2 "Новости", Москва, 1995, стр.4
[41] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

По завршувањето на студиите на Михаил му понудиле работа во обвинителството во Томск, Благовешченск, во Таџикистан и во Ступино во близина на Москва, со која му се давала можност да остане во главнит град, а и Раиса да продолжи со постдипломските студии. Сепак тие се одлучиле за провинцијата Ставропол.

По неколку неуспешни обиди на Михаил да се вработи како адвокат, оди до локалната канцеларија на покраинскиот комитет на Комсомол, каде разговарал со првиот секретар Виктор Мироненко, поради импресивните квалификации и заслуги на Михаил му била понудена работа како заменик шеф во регионалниот комитет за агитација и пропаганда. Тоа беше место каде што енергијата, одговорноста и комуникативните вештини се многу поважни од неговите посебни знаења.

Кариерата на Горбачов се развивала драматично. Михаил се побрзо навлегувал во лулашката на нештата, сакал побрзо да ја разбере одговорноста која произлегувала од Покраинскиот комитет. Поголем дел од неговата работа била во посетата на регионите во Ставропол. Една од неговите први посети биле на југоисточниот дел на Воронтсово - Александровскиот регион. Целиот ден го поминал во работилници и фарми, како што и самиот Горбачов наведува во неговите мемоари, ситуацијата била страшна, сиромашна. Селата кои ги посетувал сеуште не биле електрифицирани, немале радио и телевизија и весниците стигнувале многу покасно. Неговите патување се ределе едно по едно, а со тоа и многуте прашања кои ги слушал од младите луѓе кои се чувствувале изолирано. Горбачов на ваквите обиколки ги изнесувал упатствата на покраинскиот комитет на партијата, претежно на организирани состаноци за да се комуницира со луѓето и да се слушнат нивните потреби, имало и млади и стари кои изразиле желба за редовни состаноци. Тука слушал за тешкиот живот на луѓето, жалбите од колапсот на економијата.

По завршувањето на посетите, Горбачов во окружниот комитет ги пренел своите видувањеа и сите жалби кои ги слушнал и се вратил во Ставропол. По една година работа во Покраинскиот комитет на Комсомол, која претежно се состоела од службени патувања, Михаил имал можност да воспостави добри контакти со интелегенцијата од Ставропол. Во август 1956 година тој бил кандидиран за прв секретар на Комсомол на Ставропол. Неговата кандитатура била прифатена и тој бил избран за прв секретар на Комсомол, со што неговите надлежности и обврски се зголемиле. Во пролетта 1958 година, Михаил бил избран за пратеник на XIII конгрес на Младата комунистичка лига. По завршувањето на

конгресот, политичката кариера на Михаил одела во нагорна линија. На 25 април 1958 година е избран за втор секретар на Регионалниот комитет на Ставропол на Комсомол, а во март 1961 година за прв секретар и на истата позиција ќе остане се до април 1962 година. Новата позиција меѓу другото ќе му овозможи да се движи во нов социјален круг, со врвот на регионалната политичка елита. Со изборот на Михаил за прв секретар на Регионалниот комитет на Комсомол, тој повеќе бил ангажиран во партиските работи. Во март 1962 година, бил избран да го води Регионалниот комитет на Ставропол за управување со три рурални области: Шпаковска, Труновска и Кочубеевска. Изборот за таа функција само му одел во прилог на Михаил. Во 1969 година, Михаил одлучил да се кандидира за прв секретар на Ставроплоскиот регион и во 1970 година бил избран за истата позиција. Со 39 години станал еден од најмладите провинциски секретари. Таа позиција му овозможила да помогне во реорганизација на колективните фарми, подобрување на условите за живот на работниците, ги зголемил приватните парцели и им дал поголемо влијание во планирањето.

Во 1971 година станал член на Централниот комитет на Комунистичката партија ,а три години подоцна, во 1974 година, беше претставник на Врховниот совет на Советскиот Сојуз и претседател на Постојаната Комисијата за младински прашања. Михаил потоа беше назначен на Секретар на Централниот комитет за земјоделство во 1978 година, на местото на неговиот главен подржувач и политички заштитник Фјодор Кулаков, кој почина од срцев удар.

Во 1979 година станал кандидат, а 1980 година и член на Политбирото, новата позиција во КПСС му овозможила на Горбачова повеќе пати да патува надвор од границите на Советскиот Сојуз,а тие патување силно ќе влијаат на неговите политички и социјални убедувања. Во 1975 година ја предводел делегацијата во Западна Германија, во 1983 година советската делегацијата во Канада, каде се сретнал со канадскиот премиер Пјер Тридом и членовите на собранието и сенатот. Во 1984 година тој бил во Велика Британија, на средба со премиерката Маргарет Тачер.

Идеите за неговата идна Перестројка, Михаил Горбачов ги слушнал од говорот на доцент Фјадор Садуков во 1968 година, и влијанието од патувањата во западните земји како приватно така и службено. 11 Март 1985 година, Михаил Горбачов станал Генерален секретар на Политбирото и претседател на КПСС.

# III – Реформите на Горбачов

## 3.1 - Перестројка

Промените кои се случиле кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од XX век довеле до фундаментални промени во светот. Овие промени означиле почеток на една нова геополитичка ера. За формирањето на една ваква политичка слика на светот, ретко кој не би се согласил дека тоа е „ Перестројката " и распадот на Советскиот Сојуз. Сепак дивергенцијата на мислењата за овој феномен е голема и се движи од позитивна до крајно негативна. Распадот на Советскиот Сојуз и на социјалистичкиот систем е причина што радикално ќе се измени структурата и конфигурацијата на политичките сили на глобално ниво. Колапсот на Советскиот Сојуз доведе до униполаризација на светот и значително да се прошират границите на политичкото влијание и доминацијата на единствената останата суперсила САД.

Иако советскиот систем имаше економски застој, сепак никој не очекувал еден систем кој опстојувал повеќе од 70 години и со огромно влијание во геополитичката сцена, толку брзо и тивко да се распадне, со што ги изненадил сите, граѓаните, лидерите и светските набљудувачи. Овој брз пад на социјалистичкиот режим во Источна Европа и распадот на Советскиот Сојуз, кај политиколозите и историчарите, но и кај обичните граѓани се поставува прашањето: - Зошто и како се распаднал Советскиот Сојуз? Процесот на распад на Советскиот Систем е завршен во 1991 година, и покрај големиот број на книги, анализи и статии за овој процес, сепак и после 25 години, сеуште се водат дебати и сеуште се вршат анализи од страна на научници, политички аналитичари и историчари, кои се вистинските причини кои довеле до дезинтеграција на Советскиот Сојуз?

Кога станува збор за новата историја на Источна Европа, не може, а да не се споменат процесите кои се случиле кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од XX век. Една од највлијателните и најважните работи кои се случиле во тие години е распаѓањето на Источниот Блок, а со тоа и на една идеологија која опстојувала и била

влијателна во целиот свет, социјализмот. Следствено на тоа се доведе во прашање и опстојувањето на најголемата социјалистичка земја, Советскиот Сојуз.

Советскиот Сојуз официјално се распаднал на 25 декември 1991 година, денот кога Горбачов ја потпишал декларацијата за распуштање на Советскиот Сојуз, сето тоа се случило брзо и неочекувано, иако Советскиот Сојуз се соочувал со низа на внатрешни проблеми, распадот на сојузот ги изненадил сите граѓаните, лидерите и светот.

Неколку причини можат да се набројат кои довеле до дезинтеграција на Советскиот Сојуз, економската стагнација, воените трошоци, политичката стагнација, национализмот и можеби највлијателната од сите се реформите на последниот лидер на Советскиот Сојуз, Михаил Горбачов.

Советскиот систем во 70-тите и 80 тите години се соочуваше со тешка економска стагнација поради неефикасното централно планирање, технолошки заостанувал од капиталистичкиот Запад. Советската економија не можела да ја задоволи зголеменатата побарувачка на основните производи за широка потрошувачка.

Неизбежната длабока трансформација на тековните социјално–економски и политички односи се должела од една страна на тешката економска ситуација, а од друга на промената на Советската политичка елита. -„Во почетокот на 80-тите години од XX век починале : А.Н. Косигин, М.А. Суслов, Л.И. Брежњев, А. Пелше, Ј. Андропов, Д.Ф. Устинов, К.У. Черњенко – последната група на раководители"[42] кои биле со заштитничка позиција на моделот на социјализам и погледите на светскиот развој кој бил формиран во 30-50 тите години од XX век. За да успее да се ревитализира економијата биле направени систематски реформи на советското општество. Овие реформи, за излез од тешката состојба во која се наоѓал Советскиот Сојуз, ги направил Михаил Горбачов.

Горбачов се сомневал дека поранешните обиди за реформа во Советскиот Сојуз не успеале од нивните половични мерки и недовршени обиди за промена на нивниот партикуларен карактер. Па затоа Перестројката од самиот почеток ја насочувал така за да опфати поголем фронт. Прво започнала со кадровските промени во номенклатурата, потоа ја овозможил Гласноста со што биле остранети политичките стеги и цензурата во

[42] А. С. Барсенков, А. И. Вдовин. „История России". 1917—2004. ЗАО Издательство «Аспект Пресс», 2005 Стр 588

културата, науката и јавните информации. Во некогаш затвореното политички строго контролирано општество, тоа било широка отворена врата кон демократијата.

Во тие шест драматични години, колку што тој бил на чело на Советскиот Сојуз, биле насочени кон демократија, трансформација на економијата и преобразба на надворешната политика.

Првиот негов обид за реформа бил во насока на максимизирање на системот, а не менување на самиот систем. Реформите требаше да ги опфатат сите сфери на општеството.

Горбачов во неговата книга „ Перестројка: ново размислување" образложува зошто била неопходна итна реформа во советското општество. Како една од основните, покрај многу други, е лошата економска ситуација во која се наоѓал Советскиот Сојуз од средината на 70-те години на XX век.

> „Ова стана особено забележително во втората половина на 70-те години, тоа што се случуваше, на прв поглед, тешко е да се објасни. Земјата почна да го губи темпото на движење, се зголемуваа неуспесите во економијата, тешкотиите една по една почнале да се акумулираат и да ескалираат, почнале да се множат нерешените проблеми".[43]

Проблемите кои се јавувале во социо-економскиот живот, во голема мера одговорноста била во слабеењето на раководството на партијата, со што се испуштиле иницијативите за важни општествени процеси, со тоа се нарушиле и природните процеси на промени кое довело до слабеење на работноспособноста на Политбирото и Секретаријатот на Централниот Комитет на партијата, а и воопшто на Централниот комитет на КПСС и партиско-државниот апарат.[44]

Принципот на еднаквост на членовите на партијата бил нарушен, некои членови кои биле на многу високи позиции биле надвор од критика и контрола, тоа довело до грешки во работата и сериозни прекршувања на законот. „Во принцип практичните

[43] Михаил С. Горбачев, - „ Перестройка и новое мышление –для нашей страны и для всего мира ", Москва, идателсьство политической литературы, 1988, стр.13
[44] Ibid. стр.17

активности на партијата и владини преставници заостанувале од барањата на времето и самиот живот. Проблемите се зголемувале побрзо отколку што се решавале "[45]

Пред априлскиот пленум, со сеопфатна анализа на состојбата во економијата, со мислења кои биле добиени од научници и специјалисти се создавале основните идеи и пристап кон политиката на Перестројката. На априлскиот пленум биле изнесени (понудени) основните идеи, повеќе или помалку сложени системски програми за економскиот развој на земјата. Прво од сите прашања е, закрепнувањето на економската состојба и како да се сопрат негативните трендови во оваа област.[46]

Вадим Медведев наведува дека Перестројката започнала во пролетта 1985 година и имала неколку фази:

-Првата фаза го опфаќала периодот од пролетта 1985 година до крајот на 1986 година. (подготовка за Перестројка)

-Втората фаза го опфаќала периодот од почетокот на 1987 година до средината на 1988 година. (почеток на Перестројката)

-Третата фаза, период на кулминација, траела од средината на 1988 година (19 партиска конференција) до средината на 1990 година. (28 Конгрес на КПСС)

-Четвртата фаза или период на криза и пораз на Перестројката, траела од средината на 1990 година до крајот на 1991 година.[47]

Но според Shane Coleman, Перестројката имала три фази:

- Првата фаза или подготвителната фаза од 1985 година до 1987 година. Во овој период имало обид за подобрување на трудот, социјалната дисциплина, анти-алкохолната кампања и новиот закон за контрола на квалитетот на производите, кој бил контролиран од Госприемка. Законот за државните претпријатија имаше примена за да се овозможи поголем простор на колетивните тела. Во овој период се предвидувало и да се инвестира во нови технологии и да се зголеми демократијата на работното место.

- Втора фаза или преодна фаза од 1989 година до 1990 година. Карактеристично за овој период е тоа што претпријатијата ја зголемиле нивната автономија, две третини од

[45] Ibid. стр.18
[46] Ibid. стр.21-22
[47] Vadim Medvedev – Breakthrough To Freedom – Perestroika: A Critical Analysis - „Perestroika's Chance of Success" - R .Valent Publisher, 2009, стр.9

државните претпријатија. Во овој период имало чистење на централната бирократија, се намалил бројот на министрите за 50% во 1989-90 година.

- Трета фаза која требало да трае до 1992 година, ако одело се според плановите, економијата требала да забележи раст, а БДП да се зголеми двојно до 2000 година. Но тоа не се случило.[48]

На вонредна седница на 11 март 1985 година, Громико ја предложил номинацијата на Михаил Горбачов за генерален секретар. Тој во неговото илзгање посочил, ако се размислува за нов генерален секретар на ЦК на КПСС, - „се разбира ќе помислиме на Михаил Сергеевич Горбачов".[49]

Тиханов исто така ја подржувал номинацијата на Горбачов за генерален секретар. Тој во неговото излагање истакнал дека Горбачов би бил првиот генерален секретар кој добро се разбира во економија, - „затоа моето мислење е недвосмислено, еден човек кој е погоден да биде генерален секретар на КПСС е Михаил Горбачов"[50]

Гришин потврдил дека Горбачов најмногу ги исполнувал условите за иден генерален секретар.

Соломонцев го пофалил Горбачов дека тој воведувал ново размислување, нови видувања и предлози, дух со иновации кој другите кандидати едноставно го немале.[51]

Голем дел од членовите на Политбирото имале свое обраќање и сите го подржувале Михаил Горбачов за позицијата за генерален секретар. Можеби еден од најважните гласови во изборот на Михаил Горбачов е гласот на Чебриков или КГБ. Чебриков се консултирал со неговите соработници и тие му сугерирале да го номинираат Михаил Горбачов за нов генерален секретар. Покрај другото Чебриков истакнал дека: - „Вие разбирате дека гласот на КГБ, вредноста на нашиот глас – тоа е гласот на народот" [52]

На 11 март 1985 година на специјалната Пленарна седница на Централниот комитет на КПСС, Михаил Горбачов едногласно беше избран за наследник на Константин Черненко како генерален секретар. Черненко починал претходниот ден. Тоа беше најбрза

[48] Shane Coleman, Perestroika, Student Economic Review Vol. 4 *No.* 1 1990, стр. 94-95
[49] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, глава 8, стр. 61
[50] Ibid. стр. 61
[51] Ibid. стр. 61
[52] Ibid. стр. 63

сукцесија во советската историја по смртта на еден лидер од 1924 година, кога Сталин ја презеде целосната контрола на партијата и власта по смртта на Ленин.[53]

Со 54 години Михаил Горбачов беше еден од најмладите и најобразовани советски лидери. Михаил бил млад и енергичен лидер кој бил подготвен за обнова на општеството и политичкиот живот, за разлика од неговите претходници кои не одстапувале од комунистичката догма. Разлика која постоела меѓу претходните лидери и Михаил Горбачов е тоа што тој не се водел од строгата комунистичката догма, неговите определби биле демократски и либерални. На првата пленарна седница на Централниот комитет, која ја водел, Михаил Горбачов ги дал и првите сигнали за промена. Горбачов бил првиот кој го вовел зборот „Перестројка“ кој првично бил разбран како реконструирање на економијата, но подоцна ќе се прошири неговото значење и ќе го означува целиот период на промените.

1985 година преставува голема пресвртница во советската историја. Со идеите, политиките и реформите кои ги донел, Горбачов, ги прекинал сите односи со претходниот режим. Тој бил во можност да го промени бројот на членови на Политбирото. „На отворање на пленарна седница на 23 април, јас предложив избор на членови на Политбирото, Лигачев, Рижиков и Чебриков, а Никонов за секретар на Централниот Комитет“.[54]

Априлскиот пленум се зема како почетна точка на Перестројката, иако Горбачов неговите нови размислувања ги напоменал во одржаниот говор во март, кога бил избран за генерален секретар. На априлскиот пленум Горбачов само ги потврдил неговите идеи и политики за Перестројката.

> „Во разбирањето на континуитетот на Ленин, неопходна е да се движиме напред, идентификување и решавање на новите проблеми, елиминирање на се што го попречува развојот. Оваа ленинистичка традиција треба строго да ја следиме, со збогатување и развој на нашата партиска политика, нашата главна линија на усовршување на развиено социјалистичко општество“.[55]

[53] Vidya Shankar Aiyar -"Political Change in the USSR 1985-1991", , Centre for Soviet & East European Studies School of International Studies Jawaharlal Nehru University New Delhi, India, 1996 стр. 48
[54] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, глава 9, стр. 6
[55] Ibid. стр. 7

Ги истакнал неговите идеи за стимулирање и економска ефикасност на земјата.

Прашања кои на априлскиот пленум се идентификувани како итни и од витално значење беа станбеното прашање, храната, реформите во образованието, создавање на современа рамка за јавно здравје. Биле утврдени основните насоки за развој на економијата и социјалната сфера. Домашните прашање, особено во развојот на концептот на реформите, биле основните содржини на дискусијата.[56]

Горбачов со своите реформи сакал да создаде пристојни услови за живеење и работа на советските луѓе, да се преорентира економијата кон социјалните потреби на луѓето, да се направи се што се може во општествениот развој на руралните средини, да се создадат нормални услови за живот на руралните работници, подобрување на животниот стандард на населението, да се обезбеди стан или куќа на секое семејство, да се грижи за ветераните од војните, намалување на трошоците за управување, да се инсталира работно социјален пазар, да се воспостави социјалистичко владеење на правото, да се ажурира националната политика и да се решат многу други проблеми.

Изборот на М. Горбачов за генерален секретар на ЦК на КПСС, од голем дел на општеството беше прифатено како сигнал за промени. Првиот говор, патувањата низ земјата на новиот лидер, со неговата необична советска политика ја зголемило надежта кај луѓето. Но како ќе се распространува реформата, така ќе се зголемува и критиката и незадоволството.

Во 1985 година се сметаше дека земјата влегува во нов циклус на модернизација на односите со јавноста за создавање на политичка демократија, демонополизација на економијата. Ваквите промени се направени за да се зголеми нивото на социјална благосостојба и за создавање на социо-економска и политичка удобност.

Во однос со надворешната политика Горбачов бил за спроведување на политика на мир и напредок. Неговите позиции биле многу јасни:

> „Ние сакаме да се прекине наместо да се продолжи со трката на вооружување – затоа нудиме да го замрзнеме нуклеарниот арсенал, да се стопира натамошен развој на проектили, сакаме

[56] Ibid. стр. 9

вистинско и големо намалување на акумулираното оружје, а не создавање на нови системи на оружје".[57]

Во првите месеци како Генерален секретар почнал со реконструкција на раководството на партијата, затоа што 80% од луѓето во Политбирото биле во веќе изминати години и својата политичка кариера ја започнале во времето на Сталин. Тој вовел нова структура на млади политичари, консултанти и советници од кои ќе има подршка за реализирање на неговите реформски идеи.

Во главниот штаб на Михаил Горбачов биле вклучени: помошници на генералниот секретар В.И. Болдин, Н.Б. Бикинин, В А. Медведев, А.И. Лукјанов, филозофот И.Т. Фролов, историчари Г.Џ. Шахназаров и А.С. Черњеев, економисти Л.И.Абалкин, А.Г. Аганбегјан, С.С. Шаталин, Н.Ј. Петраков и др.[58]

До крајот на јануари 1986 година, биле сменети повеќе од 60 секретари на регионалните комитети на ЦК во Републиките на Унијата, исто така и лидерите на партиските организации во најголемите градови во земјата. Било променето раководството во 40 министерства на Советскиот Сојуз. Нови луѓе доаѓале на местата во канцалариите на ЦК. Ваквата кадровска промена значеше дека се продолжува политиката која ја започнал Андропов. Голем број на луѓе од раководните позиици, кои биле над 70 години, биле испратени во пензија.

Значајни промени почнаа да се случуваат и во раководството на вооружените сили. Речиси сите високи воени лидери во средината на 80-тите беа учесници во II Светската војна. Тие беа, како по правило, добри луѓе, професионална армија. Сепак, со малку исклучоци, тие се лица на возраст од 60 до 70 години. Министерот за одбрана Маршал Соколов веќе беше на 73 години. Најзначајната промена во воен персонал се случи во 1987 година, кога Соколов беше испратен во пензија, а на негово место е именуван 64-годишниот Маршал Дмитриј Јазов.

За да се имплементираат новите задачи и решенија на Перестројката, Горбачов извршил кардовски промени на министерските места.

---

[57] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, глава 8, стр. 65

[58] А. Безбородов, Н. Елисеева, В. Шестаков, - Перестройка и крах СССР. 1985 – 1993, Санкт-Петербург, 2010 стр.56-57

На местотот Претседател на Советот на министри на Советскиот Сојуз, Тиханов бил заменет со Рижаков, за претседател на Госплан – на местотот на Баибаков бил поставен Талузин, Нуреев кој бил задолжен за земјоделство, бил заменет од Муракховски, Смирнов, задолжен за одбраната, заменет од Маслиуков. За министер за внатрешни работи бил поставен Власов на местото на Федорчук.[59]

Надворешната политика исто така требала радикално да се реформира, а тоа не било возможно без ажурирање на министерството за надворешни работи. Громико кој бил министер за надворешни работи се надевал дека ќе го задржи министерското место за надворешна политика, но тоа било неприфатливо за Горбачов. По долго размислување Горбачов се определил за Шеварнадзе, кој бил одличен лидер и говорник. Во разговор, за предлогот на Горбачов за нов министер за надворешни работи, во кој учествувале Чебриков, Лигачев, Громико, Горбачов заклучил дека Едуард Шеварнадзе е несомнено извонредна личност. Политички поткован, образован, ерудит. Работел во тешко време во Грузија, со голема политичка кариера како Секретар на ЦК на Комунистичката партија на републиката и бил член кандидат за Политбирото. Имал иновативна позиција за надворешната и внатрешна политика на земјата.[60]

На 1 јули на пленарна седница на Централниот комитет, Шеварнадзе беше избран за член на Политбирото, наредниот ден на седница на Врховниот совет тој бил назначен за министер за надворешни работи на Советскиот Сојуз, а Громико бил избран за претседател на Президиумот на Врховниот Совет на Советскиот Сојуз.[61]

На пленумот кој се одржал во јули, од функцијата член на Политбирото и секретар на ЦК бил разрешен Романов. За секретари на ЦК биле избрани Елцин и Заиков, за шеф на оделот за пропаганда - Александар Јаковлев, шеф на генералниот одел – Александар Лукјанов. Било одлучено Тиханов, кој бил на 80 години и се наоѓал на чело на владата, да се пензионира. За ова место се пријавиле многу луѓе, но сепак изборот се намалил на две имиња Рижаков и Лукјанов.[62] Рижаков станал премиер на Советскиот Сојуз.

Горбачов бил задоволен од начинот на кој сораработувале. - „Рижаков беше мојот прв соработник, тогаш постапувавме на ист начин, и без разлика на се што се случи

[59] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы“- книга 1, “Новости“, Москва, 1995, глава 9, стр.16
[60] Ibid. стр.19
[61] Ibid. стр.19-20
[62] Ibid. стр.20

подоцна, за ова партнерство и понатаму сум му благодарен.[63] Економијата, се разбира, беше и е наша главна грижа".[64]

Клучен настан од 1988 година, а може да се каже и за Перестројката, беше XIX партиска конференција и XXVII конгрес, кога земјата почна да навлегува во целосна трансформација. На конференцијата требало да се разгледаат главните прашања за надворешната и внатрешната политика, да се анализира напредокот на реформата, неопходноста од совијални пренасочувања на економијата. Но сепак во преден план и во центарот на дискусијата биле политичките реформи, функцијата и структурата на власта – законодавна, извршна, судска и преструктуирањето на партијата.[65]

На 1 декември 1988 година, Врховниот Совет на Советскиот Сојуз го усвоил законот „ за изменување и дополнување на Уставот на Советскиот Сојуз" и „ Избори за Народни заменици на Советскиот Сојуз", како и Декрет за понатамошни чекори за спроведување на политичките реформи. Врховниот совет на неговата наредна седница требал да ги донесе амандманите кои се однесувале на органите на власта, да ги објави изборите, да свика конгрес на пратениците на луѓето и наредната година да се изгради нова структура на владини тела. Со тоа требало да се заврши со формирањето на структурите на државната власт и јавната администрација.

Горбачов спроведувал длабока политичка реформа, која се сконцентрирала на промена на партијата и државниот врв. Ваквите интензивни промени во Советскиот Сојуз со внимание се следеле од светот. На 30 септември, Горбачов ги преставил неговите предлози на Пленумот на Централниот комитет, следувала трансформација на Централниот комитет и Политбирото. Биле сменети неколку членови на Политбирото, Громико и Соломоцев биле ослободени од должностите. На Пленумот Горбачов препорачал да се избере и претседател на Президиумот на Врховниот Совет на Унијата.[66]

[63] Ibid.стр.21
[64] Михаил С. Горбачев, - „ Перестройка и новое мышление –для нашей страны и для всего мира ", Москва, идателсьство политической литературы, 1988, стр.23
[65] Вадим А. Медведев. – „В команде Горбачева: Взгляд изнутри", Еылина, Москва, 1994, http://lib.misto.kiev.ua/MEMUARY/GORBACHEV/medvedev.dhtml
[66] Ibid.

Исходот од гласањето на Пленум: Горбачов беше избран на функцијата претседател на Врховниот Совет на Советскиот Сојуз, Лукјанов за негов заменик и Рижаков за Претседател на Советот на министри.[67]

## 3.2 - Економијата за време на Перестројка

Годините од 1985 година до 1991 година кореспондираат со период во кој Советскиот Сојуз се наоѓал во економска рецесија, каде просечниот раст на БДП по жител изнесувал – 1,3 %.[68]

Со доаѓањето на Михаил Горбачов на местото генерален секретар, започнал и периодот на Перестројката. Економските реформи биле спроведувани со цел длабоко да се промени советскиот систем.

Главни цели на реформите со Перестројката биле да се запре трендот на забавување на советската економија и да се подигнат стандардите на живот на населението. Горбачов сметал дека овие две меѓусебно поврзани цели можеле да се постигнат преку резолуција на олабавување на дисциплината и промена на начинот на усогласување на економскиот систем. Советското раководство излегло со мислење дека крутото централно планирање требало да се смени со одреден степен на децентрализација каде било потребно и директно учество на работниците во управувањето на претпријатијата.

Повеќето радикални промени во моделот на функционирање на советската економија, кои биле наметнати од Перестројката, биле за создавање на приватен сектор и воведување на пазарна економија.

Во тие пет години, колку што траеше Перестројката, Советскиот Сојуз воведе многу нови мерки во економската политика и радикална реформа со цел да се намали обемот на централното планирање, да се активираат пазарните механизми, мобилизирање на ресурсите, зголемување на продуктивноста и поголема интеграција на советската економија во светската трговија за да го продолжи и зголеми економскиот раст.

[67] Ibid.

[68] Franklin Serrano, Numa Mazat - An analysis of the Soviet economic growth from the 1950's to the collapse of USSR, стр.24

На состаноците на Политбирото, во првите месеци од доаѓањето на Горбачов на власт, биле донесени резолуции за развој на нафтената и гасна индустрија во Западен Сибир, за зголемување на производството и воведување на компјутерска технологија во производството. За спроведување на ваквите цели се формирала посебна комисија на Централниот комитет на КПСС и Советот на министри на Советскиот Сојуз. Истовремено се формирале и комисии за контрола на производството во повеќе индустрии, но било одлучено да се формира Државна агенција за контрола на квалитетот на производството (Госприемка) во која учество земале сите комисии од поголемите индустрии. Воведувањето на Госприемка не довело до саканите резултати.

Ваквите одлуки на Горбачов и на Политбирото биле административни и бирократски, па затоа се одлучило да се формира друга голема агенција Госагропром, во која влегле 5 министерства, е новата агенција која го водела целиот земјоделски сектор на Советскиот Сојуз. Покрај производството била одговорна и за преработката на земјоделските производи, земјоделските науки, трговија. Исто така ,Госагропром имал право да дефинира и цели и да распределува инвестиции во неколку сектори на советската економија. За водење на ова супер министерство бил избран Всеволод Мураховски.

Ваквата тртансформација не донела некои резултати, само бил зголемен бројот на лица кои биле ангажирани во управувањето на агробизнисот, нивниот број се зголемувал побрзо од обемот на производство.

„И покрај сите апели и слогани да се забрза развојот на економијата, бруто националниот доход во Советскиот Сојуз во 1985 година се зголеми, според официјалните податоци, само 2,3%. Ова беше под просечната годишна стапка на растот на економијата во 1981 година до 1984 година, па дури и пониски стапки на раст од 1976 година до 1980 година. Индустриското производство се зголемило во текот на годината за 3,5%, земјоделството само 0,2%. Во Советскиот Сојуз во 1985 година, се забележало само 2% зголемување на продажбата на мало, а надворешната трговија се намалила за 1%. Ниту еден од најважните показатели на планот за економски развој за 1985 година не бил исполнет“[69].

---

[69] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

Подготовките за концептот на реформите, кои требало да се изнесат во наредниот Пленум на Политбирото и конгрес на Комунистичка парија, се изведувале од две работни групи. Една во Волин, во која биле вклучени научници и членови на Комунистичката партија, - Медведев, Анчишкина, Аганбегиан, Абалкин, Ситаријан, Можина, Бикенин, Ожерелева, подоцна биле вклучени и Павлов, Попов и Белоусов.[70]

Во исто време Владата, со учество на Слинков, работела на пакет на решенија за конкретни елементи на економските механизми, и кога биле подготвени овие документи биле доставени до Политбирото.[71]

Значајни промени во економската политика на КПСС ќе се забележат на XXVII конгрес кој се одржал од 25 февруари до 6 март 1986 година, каде биле донесени директиви за главните насоки за економски и социјален развој на Советскиот Сојуз од 1986 година до 1990 година, но и програма за развој на Советскиот Сојуз до 2000 година.

Во 1986 година економската ситуација во земјата значително се подобрила, со позитивното влијание на Перестројката, се зголемила дисциплината и организацијата на работниците. Како резултат на тоа имало зголемување од 2,4% до 3,3%, на бруто-домашниот производ, од 3,4% до 4,4% на индустриското производство, од 0,2% до 5,3 на земјоделството.[72]

Во излагањето на Горбачов на конгресот се забележува промена во економската политика кој ја предложил претходно, односно забрзување на социо-економскиот развој. Ваквата промена следувала поради бавното решавање на проблемите. Горбачов во неговиот извештај предлагал радикални промени во економијата, намалување на прекумерната централизација и бирократија, зголемување на независноста на претпријатијата чија работа треба да се заснова на самофинансирање и создавање на многу мали и средни претпријатија, а не на гиганти за кои е потребно многу финансии и години за изградба, модернизација и реконструкција на претпријатијата, неопходноста од производство на производи за широка потрошувачка во зависност од побарувачката на пазарот и од проценките на претпријатијата.

[70] Вадим А. Медведев. – „В команде Горбачева: Бзгляд изнутри", Еылина, Москва, 1994, http://lib.misto.kiev.ua/MEMUARY/GORBACHEV/medvedev.dhtml
[71] Ibid.
[72] Ibid.

Свое излагање имал и премиерот Н. Рижаков кој се осврнал на економскиот развој на Советскиот Сојуз до 2000 година. Во неговиот извештај наведувал раст на БДП за 4% на годишно ниво, ако се земе во предвид дека растот на БДП во периодот од 1981 година до 1985 година изнесувал 3,5% на годишно ниво, не било некое значајно зголемување. Но тој наведува дека во наредните години се предвидувало и зголемување на 5% и за 15 години би можело да обезбеди двојно зголемување на БДП, продуктивноста на трудот и животниот стандард да са зголеми за 2,5 пати.

Под цврста централизација останал и обемот на производство и неговата номенклатура. Се забележувал трендот на владините проекти за одложување на времето за реформација на цените, транзицијата со трговија на големо со средства за производство. Транзицијата кон тоа не била можна ако не се надмине дефицитот во ресурси.[73]

Неколку месеци по завршувањето на XXVII конгрес на артијата, во Советскиот Сојуз започнала интензивна политичка кампања против т.н незаработен приход. По иницијатива на централниот комитет на КПСС на 15 мај 1986 години е усвоена резолуција „На мерки за зајакнување на борбата против незаработениот доход" и на 23 мај истата година со специјален указ на Президиумот на Врховниот совет на Советскиот Сојуз, тој стапил во сила. Овој закон не бил во целост прецизиран. Ваквите мерки ги ограничиле или ги ставиле под целосна контрола изнајмувањето на приватни станови и куќи, приватните превозници, се ограничило домашното производство на градинарски култури, се ограничила или се забранила секоја работа која не била оданочена. Поради ваквите забрани кои ги спроведувала власта, во многу региони во земјата се намалила пазарната трговија, во северните делови од земјата малите пазари целосно престанале да работат, а во јужните и централните значајно се намалила. Цвеќарството, кое претежно функционирало како приватна сопственост, исто така многу се ограничило и од тоа производство и најмногу била погодена Краснодарската област. Лошата економска состојба и сега со ваквите мерки со кои се лишувале луѓето од заработка, незадоволството од власта кај луѓето било се поголемо. Шест месеци по донесувањето на законот против незаработениот приход, тој бил откажан, иако траел кратко, сепак штетите кои биле

[73] Ibid.

нанесени на економијата биле големи, не споменувајќи ја и катастрофата во Чернобил која се случила истата година.

Со неколку социјални решенија, како што е зголемување на одморот, породилното отсуство, проширување на категориите на лица за бесплатни лекови и здравство и друго, накратко се зголемила довербата на јавноста во однос со реформите.

Одредени закони со кои се предвидувало да се спроведе програмата од реформата, државните претпријатија добиле поголема автономија со законот за јавни претпријатија кој бил донесен во 1987 година, било дефинирано дека централните планови станале индикативни и не биле задолжителни. Законот овозможувал значителни обвластувања на претпријатијата, а се минимизирала одговорноста на државата.

Со ваквите мерки советските претпријатија добиле слобода сами да ја утврдуваат природата на нивната работа, системот на цени не бил целосно контролиран од Госплан, со што се овозможувало и слободно формирање на цените од самите претпријатија, иако цените на основните и стратешки стоки како енергијата, суровините, здравство ,останале под контрола на државата. Советските претпријатија можеле слободно сами да одбираат купувачи за нивните производи.

Самофинансирањето на претпријатијата со добивката која ја задржувале и со кредитирање од банките, исто така било усвоено и воведување на работниците со управување на претпријатијата, се со цел да се создаде мотивациски ситем со кој би се решил проблемот со работната дисциплина. Трудовите комисии или совети кои биле избирани од вработените во претпријатијата, биле одговорни за дисциплината, одредување на висината на платите, распределба на добивката и потикнувачките средства за вработените.

Автономијата на државните претпријатија имала негативни последици на работењето на Советскиот економски систем. Се дезорганизирала координацијата која претходно била органзирана од Госплан, која постепено ја губел контролата за текот на советската економија. Трудовите комисии користејќи ја предноста од автономијата на претпријатијата, ги зголемувале фондовите за потикнување на работникот на сметка на инвестициите, така со задржување на добивката од страна на претпријатијата, потикнувачките средства од 82% во 1988 година се зголемиле на скоро 95 % во 1989

година. Најголемиот дел од овие поттикнувачки средства биле искористувани за зголемување на платите.

Штрајкови во Советскоит Сојуз биле дозволени благодарени на Гласноста, тоа резултирало со бран на штрајкови на работниците кои довеле до други зглемувања на платите. Советскиот систем се повеќе наликувал и се однесувал како капиталистичката економија. Позицијата на шефовите ќе биде нарушена, а самоувереноста на работникот ќе расте. Со штрајковите за зголемување на платите и подобрување на условите за работа само се создавале тензии. Забрзаниот раст на платите, во контекст на растечките недостатоци, го влошил проблемот на вишокот на побарувачка во Советскиот Сојуз, а тоа ќе придонесе и за зголемување на инфлацијата на земјата.

Пред донесување на законот од 1987 година, Советскиот Сојуз имал целосна контрола над претпријатијата, а со тоа и приходите кои ги имал од нив ги обезбедувал потребните средства за централниот буџет. Ситуацијата целосно ќе биде променета со добивање на автономија на претпријатијата, државата не можела да ги надополни потребните сретсва во буџетот, бидејќи голем дел од приходите на претпријатијата останувале за зголемување на поттикнувачките сретства за работникот, а со тоа се намалувала и добивката која била наменета за државниот буџет, а се зголемувал државниот дефицит. „Според официјалните податоци, државниот дефицит на буџетот, кој во 1985 година изнесувал 1,4 милијарди рубљи, се зголемил во 1987 година на 52 милијарди рубљи, а во 1988 година надмина 80 милијарди рубљи.“[74]

Законот за индивидуалните работни активности кој бил одобрен во 1986 година, бил првиот чекор во насока за создавање на приватниот сектор во Советскиот Сојуз, но сепак неговиот обем бил ограничен. Истовремено требало да се започне со постепена транзиција на трговија на големо со средства за производство, обнова на финансискиот и кредитниот капитал, да се подготви реформата за цените. Со тоа требаше да се започне со процесот на транзиција кон нови методи на управување на претпријатијата, и зголемување на правата на ресорните министерства.[75]

[74] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

[75] Валим А. Медведев. – „В команде Горбачева: Бзгляд изнутри“, Еылина, Москва, 1994, http://lib.misto.kiev.ua/MEMUARY/GORBACHEV/medvedev.dhtml

Новиот законот за трговски друштва ,кој бил усвоен од страна на Врховниот совет на 30 јуни 1988 година, стапил на сила од 1 јануари 1989 година.[76]
Законот за претпријатијата (задругите), преставуваше вистинско раѓање на приватниот сектор. Во согласност со тој закон, задругите можеле да функционираат како приватни претпријатија, тие можеле да се вклучат во кредитните активности, тие го сочинувале ембрионот на системот за приватни финансиски институции, имале пристап до надворешната трговија и можеле да задржат дел од своите приходи од извоз за нивните потреби за увоз. Задругите можеле да учествуваат во заеднички вложувања, а тоа значеше дека приватниот сектор е воведен во советскиот систем. Големината на приходите не бил ограничен, задругите можеле да ги продаваат или позајмуваат своите средства за производство, тоа требало да се контролира од централната власт. Задругите биле слободни да ги поставуваат нивните цени, кооперативите биле намалени за формирање на мали бизниси за обезбедување на стоки и услуги кои не се нуделе од големите државни претпријатија. Задруги имало од сите видови на активности и многу од нив станале големи компании и работеле во трговијата и финансиите. Со законот за задругите се овозможило да се родат многу капиталистички фирми. Овој модел се покажал успешен во пракса, „до јули 1989 година. не цела година од донесување на законот, имало три милиони луѓе вработено во задругите, до крајот на 1991 година тој број бил нешто повеќе од 6,2 милиони луѓе“[77].

Многу задруги биле создадени од страна на менаџерите и вработените. Во државните претпријатија, тие во пракса купувале производи кои се произведувале во нивните претпријатија ,и обработувале, без некоја значителна промена, и ги продавале по многу повисоки цени. Со таквата практика се придонело да се зголеми уште повеќе недостатокот на стока за широка потрошувачка во Советскиот Сојуз. Голем број на менаџери на државни претпријатија станале вистински капиталисти, тие успеале да акумулираат големо богатство, а ваквата акумулација на богатство во рацете на менаџерите се зголемила благодарение на децентрализацијата на надворешната трговија. Во декември 1988 година бил донесен декрет за надворешна трговија на државата и

[76] Ibid.
[77] Franklin Serrano, Numa Mazat - An analysis of the Soviet economic growth from the 1950's to the collapse of USSR Стр.28

соработка со други претпријатија. Со овој декрет била остранета државната контрола на странската трговија, со што се овозможило задругите да можат да купуваат суровини, метали, нафта и друго од државата за ниски цени и да ги продаваат во странство. Тоа се покажало како многу профитабилно, некои менаџери многу се збогатиле со што се формирала група на капиталисти, за кои било од суштинско значење продолжувањето на капитализмот во Советскиот Сојуз, за да опстојат нивните нови бизниси.

Таквата група на капиталисти одиграла централна улога во распадот на Советскиот Сојуз, тие биле главните финансиери на прокапиталистичката коалиција и ја продлабочувале економската нерамнотежа во Советскиот Сојуз.

Делумната слобода на државните претпријатија да формираат цени на нивните производи, а од друга страна автономните задруги, се нарушил системот на советската дистрибуција. Државните претпријатија и задругите ја искористиле слободата за формирање на цените, тие ги зголемиле, а тоа резултирало со поголем профит. Со зголемувањето на профитабилноста и нивната автономија, задругите и државните претпријатија можеле да ги зголемат платите на своите вработени. Слободата на образување на цените на производите довело до разлика во платите во државните претпријатија, задругите како целосно автономни, нуделе поголеми плати, задругите нуделе 2,5 пати повисока плата од државните претпријатија. Проблемот кој се јавил од ваквото автономно формирање на цените е разликата во приходите кај работниците, во зависност од претпријатија, ќе предизвика незадоволство.

Структурата на надворешната ранливост се влошила за време на Перестројката. Светската цена на нафтата во 1986 година нагло се спуштила и останала многу ниска, тоа имало импликации во советскиот платен баланс, кој се влошил. Состојбата станувала се повеќе неиздржлива, што во 1989 година производството на нафта во Советскиот Сојуз се намалило. Како последица на тоа е и намалувањето на извозот на нафта, а со тоа се зголемувал и дефицитот во тековната сметка на билансот, дефицитот се зголемувал и од зголемувањата на домашните потреби од стоки за широка потрошувачка и земјоделски производи кои не биле доволно достапни на пазарите. Во 1991 година извозот бележи пад од 33%, а увозот се намалил за 44% за разлика од 1990 година.

Со крајот на комунизмот во Централна и Источна Европа, својот крај го имал и КОМЕКОН[78], тоа негативно влијаело на советската надворешна трговија. Влошувањето на тековниот платен биланс и лошата внатрешна економија, довело до брза деградација на условите за надворешно финансирање. Надворешниот долг на Советскиот Сојуз се зголемил од 14,9 милијарди долари во 1985 година, на 45,4 милијарди долари во 1991 година, тоа се должи и на зголемените каматни стапки и пократките рокови за исплаќање на кредитите. Советскиот Сојуз морал да користи злато и девизни резерви, но и тоа не било доволно за финансирање на долгорочниот дефицит на платниот биланс. Западните приватни банки целосно ги намалиле кредитните линии на почетокот на 1991 година, а Советскиот Сојуз, од 1989-90 година безуспешно се обидувал да земе заеми од други држави, притоа ветувајќи политички и дипломатски компромиси.

До крајот на 1991 година советското злато и девизни резерви биле исцрпени, Советскиот Сојуз се наоѓал во драматична економска ситуација. Не можеле да се задоволат основните домашни потреби, недостигале стоки за широка потрошувачка и земјоделски производи, централната власт почнала да ги губи обвластувањата која ги имала во економскиот и политичкиот систем. БДП по глава на жител кој бил намален за 3,1 % во 1990 година бележи пад од 6.8 % во 1991 година. Инфлацијата не можела да се држи под контрола, платежниот систем бил потполно неорганизиран. Појавата на капиталистички маркети во Советскиот Сојуз биле овозможени од големата акумулација на богатство на привилегирана група на државни менаџери. Советскиот дистрибутивен систем станал нееднаков.

Намерата на повеќето политички лидери била да се реализира транзицијата кон пазарна економија. Перестројката го уништила советскиот систем, бидејќи Горбачов никогаш немал конкрентна програма на реформи. Перестројката била реактивна и

[78] КОМЕКОН,(Совет за заемна економска помош {СЗЕП}), организација формирана во јануари 1949 година за олеснување и координирање на економскиот развој на земјите од Источна Европа кои припаѓале на советскиот блок. КОМЕКОН бил формиран од Советскиот Сојуз, Бугарија, Чешка, Унгарија, Полска и Романија. Во февруари 1949 година се приклучила и Албанија, нејзиното активно учество било до крајот на 1961 година. ДР Германија се приклучила во септември 1950 година, НР Монголија во јуни 1962 година. Во 1964 година бил склучен договор и со Југославија, Куба пристапила во 1972 година и како последна членка во 1978 година, Виетнам. Седиштето на КОМЕКОН било во Москва. По демократските револуции во 1989-90 година во Источна Европа, организацијата во голема мера ја изгубило својата цел и моќ. Од 1991 година организацијата ја променила нејзината помитика и го променила името во Организација за Меѓународна Економска Соработка.

фрагментирана, секоја реформа била одговор на притисоците кои се создавале од претходната фаза на реформите.

Сецесинистичките движења и афирмацијата на локалните политички лидери, се повеќе го распаѓаат Советскиот Сојуз. Делумно парализираната трговија помеѓу републиките многу повеќе ја влошила и така лошата економска состојба. Таквиот процес на дезинтеграција на политичкиот и економскиот систем завршил на 25 декември 1991 година кога и Советскиот Сојуз официјално се распаднал.

## 3.3 - Анти-алкохолна кампања

Прва реформа на новиот генерален секретар била анти-алкохолната кампања. Тоа не било прв обид за справување со алкохолизмот, првата кампања против алкохолизмот била спроведена од 1917 година до 1923 година кога се забранило производството на алкохол и на сите алкохолни пијалоци. Друга ваква реформа била спроведена во 1929 година која иницирала масовно затварање на продавници, барови и многу пивници. Во 1958 година се забранила продажбата на вотка во сите угостителски објекти, исклучок имало за оние ресторани кои се наоѓале покрај железничките станици, аеродромите и сл.

Но секако најпозната анти-алкохолна реформа е направена во 1985 година од страна на Михаил Горбачов. Причини за кои се воведува една ваква кампања, биле големиот број на смртни случаи како последица од алкохолизмот, семејни трагедии, повреди на работното место и зголемениот притисок од јавноста кон Партијата и Владата за справување со злоупотребата на алкохолот и алкохолизмот.

Како што забележува Михаил Горбачов во неговата книга „ Живот и реформи“, „Во земјата имало 5 милоини регистрирани алкохоличари. Според Институтот за социологија на Академијата на науките на Советскиот Сојуз, економските загуби од пијанство на годишно ниво се проценувале од 80 до 100 милјарди рубљи“.[79]

Бројки кои не биле за занемарување. Иницијатори за воведување на анти-алкохолната кампања биле М.С. Соломентцев и Е.К. Лигачев кои биле уверени дека

[79] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы“- книга 1, “Новости“, Москва, 1995, Глава 11, стр. 7

причина за стагнацијата на економијата е зголемената бројка на алкохоличари и корисници на алкохол.

Прв од министрите кој бил повикан на разговор кај новиот Генерален секретар бил искусниот 74-годишен министер за финансии на Советскиот Сојуз, Василиј Ф. Гарбузов. Тој на таа позиција бил од 1960 година, најдолго од било кој министер во историјата на Русија и Советскиот Сојуз. Главно барање на новиот Генерален секретар од министерството за финансии е да се најдат дополонителни извори на приход во буџетот, кој ќе ги замени приходите од продажбата на алкохолни пијалоци. Министерот Гарбузов и неговите соработници понудиле многу предлози за нови извори за приход, но не биле ефикасни. Приходите кои биле добиени од продажбата на алкохол од 1980 – 1984 година, изнесувале околу 70 милиони рубљи, и да се замени тој голем приход не било лесно. Но сепак тоа не го спречи Горбачов,[80] да пшоднесе иницијатива за справување со алкохолизмот.

На 7 мај 1985 година била поднесена иницијатива до Централниот Комитет и Владата за донесување на одлука за справување со алкохолизмот. 16 мај 1985 година,[81] Политбирото и Централниот комитет донеле резолуција „Мерки за надминување на пијанството и алкохолизмот", или познат како „Сув Закон". Со таа резолуција и други директиви кои биле донесени од страна на Централниот Комитет и Президиумот на Врховниот совет, била една од најстрогите анти-алкохолни политики од 1917 година, кога алкохолот бил забранет. [82]

Оваа политика или кампања се спроведувала со неколку мерки со цел зголемување на цената на алкохолот, намалување на потрошувачката на алкохол, да се подобри здравјето и зголемување на ефикасноста на пазарот на трудот и производството, субвенционирање на рекреативни и други активности. Прва мерка која била превземена е драстичното намалување на производство на алкохол, со која владата ги смалила приходите од продажба на алкохолни пијалоци.

[80] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html
[81] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, Глава 11, стр. 9
[82] Jay Bhattacharya, Christina Gathmann, and Grant Miller - "The Gorbachev Anti-alcohol campaign and Russia's Mortality Crisis", Ifo/CESifo and University of Munich Conference on Empirical Health Economics, December, 2011, стр.7

Во периодот од јуни 1985 година до мај 1986 година, проиузводството на вотка и други жестоки пијалоци се намалил за 30% - 40%, а производството на коњак за 44%".[83] Било ограничено времето за продажба на алкохол, на маркетите не им било дозволено да продаваат аклохолони пијалоци пред 14:00h, а можеле да продаваат до 19:00h. Угостителските објекти во работните денови не смееле да служат жестоки пијалоци. Зголемени биле и возрасната граница за купување на алкохолни пијалоци, од 18 години на 21 година. Продажбата на алкохол во близина на фабрики, образовни институции, болници исто така била забранета. [84]

Претходно, алкохолни пијалоци можеле да се купат во неограничени количини во секое време и во секоја самопослуга, сега продавници кои продавале алкохол биле строго дефинирани, и тие биле неколку. Секој потрошувач можел да купи само по едно, најмногу две шишиња истовремено. Пред ваквите продавници имало огромни редици, стотици граѓани чекале по цел ден.[85]

Буџетскиот приход од продажба на алкохолни пијалоци се намалил во 1986 година на 36 милијарди рубли - 2 пати во споредба со 1984 година, сепак, и во 1986 и 1987 година. Владата продолжува со зајакнување на административниот притисок и репресија. Беа преземени мерки за целосен прекин на производство на овошни вина., а производството на пиво е намален за 4 пати, и многу пиварници се запрени.

„Владата значително ги зголемила цените на алкохолните пијалоци, во 1985 година цената на вотката, коњакот и ликерите била зголемена за 25%, наредната 1986 година следело ново покачување за уште 25%."[86] Биле воведени тешки казни и санкции, за интоксикација на работно место следувала казна од една до две неделни плати и отпуштање, производство и поседување на опрема за производство на алкохол било казниво со многу големи парични казни и затвор.

Другите мерки кои биле спроведувани биле фокусирани на намалување на побарувачката на алкохол и субвенционирање на рекреативни активности. Сите советски административни области требало да изградат и да ги модернизираат веќе постоечките

[83] Ibid. стр7
[84] Ibid. стр.7
[85] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html
[86] Jay Bhattacharya, Christina Gathmann, and Grant Miller - "The Gorbachev Anti-alcohol campaign and Russia's Mortality Crisis", Ifo/CESifo and University of Munich Conference on Empirical Health Economics, December, 2010, стр.7

рекреативни објекти и да се промовираат културните активности. Медиумската кампања за здрав живот била зголемена, а и здравствено-образовните емисии, но затоа се забранувало рекламирање и прикажување на конзумирање на аклохол.

Третманите за алкохолизам биле значително подобрени, лекувањето од алкохолизам било задолжително со лекарски надзор од 5 години. Продажбата на алкохол во државата од 1984 година до 1988 година била намалена повеќе од 50%.[87]

Анти-аклохолната кампања доживеала неуспех поради нејзината непопуларност кај населението и намалување на приходите во буџетот за 200 милиони рубљи. Централниот Комитет, анти-алкохолната кампања официјално ја завршил во Октомври 1988 година, но сепак кампањата се продолжила и неофицијално траела до 1991 година, затоа што цените на алкохолот останале покачени за околу 75% од воведувањето на анти-алкохолната кампања, одредени ограничувања за продажба на алкохол останале непроменети и потрошувачката на алкохол не се вратила на нивото на кое било пред кампањата.

Анти-алкохолната кампања имала свои позитивни придобивки, се намалил бројот на кривични дела врз основа на пијанство, бројот на кражби исто така, административните казни за прекршување на анти-алкохолната кампања биле намалени. Се намалил и бројот на смртни случаеви од алкохолизам.[88]

Многу од договорите за набавка на алкохолни пијалоци од други држави биле раскинати. Возовите со вино од Унгарија, коњакот од Бугарија, танкерите со суво вино од Алжир и други биле вратени назад. Поради прекршување на договорите, Советскиот Сојуз имаше загуби во милијарди.

Покрај намалениот приход во буџетот, негативно анти-алкохолната кампања се одразила на производителите на винова лоза, големи површини на винова лоза биле уништени, голем број на винарии биле затворени поради намалената побарувачка на вино.

И покрај моралната и хумана природа на оваа реформа, таа сепак не успеала во нејзината цел. Михаил Горбачов и самиот признава во неговите мемоари дека анти-алкохолната кампања била груба и негативно се одразила на неговата репутација.

Михаил Горбачов поради непопуларната анти-алкохолна кампања се здобил со прекарот „ минерален секретар“.

---

[87] Ibid. стр. 8

[88] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы“- книга 1, “Новости“, Москва, 1995, Глава 11, стр.11

## 3.4 - Чернобил

Во светската, особено во советската историја 1986 година ќе биде запаметена како година во која се случила најголемата нуклеарна катастрофа.

Катастрофата во Чернобил имала големо влијание во целиот свет, почнувајќи од економијата и научно-технолошката политика во сите развиени земји, и после 30 години од случувањето на катастрофата сеуште се одржуваат различни научни конференции и меѓународни средби.

„Во септември 2005 година, бил издаден сеопфатен извештај за влијанието од експлозијата и уништувањето на четвртиот реактор во нуклеарната централа во Чернобил. Извештајот бил подготвен од Чернобилскиот форум на Обединетите Нации, вклучени биле повеќе од 100 научници, осум агенции на ОН и владите на Русија, Украина и Белорусија“.[89]

Во извештајот се наведува големата количина на радиоактивнои честички кои биле ослободени во првите 10 дена од катастрофата. Бројот на жртви во првите денови не бил голем, но десетици илјади луѓе биле изложени на преголемо радиоактивно зрачење и скоро сите починале до 10 јуни 1986 година. Во извештајот на ОН се проценува дека имало 50 смртни случаи во првиот ден, претежно вработени во нуклеарната централа и пожарникари. 600 000 директно биле изложени на радијација од кој 4000 починале од рак како последица од зрачењето. Сепак бројот на луѓе кои ја чувствувале и имале последици од радијацијата се проценува на 5 милиони.

100 000 километри квадратни биле погодени од големо радиоактивно зрачење, 25% од територијата на Белорусија, 5% од Украина и 0,05% од Русија. Зголемена радијација во атмосферата била забележана во земјите од Балтикот, Шведска, Финска, југоисточна Евроа и Турција. 135 000 луѓе биле евакуирани од погодената област.

За справување со последиците од катастрофата, Советскиот Сојуз имал огромни трошоци, до крајот на годината биле потрошени 20 милјарди долари, а во текот на

[89] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

неколку години 70-80 милјарди долари, ваквите бројки сериозно влијаеле и на така лошата советската економија.

„Првата експлозија на реакторот се случила во 1ч и 23 минути на 26 април 1986 година."[90] Причини кои довеле до експлозијата е пожарот кој избувнал на инсталацијата во контролната соба. Пожарот брзо се проширил, а со тоа во опасност од уништување бил целиот погон, но благодарение на брзата реакција на противпожарната единица тој бил локализиран после неколку часови и во 6 часот и 40 минути бил целосно изгаснат.

Како причини за катастрофата се грешките во работењето, лошиот дизајн на реакторот и неискусниот персонал.

Политбирото за катастрофата која се случила во Чернобил дискутирала на 28 април, на состанокот со кој раководел Горбачов, биле повикани атомски научници, А.Александров директор на Институтот за атомска енергија, академик Е.Велихов и еден од создавачите на нуклеарен реактор, В.Легасов. Се формирала оперативна група на Политбирото, која била предводена од Н.Рижако,, а ја сочинувале, Воротников, Лигачев – членови на Политбирото, Чебриков – претседател на КГБ, Суслов- министер за одбрана, Власов – министер за надворешни работи. Јаковлев бил задолжен за односи со јавност и медиуми за сите информациите од Чернобил. Овок комитет својата прва работна седница ја имал на 1 мај 1986 година.

Медиумите во Советскиот Сојуз, на денот на несреќата, добиле краток извештај од властите. Во почетокот на медиумите не им било дозволено да бидат на местото на настанот. Од 1 мај, почнале во медиумите да се појавуваат подетални информации за несреќата, бидејќи на одредени дописници им бил дозволен пристап на местото на настанот, но сепак сите извештаи и дописи доминирала шемата на хероизам и пожртвуваност, но не и невниманието, грешките и последиците од несреќата. Секој извештај кој требало да се пренесе во јавноста бил цензуриран, имало голема контрола на протокот на информации особено од властите во Украина.

Прва официјална посета на Чернобил од преставниците на Централната власт имало на 2 мај, Н. Рижиков и Е. Лигачев го посетиле местотот на настанот и имале средби со комисијата од владата која била таму. Земајќи го во предвид мислењето на хемичарите

[90] Ibid,

и физичарите, било одлучено да се евакуира целото население во ширина од 30 километри од нуклеарната централа, се евакуирале околу 200 населени места.

Огромни последици од катастрофата претрпело земјоделството во Белорусија, Украина и дел од Русија. Имало огромни ограничувања на производството и потрошувачката на земјоделски производи, од кои ограничувања биле погодени повеќе од 75 милиони луѓе. Огромни загуби имало во буџетот, за да се надоместат штетите од катастрофата, се граделе голем број на брани за изолација на контаминираните области, биле исечени 800 илјади хектари на шума, и друго.

По катастрофата што се случила во Чернобил и зголемените протести на демократската и националистичката опозиција во земјата против изградба на нуклеарни објекти, станало јасно дека изградба на нови нуклеарни централи во Советскиот Сојуз ќе се одложат, поради лошата економска и финансиска ситуација и веќе започнатите биле стопирани, а до крајот на 1989 година исто така биле прекинати различни испитувања и градежни дејствија во речиси 100 енергетски единици.

## 3.5 - Гласност

Во Советскиот Сојуз се случиле големи промени во социјалната сфера. Во почетокот на Перестројката, новата политика била ограничена на подобрување на општеството и развивање на социјализмот и стратегијата за забрзување на социо-економскиот развој. Оваа_политика првпат била промовирана на априлскиот Пленум на ЦК КПСС во 1985 година и на XXVII конгрес на партијата, февруари-март 1986 година. Горбачов почнал да удира по „стагнацијата" и негативните тенденции од режимот на Брежњев, а со тоа почнал и со реорганизирање на Советскиот Сојуз кон политика на забрзување. На XXVII конгрес се усвоила нова верзија на програмата на КПСС, заедно со традиционалните повторувања на тезата за социо-економска, политичка, идеолошка и морална супериорност на социјализмот над капитализмот.

Политиката на Перестројката и нејзината примена во областа на медиумите, Гласноста, започнала во 1985 година. Во почетокот таа не била цел сама по себе, таа била средство за демократизација, политички реформи и како помош на економското

забрзување. Објавувањето на говорот на Михаил Горбачов во 1985 година, кој го одржал на состанокот со партиските активисти во градот Смолни е прииот чин од Гласност,[91] реформата која ќе се спроведе во Советскиот Сојуз. Гласност е политичка реформа иницирана од Михаил Горбачов. Гласност која во буквален превод значи отвореност, се користела од страна на Михаил Горбачов за да го опише неговиот план за повторно оживување на советската држава и општество.

Гласноста во рамките на Перестројката беше олицетворение на методите за будење на општеството во политички активен живот.

Во март и јуни 1985 година, Горбачов ја дефинирал Гласноста како мерка за да луѓето имаат повеќе информации за партиските афери и разоткривање на корумпирани економски менаџери во медиумите. Гласноста претставувал инструмент за борба против вкоренетата бирократија. На пленумот во април 1985, Горбачов им кажал на партиските комесари да ја користат гласноста и во нивната идеологија "да разговараат со луѓето на јазикот на вистината"[92]

„Откритијата за Гласноста започна со моето интервју за американскиот магазин „TIME" (почетокот на септември) и разговорот со тројца француски телевизиски дописници (октомври)".[93]

Основна идеја на Гласност е да се дозволи поголема слобода на медиумите, помала цензура и слободна критика на Комунистичката Партија и власта.

Во Советскиот Сојуз започнале да се формираат неформални движења под заштита на Перестројката. Центарот на политичкиот живот се променил од партиските структури кон јавното мислење и медиумите станале важен фактор за промена на идеолошките позиции и промена во самата Комунистичка партија.

Во почетокот имало еден вид на враќање кон идеалите од Октомвриската револуција, во обид да се објасни светската криза на системот, како збир од приватни кризи во одредени области на јавниот живот, одредени водачи на партијата се движеле подалеку од вистинското учење на социјализмот поради кои се појавиле недостатоци во

[91] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, глава 10, стр.3
[92] Lilita Dzirkals, Glasnost and Soviet Foreign Policy, 1990,
[93] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, Глава 10, стр.4

системот и неуспех во пракса, претходниците биле обвинете за создавање на култ на личност и заминунување од генералната линија на партијата.

Но ќе се покаже дека ваквиот пристап не бил доволен за да се направи државен механизам кој ќе работи ефикасно. Следен чекор кој е направен во процесот на промената била демократијата, во политичката сфера, Горбачов го предложил слоганот - „ хуман, демократски социјализам со човечко лице ".

Гласноста станала средство за имплементирање на „ револуција на свеста ", без која било невозможно да се искористи човечкиот фактор. Иако имало забрана за многу теми од идеолошка природа, но намалената цензура довела до издавање на многу претходно забранети книги.

Во почетокот Гласноста била третирана како конструктивна критика насочена кон борба против нарушување на социјализмот и учество на медиумите во кампањата за нагласување на корумпираните бирократски практики, но од 1986 година Гласноста имала за цел да воспостави политичка култура на дебати и разлики, а не на униформност и дисциплина, но од друга стрна таа била алатка за промовирање на официјалните политики, на пример - „ кога ЦК го откажал проектот за пренасочување на реката Об во Сибир до централните азиски републики за кој имало наплив од медиумско покривање за загадување на водата".[94]

Со Гласноста за прв пат им се овозможи на луѓето да добијат информации и вистина за она што се случувало со земјата, водата, шумите и воздухот. Со тоа се даде силен поттик на „зеленото движење". Населението почна остро да реагира на плановите за изградба на големи индустриски капацитети – особено нуклеарни централи, хемиски и металуршки индустрии, аеродроми.[95]

Познати писатели започнале борба во одбрана на природата, со пишување статии за одредени проблеми: Валентин Распутин за Бајкалското Езеро; Сергеј Залигин за Волга; Олзхас Сулеименов за локациите на нуклеарни централи во Семипалатинскиот регион;

[94] Jukka Pietilainen – „ Perestroika and changed reporting of social problems in newspapers " - Published in Kangaspuro, Markku & Nikula, Jouko & Stodolsky, Ivor (eds): Perestroika, Process and Consequences. Helsinki: Finnish Literature Society, 2010, стр. 79

[95] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, Глава 10, стр.9

Виктор Астафјевс за сибирските шуми и реки; Василиј Белов за шумите во северниот дел на Русија; Иван Василев за смртта на селото – тоа е смрт за земјата.[96]

> „Дознавме дека во 90 градови - речиси во сите големи индустриски центри на Унијата - присуството на загадувачки супстанции во воздухот ги надминуваат дозволените граници ...[97]
>
> ... и тогаш, 1300 компании мораа да се затворат. Се разбира, тоа не беше лесно за економија, а е многу комплицирано за Перестројката, но и покрај противењето на економските тела, локалните власти, ја поддржавме јавноста".[98]

Со Гласноста се појавиле различни идеологии и за претходни табу теми, пополнување на празни места, луѓето се повеќе биле свесни за феноменот за ненадејно осветлување, општеството се повеќе се политизирало и поларизирало. Со оваа реформа се продолжил процесот на десталинизација кој започнал во времето на Хрушчов, а запрел со стагнацијата, но со Гласноста се одело многу подалеку и се вршел преглед и анализа на сите претходни случаи.

Темата за Сталин и сталинизмот се пласирала на главните места на историското новинарство, литературата и филмот. Писателите, новинарите, публицистите биле познати како „надзорници на Гласноста".

Невозможно е а да не се земе во предвид фактот дека демократијата и гласноста создадоа една сосема нова идеолошка ситуација во земјата. Имало експлозија, во добра смисла, на духовниот живот, се стави крај на „табу" теми кои беа поврзани со модерниот живот и историјата. Вистинско откровение за јавноста се книгите кои со децении собирале прашина во ракописи или се чувале во „специјална остава". Меѓу нив „ Децата на Арбат" – Анатолиј Рибаков; „Бели Облеки" – Владимир Дудинцев; „Бизон" – Даниел Граник; „Нова обврска" – Александар Бек; „ Заспан златен облак" – Анатолиј Приставкина. Одличен впечаток оставил филмот на Тенгиз Абуладзе – „Покајание". Научниците добиле пристап до претходно забранетите дела на Бухарин и Троцки – економисти, Кандраиеф и Чајанов – филозофи, Соловиев и Бардјаев – неконвенционални историчари. Со тоа почна

[96] Ibid. стр. 9-10
[97] Ibid. стр.10
[98] Ibid.стр. 10

брз процес на осмислување на историски настани и личности во новинарството, литературата и уметноста.[99]

Во периодот од 1984 година до 1989 година продажбата на весници се зголемила од 185 милиони на 230 милиони примероци, тиражот на реформистичките и либерални весници како што биле „Известија“ и „Комсомолскаја Правда“ се зголемил, а додека конзервативните „Правда“ и „Советскаја Русија“ стагнирале.[100]

Во 1986 година, претплатите на весници и списанија имале интересни резултати, „Комсомолскаја Правда“ за 3 милиони повеќе претплатници, „ Советска Русија“ 1 милион, „Известија“ за 40 илјади, „ Комунист“ за 70 илјади и „Правда“ нешто помалку.[101]

Гласноста не ги остранила стандардизираните механизми за контрола на медиумите, нивната употреба станала се поселективна, уредниците имале поголема дискреција врз содржините. Раководството на државата либералните новинари ги сметале за нивни сојузници, но и голем број на медиуми одговориле со подршка на таквиот став.

Со политиката на Гласност се овозможило пишување и известување за контроверзни теми, негативни коментари и плурализам. Навременото известување било нова вредност во Советското новинарство. Гласноста ги изнела проблемите и незадоволството на виделина, тие биле поврзани со услугите, екологијата, етничките прашања и порастот на цените. Советското јавно мислње било понесигурно и флескибилно од било кога, но истото довело до поларизација на ставовите кое било нов феномен во советското општество. Медиумите почнале да го одразуваат мислењето на политички активните сегменти на населението и јавното мислење станало се повлијателно.

Во текот од 1917 година до 1990 години под обвинение за кривични дела во државата вкупно 3.853.000 900 лица биле осудени, од кои 827,995 на смрт со стрелање. На ова мора да се додадат и 2,3 милиони депортирани, а да не се споменат и жртвите од глад

[99] Вадим А. Медведев. – „В команде Горбачева: Бзгляд изнутри“, Ељлина, Москва, 1994, http://lib.misto.kiev.ua/MEMUARY/GORBACHEV/medvedev.dhtml

[100] Jukka Pietilainen – „ Perestroika and changed reporting of social problems in newspapers “ - Published in Kangaspuro, Markku & Nikula, Jouko & Stodolsky, Ivor (eds): Perestroika, Process and Consequences. Helsinki: Finnish Literature Society, 2010, стр.79

[101] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы“- книга 1, “Новости“, Москва, 1995, Глава 10, стр.14

и други лишувања. Тешките кривични дела на режимот на Сталин никогаш нема да се заборават.[102]

Постхумано започнала и рехабилитацијата на жртвите од сталиновите репресии. За таа цел во септември 1987 година, Политбирото на ЦК на КПСС формирало специјална комисија за дополнително истражување на материјалите поврзани со репресиите кои биле извршени во периодот од 30 – 40 тите и почетокот на 50-тите години од XX век. Комисијата за рехабилитација, во која покрај Горбачов работеле, секретарот на ЦК за идеологија А.Н. Јаковлев кого го нарекувале и идеолог на перестројката, Фролов и В. Медведев. Ревизијата која се вршела имала влијание и на минатото и на времето во која се вршела, на голем број на дисиденти им било вратено државјанството. Во 1986 година Михаил Горбачов лично му се јавил на академик Андреј Сахаров, кој бил протеран од Москва во Горки во 1980 година, за да го информира дека административната забрана му била укината. Во 1987 година биле ослободени 200 политички затвореници.

До почетокот на 1990 година, рехабилитацијата на жртвите од сталинистичките репресии во голема мера беше завршена. Вкупно 807.000 луѓе биле рехабилитирани. Била одбиена рехабилитација на 21 илјади 333 лица - егзекутори за време на Втората светска војна и други криминалци, нивните соработници, како и поранешни вработени во органите на државната управа вмешани во фалсификување на криминални случаи.[103]

Радикални промени се случиле и во односите на црквата со државата. Советската идеологија била непријателски настроена кон сите религии. Руската Православна црква била многу моќна културна сила и бастион на стариот поредок. Како таква таа преставувала закана за моралната и политичка власт.[104]

Со доаѓањето на Михаил Горбачов на власт и со Гласноста, црквата добила одредени слободи, можела да врши богослужби, свештениците се почесто се појавувале на телевизиите, биле отварани старите а се граделе и нови цркви. Горбачов и ветил на црквата се поголема слобода во проповедувањето. И покрај ваквите ослободувања на црквата, Москва сепак одбивала да признае одредени религии за кои сметала дека се

[102] Вадим А. Медведев. – „В команде Горбачева: Бзгляд изнутри", Еылина, Москва, 1994, http://lib.misto.kiev.ua/MEMUARY/GORBACHEV/medvedev.dhtml
[103] Ibid.
[104] Thomas M. Magstadt - Gorbachev and Glasnost-A New Soviet Order? Implications for U.S. Foreign Policy, March 20, 1989, стр.5

политички неповолни, вклучувајќи ги украинската (унијатска) Католичка и Православна црква.[105]

На 30 април 1988 година, кога Руската Православна црква одбележувала милениум од постоењето, Михаил Горбачов имал состанок со патријархот на Москва и цела Русија и членовите на Светиот Архиерејски Синод, каде им дозволил слободно да ја прослават годишнината. Иако многу работи се подобрија, уште многу требало да се направи за да советскиот граѓанин слободно ја ужива верската слободата.

## 3.6 - Надворешната политика на Горбачов

Политичката филозофија на која се базирала надворешната политика на Михаил Горбачов е позната како „ ново политичко размислување" или „ново размислување". Во целиот период како лидер на Советскиот Сојуз тој го прокламирал новото размислување.

"Новото размислување" во надворешната политика дојде како голем шок не само на воените, туку и на партиските идеолози. Дел од повисоките ешалони на партијата, Јаковлев, Чернеев и Шахназаров одиграле значајна улога со нивните формулации. Горбачов со својот поглед на светот радикално го намалил класниот судир во меѓународните односи. Тој стана првиот (и единствен) советски лидер кој се посветил на универзалните вредности.[106]

Надворешната политика била заснована врз основа на заедничките морални и етички принципи за решавање на глобалните проблеми, Горбачов не го прифатил марксистичко-ленинистичкиот концепт на непомирлив конфликт меѓу капитализмот и комунизмот. Наместо да се потпира на советската воена моќ, Горбачов избрал да имаат политичко влијание, кое ќе се движи кон подобрување на дипломатските односи и економската соработка со останатиот свет.

Горбачов новото политичко размислување го најавил и пред да стане генерален секретар, во 1984 година на посета на Велика Британија, како член на Политбирото, во приватен разговор кој го имал со премиерката Маргарет Тачер. Во текот на овој состанок

[105] Ibid. стр.6
[106] Archie Brown, - The Rise and Fall of Communism-, Harper Collins Publisher, New York, 2009, стр. 500

Горбачов првпат го споменува, „ нуклеарната ера создаде ново политичко размислување како императив"[107], во време во кое има потреба од конструктивен дијалог, постигнување на договор и можност за да се живее заедно во едно ново, брзо менување на светот. Иако концептот за ваквото ново размислување не бил целосно елабориран, ваквата идеа не била вообичаена за висок советски функционер. Михаил Горбачов за разлика од неговите претходници успеал да се дистанцира од конзервативното и догматско комунистичко наследство, одбил да се вклучи во традиционалното идеолошко размислување.

> „ Потребата да се обрне сериозно внимание на прашањата во надворешната политика станала итна. Проблемот не беше толку голем колку самата советска надворешна политика или дејствувањето на советските дипломати, како што беше концептот на кој се базираа. Овој концепт произлегува од догматските погледи на светот, не на реалноста, не на една трезвена анализа на состојбата, ниту на задоволување на реалните и витални интереси на нашата земја и нашиот народ. Наместо тоа, нашата надворешна политика беше ориентирана кон сурова конфронтација со целиот свет (не вклучувајќи ги, се разбира, оние што се сметаа за наши сојузници, иако тие имаа мошне подредена позиција во нашата заедничка политичка доктрина)".[108]

Од 1985 година до 1991 година, Советскиот Сојуз водел постојана политика на намалување на нивното учество во вооружените конфликти во земјите од „третиот свет".[109]

Советските односи со многу земји од светот, кон средината на 80-тите години, биле доста напнати, инвазијата во Авганистан, се влошиле односите со Кина и постојаното ривалство помеѓу истокот и западот во снабдување со оружје на некои земји од Африка и Азија. Трката во воена надмоќ (со САД), резултирала со огромни воени трошоци кои

[107] Anatoli Cherniaev, - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy", The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.стр.111
[108] Gorbachev. M – „ On my Country and the World ", translated from Russian by George Shriver, Columbia University press, New York, стр. 172
[109] А. С. Берсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс", 2005 стр.621

изнесувале и до 25% - 30% од БДП, или пет до шест пати повеќе од САД и Европските земји.

Како што и самиот Горбачов образложува дека со новото размислување треба да се направи нова непристрасна анализа на сопствените концепти за надворешна политика. Нова непристрасна проценка на местото на Советскиот Сојуз во светската арена, јасна дефиниција на националните интереси, вистински параметри и императив за безбедноста и друго.[110]

Горбачов истакнал дека надворешната политичка активност треба да придонесе за ослободување на националните ресурси за мирна изградба на перестројката. Во исто време, советската влада признала дека не била во право што не им давале подршка на Обединетите нации, затоа што на светот и била потребна стабилна структура во меѓународните односи, и ја изразила својата желба да помогне во изнаоѓањето на решенија за конфликтите во Ангола, Камбоџа и средниот Исток. Советската надворешна политика покажала својата нова ориентација како со зборови така и со дела.[111]

Концептот за меѓународни односи или новото размислување за првпат било официјално преставено во политичкиот извештај на Горбачов на XXVII конгрес во февруари 1986 година. Основа за новото размислување на Горбачов биле следниве принципи:

- Светот станува се повеќе меѓусебно зависен. Како резултат на тоа, односите меѓу државите имаат големо влијание на нивната политика и во развојот на светот.
- Нуклеарното оружје и бескрајниот конфликт меѓу човекот и природата, потикнати од страна на научната и технолошка револуција, се закана за човештвото. Затоа, човештвото мора да се бори за опстанок.
- Под овие услови, остра конфронтација во форма на студена војна води до катастрофа. За да се спречи тоа, трката во вооружување треба да биде запрена и бројот на нуклеарно оружје треба да се намали и постепено да се елиминира.

[110] Gorbachev. M – „ On my Country and the World ", translated from Russian by George Shriver, Columbia University press, New York стр. 172

[111] Richard Goff; Walter Moss; Janice Terry; Jiu-Hwa Upshur; Michael Schroeder; - The Twentieth Century and Beyond - A Brief Global History 7th Edition, 2008, стр.503

- Меѓународната безбедност е неделива и може да биде ефективна само како проект во кој учествуваат сите држави. Затоа ниту една држава не може да постигне безбедност во однос на друга.
- Пристапот на класна национална и меѓународна безбедност е неприфатлива бидејќи тоа преставува победа на една од страните во однос на другата и создава постојана напнатост која може да резултира со војна.
- Во новата де-идеализирана советска надворешна политика, приоритет треба да се даде на основните човечки вредности, демократијата и човековите права.
- Националните интереси не треба да се бараат на сметка на интересите на друга држава. Меѓународните интереси во новата епоха треба да се базираат на принципот на рамнотежа на интереси. Нивниот стандарден извор е меѓународното право и меѓународните организации треба да бидат одговорни за нивното регулирање.
- Концептот на новото политичко размислување го отфрла потпирањето на сила или закана со употреба на сила во остварувањето на надворешно политичките цели. Приоритет во решавањето на меѓународните проблеми и конфликти треба да им се даде на политичките методи, со кои ќе се овозможи барање на мудри компромиси.
- Дијалогот треба да стане трајно средство за комуникација меѓу државните лидери, кое би промовирало меѓусебно разбирање и доверба меѓу земјите.
- Сите луѓе треба да имаат слобода да го изберат својот начин на живот и нивните политички и социо-економски системи. Така толеранцијата, неинтервенирањето во внатрешните работи на друга држава и почитувањето на различноста во светот треба да бидат водечки принципи во меѓународните односи.
- Моралната компонента во внатрешната и надворешната политика треба да се признае и почитува. Оваа моралност, христијанското разбирање на овој термин е различно од значењето на моралот општо прифатен во Советскиот Сојуз, што одговара на марксистичко-ленинистичката идеологија и придобивките на комунизмот.[112]

[112] Anatoli Cherniaev, - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy",The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.стр.112-113

Овие основни принципи на новото размислување се употребени за ново зближување со капитализмот со акцент на соработка, меѓузависност наместо конфронтација или само соживот, со ваквата политика се очекувало, покрај разоружувањето, во Советскиот Сојуз да има капиталистички инвестиции и меѓународна економија.

Во првите неколку месеци по изборот на Михаил Горбачов за генерал секретар, во Кремељ се состанал со многу шефови на држави, политички партии, експерти и министри од различни градови. Иницијативите за ваквите средби најчесто биле иницирани од надвор, Горбачов секогаш бил подготвен да ги прифати ваквите понуди. Причините на западните земји за вакви состаноци биле да се направи проценка на новиот советски лидер и за неговата надворешна политика.

Прва официјална посета, Михаил Горбачов како генерален секретар, ја имал во Варшава на потпишувањето на протоколот за проширување на Варшавскиот Пакт.

Прва средба на Михаил Горбачов со некој висок претставник од западните држави е средбата со американскиот претседател Роналд Реган, која се одржала на 19-20 ноември 1985 година во Женева. Последна средба на највисоко државно ниво на Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз била одржана во јуни 1979 година, во Виена, на која Џ. Картер и Л. Брежњев го потпишале SALT II.[113] Горбачов и Реган имале средба и во Рејкјавик, наредната година, на која разговарале за намалување на стратегиското оружје, но без некој значителен напредок. На самитот во Вашингтон, во декември 1987 година, Реган и Горбачов потпишале договор за намалување на проектилите со среден дострел (Договор ИНФ). Новата стратешка интеракција меѓу Советскиот Сојуз и САД, која била иницирана од Горбачов, значително ја подобрило меѓународната политичка клима.

Со самото доаѓање на Горбачов на власт тој ја согледал потребата од итна реформа на неуспешната советска економија која била преоптоварена од воените трошоци. Затоа во неговата надворешна политика примарна цел била да се сопре трката во вооружување и стабилизирање на односите со САД.

---

[113] SALT II – договор за бројчано изедначување на двете земји во испорака на нуклеарно вооружување. Ограничување на MIRV проектили или ракети со повеќе независни нуклеарни боеви глави. Договорот би требало да ја сопре или намали трката во вооружување.

Новиот концепт на политичко размислување Горбачов веднаш го применил во проблемот со воената интервенција на Авганистан. На 5 мај 1986 година тој пред Политбирото ги изнел неговите видувања за ситуацијата во Авганистан.

Воена победа била невозможна, без оглед на тоа колку војници Советскиот Сојуз имал таму. Со интервенцијата во Авганистан се предизвикало поголемо присуство на САД во регионот, а и муслиманскиот свет го поттикнале против себе.[114] Воената интервенција на Авганистан била и тема на разговорите на средбите на Горбачов со Реган и една од задачите кои требало да се решат за да се постигнат предложените договори од средбите. Горбачов пред Политбирото често ја истакнувал важноста од тоа да се запре непотребното губење на човечки животи, 13 илјади загинати и 43 илјади повредени[115], и да се запре товарот во економијата кој годишно изнесувал 5 милијарди долари.

На 5 мај 1986 година, Политбирото одлучи да започне со повлекување на пет единици од Авганистан. На тој состанок, Горбачов кажал:

> „Ние демонстриравме дека Советскиот Сојуз , нема намера да остане во Авганистан и да добие пристап до „топлите мориња". Ова покажува дека нашите зборови се проследени со соодветни постапки. И авганистанските лидери, исто така треба да разберат дека сме сериозни во врска со она што ние го правевме. Затоа да оставиме да превземат се што е во нивни раце. Да ги оставиме сами да се грижат за својата земја". [116]

На 3 март 1988 година, на состанок на Политбирото, Горбачов, изјавил дека тие се цврсто одлучени да започнат со повлекување на војниците, 50% во мај истата година, а другите во втората фаза. Според мислењето на Горбачов, Авганистан треба да престане да биде пречка во нивните билатерални односи со надворешниот свет. Тоа било меѓународно прашање кое било директно поврзано со актуелните проблеми кои произлегуваат во новата фаза на развој на светот. Важен елемент во надворешната

[114] Anatoli Cherniaev, - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy", The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.стр.128-129
[115] Ibid. стр.130
[116] Ibid. стр.129

политика е и почетокот на соработката со САД и остварување на Женевскиот договор и вклучувањето во Обединетите нации.

На 15 февруари 1989 година, советските војници целосно се повлекле од Авганистан, со што се стави крај на војната, оваа одлука била доказ за радикалните промени во советската надворешна политика, која беше прифатена од целиот свет. Новиот начин на размислување станал симбол и важен фактор кој придонесувал за успехот на советската надворешна политика и во други области.

Во исто време Советскиот Сојуз се повлече од учество во други регионални конфликти (Етиопија, Ангола, Мозамбик, Никарагва), и го намали износот на економска помош на пријателските земји.[117] Претходно финансиската помош изнесувала 41 милирада рубљи годишно.

Во ноември 1989 година Горбачов предложил да се сменат економските односи со социјалистичките сојузници на взаемно корисна основа на реални услови на пазар. Повеќето источно европски земји се согласувале со политиката на Горбачов и подобрувањето на односите со Запад од причина што се зголемувала трговијата со западните земји. Некои источноевропски земји, особено Романија – Николае Чаушеску, Источна Германија – Ерик Хонекер и Бугарија – Тодор Живков, чиј личен однос со Горбачов бил влошен, се противеле на промените на советскиот пристап кон социјалистичките земји и за внатрешната трансформација во Советскиот Сојуз.[118]

Политичките реформи во Советскиот Сојуз и, уште повеќе, ново размислување во надворешната политика доведе да се намали влијанието на Советскиот Сојуз во Источна Европа, кое ја покренало низата на кадифените (анти-комунистички) револуции во 1989 година. Во сите земји од Источна Европа се формирал нов политички систем. Се исклучила улогата на Комунистичката партија, се потврди политичкиот плурализам, мулти-партиски систем, радикални реформи на пазарот, и активно се преориентираа кон политиката на Западот. Значаен пресврт во надворешната политиката е немешањето и неинтервенирањето во Источна Европа во 1989 и 1990 година кога источните земји ја отфлиле власта на Комунистичката партија. Горбачов немал намера да интервенира од

[117] А. С. Берсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс", 2005. Стр 621
[118] Anatoli Cherniaev, - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy", The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.стр.134

причини што таквата интервенција би имала разурнувачки ефекти во реформата во земјата и во односите со Запад.

Горбачов бил убеден дека ако се ослободат земјите од влијанието на советскиот социјализам, тие ќе изберат свои национални верзии на социјализам, погрешил, но останал доследен на неговиот принцип на немешање во внатрешните работи на државите.[119]

Источна Европа започнала да се менува. На 9 ноември 1989 година бил срушен Берлинскиот ѕид, кој преставувал симбол на студената војна, а со тоа и обединувањето на Германија.

Придонесот на Горбачов во повторното обединување на Германија, ја манифестирало неговата „ново размислување" политика. Горбачов со Германското прашање почнал да се занимава во самиот почеток на Перестројката, пред се поради важноста на советските економски врски со ФД Германија. Повторното обединување на Германија било неизбежно, па дури и пожелно. Советскиот Сојуз на обединувањето реагирал сосема смирено, но проблем претставувало признавањето на Германија и нејзината определба за влез во НАТО. Советскиот Сојуз се грижел за безбедноста на нивните границите.( неповредливоста на границите во Европа, членството на обединета Германија во НАТО).

При процесот на признавањето на обединета Германија, Горбачов и Шеварнадзе оствариле голем број на средби и преговори со преставници од САД, Велика Британија, Франција, Западна и Источна Германија. Имало осум средби меѓу Геншер и Шеварнадзе, единаесет средби Шеварнадзе и Бејкер, четири состаноци имале Буш и Кол и десет (2+4) состаноци на министерско ниво.[120] Советското прифаќање на договорите од (2+4) беше директен резултат на зголемената доверба во американско-советските односи. Како што истакнал Шевардназе: "Ние придаваме посебно значење за нашето взаемно разбирање со Американците. Нашите актуелни односи со таа земја ни овозможија да работиме заеднички во гарантирањето на безбедноста во Европа".[121]

[119] Ibid. стр.134
[120] David H Shumaker, - Gorbachev and the German Question – Soviet-West German Relation, Westport Connection, London, 1995.стр. 129
[121] Ibid. стр.132

Посетата на Горбачов на Западна Германија во летото 1989 година, му оставила длабоки и трајни впечатоци, тоа што тој го видел во земјата немала ништо заедничко со она што било опишано во советската пропаганда. Една од најголемите причини за која Горбачов се согласил за обединувањето на Германија, е тоа што милиони Германци што живееле од двете страни на Берлинскиот ѕид се вклучиле во решавањето на нивниот национален проблем. Откако Горбачов бил уверен дека движењето за подршка на обединувањето на Германија било навистина популарно и демократско, тој ја донел неговата одлука, и имал намера тоа да го реализира по мирен пат. Со ова се наведува дека неговите принципи на новото размислување се цврсто вградени во советската надворешна политика.[122]

На овие 2+4 состаноци централно прашање станало членството на Германија во НАТО, Горбачов одбивал да ги прифати однапред договорените позиции на четирите западни учесници. Победата на CDU (Христијанско-демократска унија на Германија) на изборите во 1989 година, влијаело на понатамошните советски ставови. Москва се соочувала со 5+1 во преговорите за обединување. Горбачов бил во потрага на начини како да се унапреди процесот без да се попушти на барањата од Запад. Советските официјални претставници повикаа на:

(1) распаѓањето на НАТО и Варшавскиот пакт и нивна замена со постојани сеевропски безбедносни структури

(2) сеевропски референдум за меѓународни и безбедносни аспекти на обединувањето на Германија

(3) на неутрализација и демилитаризација на Германија

(4) воено-политички статус за Германија во НАТО, слична на онаа на Франција

(5) да продолжат, иако во изменета форма, правата на четирите сили во Германија

(6) формирање на центар во Берлин, за да ги контролира сите воени сили во Германија

(7) членство на Германија во НАТО и Варшавскиот пакт

(8) членство на Советскиот Сојуз во НАТО

[122] Anatoli Cherniaev, - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy", The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.стр.134-135

(9) членство на ФРГ во НАТО и придружен статус на источниот дел на Германија во Варшавскиот пакт.[123]

Во услови кога во Советскиот Сојуз имало раздор, постоеле различни мислења во однос на германското прашање. Прашањето за обединувањето на Германија, се појави како централно прашање во текот на 28 конгрес на партијата во јули 1990 година. Горбачов, Јаковлев, а особено Шеварнадзе издржале силни критики за текот на советската надворешна политика во Европа.

Некои верувале дека обединувањето можело и требало да се запре, имало начини и средства како да се постигне тоа, вклучувајќи го присуството на 500 000 припадници на советската армија, опремена со најдоброто вооружување во Европа.[124]

Шеварнадзе бил најмногу критикуван од делегатите на 28 конгрес на партијата во врска со германското прашање. Тој ја појаснил неговата визија за обединувањето на Германија и покрај другото посочил постигнувањето на договор во 2+4 преговорите во согласност со советската безбедност е возможно и дека употребата на 500 000 војници во од страна на Москва во спречувањето на обединувањето на Германија би значело катастрофа. Тој укажал на големиот број на мерки кои биле предвидени за заштита на советските безбедносни интереси, вклучувајќи го и ограничување на големината на германската војска.[125]

Конзервативната страна на КПСС го сметале како неуспех на Горбачов што не ги искористил овие средства во преговорите и како предавство на интересите на советскиот Сојуз и Источно Европските пријатели. Други го прифаќале повторното обединување, но сметале дека Горбачов можел да добие повеќе во замена на неговиот договор.

Горбачов неговиот став за прашањето со Германија го завземал уште од 1985 година, а го развивал од почетокот на Перестројката и ја покренал меѓународната политика на едно ново ниво.

Сепак донесувањето на одлуката за признавање на обединувањето на Германија од страна на Москва не е целосно познато, но влијанието на средбите на Кол и Горбачов

[123] David H Shumaker, - Gorbachev and the German Question – Soviet-West German Relation, Westport Connection, London, 1995.стр.135

[124] Anatoli Cherniaev, - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy", The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.стр.135

[125] David H Shumaker, - Gorbachev and the German Question – Soviet-West German Relation, Westport Connection, London, 1995.стр.137

сигурно било големо. Тие во претходните години имале изградено добри меѓусебни односи, па успеале да ги доближат нивните ставови околу обединувањето на Германија. По завршувањето на преговорите за обединување, помеѓу обединета Германија и Советскиот Сојуз ќе се склучи билатерален договор на преговори за отстранување на советските трупи во поранешна Источна Германија во период од три до четири години. Структурите на НАТО нема да се прошират во Источна Германија додека советските сили се сеуште таму и Кол вети дека ќе ги намали вооружените сили на обединета Германија за 370 000 во следните три до четири години. Германија ќе се откаже од производство, поседување, како и поставување на нуклеарно, биолошко и хемиско оружје и ќе остане член на Договорот за нуклеарно неширење. Иако во тоа време не се споменувало, како една од причините за одобрување на договорот се наведуваат и финансиски причини, Кол претходно ветил дека ќе овозможи 3 милијарди долари во трговски кредити и 730 милиони долари за да им помогне во повлекувањето на советските трупи од Источна Германија.[126]

Како причини за кои Горбачов се согласил на членство на Германија во НАТО, е подготвеноста на Кол за еднострано намалување на вооружените сили на обединета Германија, но сепак во објаснувањето на советската одлука, Горбачов истакнал дека е плод на интензивната соработка на двете држави во измитатите години и развиената доверба пред кризата во источна Европа во 1989 година, помогнале да се донесе одговорна и конструктивна одлука.

Конечната одлука на Горбачов сепак се носи со „новото политичко размислување" кое покажа фундаментални резултати во меѓународните односи и природата на советските безбедносни принципи. Според логиката на оваа доктрина, обединувањето и вклучувањето на Германија во НАТО не преставувало закана за Москва.

На 3 октомври 1990 година, Демократска Република Германија престанала да постои, приклучувајќи се кон Германија. На 10 ноември, беше потпишан советско-германскиот Договорот за пријателство, партнерство и соработка.

[126] David H Shumaker, - Gorbachev and the German Question – Soviet-West German Relation, Westport Connection, London, 1995.стр.139

Принципите со кои се водел и воведувањето на новиот начин на размислување во надворешната политиката на Горбачов, овозможиле да се намалат тензиите во меѓународните односи, но исто така довеле и до рушење на паритетот во светот,

Позитивни придобивки од новиот начин на размислување, според Чернеев се:

- подобрување на советско – американските односи го отвориле патот за разоружување и ја намалиле заканата од нуклеарна војна;

- формирање на неконфликтни меѓународни односи, воведување на дијалог меѓу лидерите на различни земји како еден од најважните глобални проблеми;

- либерализација на државите од Источна Европа од советска хегемонија и длабоко социо-политички трансформации во мирни услови;

- обединување на Германија, со ко ебеше ставен крај на поделбата на Европа;

- реакцијата на меѓународната заедница на агресијата на Ирак против Кувајт, која, според Горбачов, беше знак за радикални промени во светската политика; и

- изгледи за трансформирање на идеата на Горбачов за „Европска куќа“, на Митеран „Европска конфедерација“ или на Буш „Европски светски поредок“, со политички напори, Горбачов ја трансцедирал идеата на Де Гол „ географски граници од Атлантикот до Урал“, во неговите погледи во проектот ќе биле вклучени Советскиот Сојуз, САД и Канада, кои се (ќе бидат) поврзани со Стариот континент со заедничка историска судбина.[127]

Еден од најголемите успеси на „ново размислување“ политиката на Горбачов, е мирното решавање на Студената војна, намалувањето на повеќе од четириесет и пет годинишните тензии во светот.

[127] Anatoli Cherniaev, - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy“, The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.стр.138

## 3.7 - Средбите на Михаил Горбачов и Роналд Реган

Надворешната политиката на Горбачов се основала на заеднички етички принципи за решавање на глобалните проблеми и непомирливиот конфликт меѓу комунизмот и капитализмот, еден од најголемите приоритети за решавање на глобалните проблеми на Горбачов биле советско-американските односи, кои во тој период биле влошени. Повеќе причини имало зошто Горбачов сакал да се нормализиираат односите помеѓу двете суперсили.

- Потребно било да се намали интензитетот на опасни тензии кои се појавиле меѓу двете земји. Тоа се должело на поставувањето на американски нуклеарни проектили во Западна Европа и советските во Источна Германија и Чехословачка.

- Без никакво подобрување на односите меѓу САД и Советскиот Сојуз невозможно е да се нормализираат меѓународните односи во целина и на тој начин да се создадат нормални надворешни услови за справување со внатрешната реформа во земјата.

- Да се спречи ескалацијата во трката во вооружување, особено во вселената, економските и технолошки можности на можеле да парираат во трката во тоа ниво.[128]

Михаил Горбачов и Роналд Реган лидери на двете најмоќни земји во светот, Советскиот Сојуз и САД со спротиставени системи на уредување, и со различни концепти и политика за решавање на проблемите во светот. Двајцата лидери решавањето на потребите на нивните земји го гледале во индивидуално решавање од страна, гледајќи на светот на нов начин.

Реган отворено сакал да се соочи со комунизмот преку трансформација на конфликтитие преку военото организирање проследено со преговори од позиција на сила. Во фокусот на политиката на Реган секогаш ќе биде поврзана со конфронтација како што мислел со советската агресија, неговото црно-бело видување на светот може да се карактеризира со „ зло империја“ како што го нарекол Советскиот Сојуз. Реган ги зголемил воените трошоци во САД и целосно ги подржувал скапите и нови вооружување.

[128] М. Ф. Полынов, - Советско – Американские Отношения во Внатрешний Политике М.С.Горбачёва 1985-1988 година, Труды Исторического факультета Санкт-Петербургского университета, стр.307

Тој бил главниот иницијатор за развивање на SDI[129], распоредувањето на ракети Parshing II во Западна Германија и за анти-балистички ракетен систем.

За разлика од претседателот Реган, Михаил Горбачов имал сосема спротивна политика. Горбачов, кој во неговите мотиви за воведување реформи за спас на Советскиот Сојуз и преку моќни нови идеи така смислени за реконструирање на Советскиот Сојуз од внатре и решавање на проблемите од Студената војна, можноста од нуклеарна војна, со цел да се фокусира на реформите во економијата и социо-политичкиот живот во земјата и би се отргнал од патот на нуклеарна или вооружена конфронтација. Горбачов бил подготвен да ја промени политиката на тензичност помеѓу суперсилите, ваквата промена на надворешната политика од страна на советското раководство може да се каже дека се должи на тоа што советската економија се наоѓала во тешка состојба. Студената војна и трката во вооружување беа премногу скапи за Советскиот Сојуз.

## Женева, ноември 1985 година

Иако на оваа средба на лидерите на двете супер сили немало предвидено потпишување на протоколи и договори, таа била следена со огромен интерес од целиот свет и медиумите, 3500 преставници на медиумите ја следеле средбата во Женева. Затоа што односите помеѓу САД и Советскиот Сојуз биле повторно влошени поради прекршување на договорот од страна на Р.Реган, и распоредувањето на ракети со среден дострел во Западна Европа, воената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан, соборувањето на Корејскиот авион во советки воздушен простор.

Потребата за средба на американските и советските врвни лидери беше двострана. Секретарот на САД, Џорџ Шулц и американскиот заменик-претседател Џорџ Буш, кои ја предводеле американската делегација на погребот на Константин Черненко, на Горбачов му предале писмо од претседателот Реган со покана за новиот советски лидер за посета на САД. На 24 март 1985 година Горбачов одговорил на писмото со желба да се сретнат лице

[129] На 23 март 1983 година, во говор на националната телевизија Реган ја објавил програмата, Иницијатива за Стратегиска Одбрана ( SDI – Strategic Defense Initiative), со што го прекршил договорот од 1979 година.

во лице и дека таква средба треба да заврши со потпишување на некој важен (голем) документ. [130]

За да се реализира оваа средба имало обемни подготовки од двете страни. На самитот во Женева лидерите на двете суперсили имале три приватни и четири пленарни седници. Во советската делегација покрај Михаил Горбачов на овие разговори присуствувале и „Шеварнадзе, помошниците Јаковлев и Александров,заменик министерот за надворешни работи Корниенко, амбасадорот Добринин и шеф на одел во ЦК, Замјатин. Од страната на САД во разговорите присуствуваа државниот секретар Шулц, директорот на Белата куќа, Риган, амбасадорот Хартман, помошник по безбедност МакФарлеин, членови од Белата куќа и на Стејт департментот Нитце, Рицвеј и Метлок". [131]

Секоја од делегациите на средбата биле дојдени со одредени цели и задачи. За советската делегација приоритетно и било да се ограничи трката во вооружувањето, но американската делегација изнела сет на задачи кои требало да се разгледаат и преговара за нив, како проблемите со човековите права, разоружувањето, регионалните конфликти и билатералните односи.

На првата средба на лидерите на земјите која била одржана на 19 ноември 1985 година, Р.Реган, навраќајќи се на нивното скромно потекло, дека и двајцата потекнувале од сиромашни семејства, изјавил дека сега тие двајца ја имале судбината на целиот свет во нивните раце како лидери на двете супер сили и најголеми држави во светот. Примарна цел на еден ваков состанок би било да се елиминираат сомневањата кои постоеле од двете страни, и изразил надеж дека на овие разговори ќе се најдат и елиминираат изворите на таквите сомневања. Советскиот Сојуз не се согласувал со американскиот капиталистички систем, а САД не се согласувал со советскиот социјалистички систем, но секој можел да си го следи сопствениот пат, а тоа да биде натпреварување во мирно време. [132]

Горбачов се навратил на почетокот и се заблагодарил на претседателот за средбата. Притоа нагласил дека тие не треба да се игнорираат, затоа што од тоа не би излегло ништо добро ако двете страни заземат различен пристап. Иако двете земји имале големи разлики

[130] М. Ф. Полынов, - Советско – Американские Отношения во Внатрешний Политике М.С.Горбачёва 1985-1988 година, Труды Исторического факультета Санкт-Петербургского университета, стр.308
[131] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 2, Глава 19, стр. 2 "Новости", Москва, 1995
[132] Geneva Summit Memorandum of Conversation. November 19, 1985 11:27 a.m.-12:15 p.m. First Plenary Session, стр.3-4

меѓу себе, сепак тие и толку биле меѓусебно поврзани. Требало да се преземат сериозни мерки за подобрување на советско-американските односи. Горбачов бил убеден дека, покрај стравот од самоуништување, САД и Советскиот Сојуз можеле и треба да соработуваат, без да се променат нивните политички системи, идеологии и култура, во областа на економијата, трговијата и културата, и почитување на изборот на народот кој бил направен во двете држави.[133]

Реган се согласил со тоа дека дека американскиот и советскиот народ треба се повеќе да научат едни за други и ќе се најдат повеќе заеднички нешта со што пријателството би се зголемило. Но сепак тоа не било до народот, тоа е до владите кои произведуваат оружје.

Двајцата лидери се согласиле дека централно прашање на денешницата било прашањето за војна и мир.

Горбачов предложил дека во Женева треба да се постигне договор, со кој би се зголемила надежта на луѓето за мир во светот. Ставање крај на трката во вооружување, е едно од клучните прашања во меѓународната политика, подобрување на меѓусебните односи, намалување на вооружувањето, сепак требало да се посвети внимание и на проблемите кои се јавувале во светот, како во капиталистичките така и во социјалистичките земји, а да не се споменуваат земјите од Третиот свет. Проблеми кои биле поврзани со економијата, структурните промени, екологијата, социологијата и друго, сите тие прашања треба да се решаваат на основа на соработка а не на конфронтација. И покрај тоа што двете земји имале конфликти во земјите од третиот свет, има голем број на земји во развој, десетици новоформирани, и покрај тоа што имале големо количество на природни и човечки ресурси тие биле далеку од развиените земји и разликата помеѓу нив е се поголема. Имало глад, неписменост и болести кои предизвикувале криза. Тие требало да донесат нов политички присатап за решавање на овие прашања. Реган накратко одговорил дека двете земји можеле да им помогнат на земјите во развој.

И двете страни се обвинувале за превласт и доминација во светот. Целата седница поминала во анализирање на случувањата во третиот свет и влијанието на двете земји над нив.

---

[133] Geneva Summit Memorandum of Conversation. November 19, 1985 11:27 a.m.-12:15 p.m. First Plenary Session, стр.2

Во агендите на Реган е да се решат обвиненијата дека американците бараат воена супериорност со 2.4 милиони во однос на Советскиот Сојуз кој можел да мобилизира 5.4 милиони војници, воедно да се решат американските стравови, не од тоа дека советите први ќе извршат нуклеарен напад, но дека ќе бараат воена супериорност и ќе бидат во можност да добијат политички отстапки. Реган имал цела листа на предлози за нуклеарното оружје вклучувајќи и драстично намалување за 50% на стратешкото нуклеарно оружје.[134]

На обвинувањата од САД, дека Советскиот Сојуз води политика за глобална доминација, Горбачов одговорил дека Советскиот Сојуз заземал „принципиелен пристап" во развојот на земјите и нивните проблеми, немале монопол над нив и не се искористувале нивните човечки и природни ресурси. Советскиот Сојуз на процесите кои се случувале во тие земји гледал објективно и дека е природно земјите од третиот свет да се борат за политичка независност и контрола над сопствените ресурси.[135]

Горбачов се согласил со забелешката на Реган дека регионалните конфликти предизвикувале проблеми во нивните односи, но не можел да се согласи со тоа што САД сметал дека „експанзионизмот" на Советскиот Сојуз е одговорен за тоа. Советскиот Сојуз немал тајни планови за доминација во светот, тоа било нереално. Регионалните проблеми се резултат на борба која се развивала во многу фази. Понекогаш САД ја подржувал едната страна, а Советскиот Сојуз другата, и во некои области веќе го правеле тоа. [136]

Во врска со воената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан, Горбачов истакнал дека тие се залагаат за политичко решение во соработка со ОН, пакет мерки без влијание од надвор, повлекување на советските војници и враќање на бегалците со вклучување на сите во решавање на проблемот, постојат можности за политичко помирување. [137]

Агендата на Горбачов за средбата во Женева била целосно посветена на SDI програмата на САД, недовербата во размена на технологија и одбранбениот карактер на

[134] Geneva Summit Memorandum of Conversation. November 19, 1985 11:27 a.m.-12:15 p.m. First Plenary Session, стр. 7
[135] Geneva Summit Memorandum of Conversation. November 19, 1985 2:30-3:40 p.m. Second Plenary Meeting, стр. 2
[136] Geneva Summit Memorandum of Conversation. November 19, 1985 11:27 a.m.-12:15 p.m. First Plenary Session, стр.3
[137] Geneva Summit Memorandum of Conversation. November 19, 1985 2:30-3:40 p.m. Second Plenary Meeting, стр.4

SDI кој ќе иницирал создавање на ново офанзивно оружје. Горбачов во текот на разговорот за SDI:

> „(Ние) Советите, мислам SDI може да предизвика трка за вооружување во вселената, а не само трка во вооружување на одбраната, но и офанзивна трка во вооружување со вселенско оружје. Научниците велат дека било каков штит може да се прободе, па SDI не може да нè спаси. Па зошто да се создаде? Тоа има смисла само ако тоа е за да се браниме од одмазнички напад. Што би рекол западот ако Советскиот Сојуз го создаваше оваа оружје? Ќе реагираат со ужас“.[138]

Горбачов сепак мислел дека вистинската употреба на SDI е САД да може да го изврши првиот нуклеарен напад и со тоа да ја обезбеди својата безбедност.

На оваа средба лидерите имале можност за разговараат за општите причини за тензиите и меѓусебната недоверба. Самитот во Женева бил без некој вистински договор, но сепак имало доближување на ставовите и мислењата околу водењето на нуклеарна војна во која не може да се победи, не треба ни да се води. Овој Самит беше почеток на нова парадигма, почеток на нова социјална конструкција.

## Рејкјавик – октомври 1986 година

Самитот во Рејкјавик ќе биде запаметен по тоа што двете најмоќни глобално спротивставени земји беа во можност да се зближат и да воспостават нов начин на размислување за трката во вооружување, намалување на нуклеарниот арсенал во светот и воспоставување на меѓусебна коегзистенција на вистински и продуктивни односи со континуиран дијалог.

Горбачов и Реган во Рејкјавик биле дојдени со надеж за релативно драматични договори кои ќе бидат основа за идните договори за намалување на нуклеарното оружје. Идни договори затоа што средбата во Рејкјавик била планирана како пред-самит.

[138] Memorandum of Conversation, November 19, 1985, Plenary Session 11:27am-12:15pm. стр. 4.

„Реган ме поздрави и ја поздрави мојата иницијатива да се сретнеме во Рејкјавик, нашиот следен состанок во САД ќе биде попродуктивен. Како што нагласи претседателот, Рејкјавик не е дестинација, само попатна станица на патот кон Вашингтон".[139]

Реган на почетокот ја изразил неговата желба да се реализира договорот за намалување на нуклеарното оружје за 50%, и дека секој договор мора да содржи договор за ефикасна проверка кој би бил голем чекор за светот. Реган на оваа средба бил подготен да понуди „ нула " предлог за сите нуклеарни ракети со среден дострел, насекаде не само во Европа, што би значело остранување на СС-20 и Pershing II проектили од Европа и од Азија.

Горбачов се согласил за значително намалување на советското стратешко наоружување до 50%, како што било предложено на самитот во Женева, но секако очекувал и САД да направи отстапки и намалување на нивните проектили со долг опсег. Горбачов го прифатил „нула" предлогот.

Тоа било големо оставпување за американската страна. Прашањето околу проектилите со среден дострел во Азија, Горбачов предложил тие да бидат остранети од страна на Американците во духот компромис или барем за тимовите кои преговарале за вооружувањето во Женева.[140]

Вклучувањето на АВМ договорот, Горбачов предложил двете страни да се обврзат за строго и целосно почитување со цврст договор за повлекување на проектилите во период не помал од 10 години, во кое време SDI тестирањата ќе се вршат во лабараторија и мораториум на понатамошни нуклеарни тестирања.

И покрај тоа што Реган бил задоволен од советските предлози, тој се спротиставил, убедливото излагање на Горбачов за намалување на оружјето и позицијата на на советите за INF и SDI не биле прифатлив. за барањата на Горбачов за остранување на INF од Азија. Реган истакнал дека поради мобилноста на советските INF проектили преместувајќи ги во

[139] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 2, Глава 19, стр. 23 "Новости", Москва, 1995
[140] Memorandum of Conversation: Reagan-Gorbachev Meeting In Reykjavik: 11 October 1986. 10:40am- 12:30pm', стр.5

Азија сепак нема да направи разлика[141], поради должината на нивниот дострел тие сепак целат кон Европа.

За SDI програмата, Реган одговорил дека еден ден нов договор ќе го замени договорот за АВМ, треба да се се подготви и да се овозможи истражување и тестирање во присуство на преставници од секоја земја и кога системот ќе биде распоредлив тој ќе биде споделен со секоја страна. Горбачов не бил задоволен од одговорот и се надевал дека тоа се прелиминарни забелешки на претседателот и дека Реган и неговиот тим ќе дадат соодветно внимание.

Вториот ден од преговорите Реган го започнал разговорот со тоа што бил горд на тоа дека се договориле да се намали 50% од стратешкото вооружување, постигнувањето на било каков договор, по природа треба да биде глобален, за доколку се отстранат проектилите од Европа се спречи повторно инсталирање во Азија. Привремен договор, кој можеби ќе доведе до ограничување до 100 INF од двете страни на патот до нула, може да се постигне како компромис.[142] За одбраната и вселената, Рекан кажал дека Горбачов во тоа време не бил подготвен да се движи надвор од курсот за кој верувал дека е правилен.

Сепак преговарачите требаше да дадат инструкции за да се испита како SDI програмата моше да продолжи во рамките на АВМ договорот.

По излагањето на Реган, Горбачов одговорил дека претседателот одбивал да ги прифати предлозите кои биле понудени од советска страна. Горбачов и неговиот тим во Рејкјавик дошле со предлози кои биле многу конструктивни во насока на намалување на нуклеарното оружје. Но наместо тоа, да добива импулс за придвижување на преговорите напред, САД се обидува да ги влече работите station наназад.[143]

Горбачов ги потврдил причините за средбата, и тоа: преговорите од Женева, пред овој состанок, кои беа во ќор сокак. Потребен е нов пристап, како што е политичка волја и способност да се размислува широко, за да се померат работите од мртва точка. Советите нивните предлози ги направиле мислејќи на тоа, и го очекувале истото од Американците.[144] Горбачов го отфрлил предлогот за привремен договор за INF

[141] Memorandum of Conversation: Reagan-Gorbachev Meeting In Reykjavik: 11 October 1986. 10:40AM-12:30pm', стр.5
[142] Memorandum of Conversation; Sunday, 12 October 1986; 10:00am-1:35pm, стр.2
[143] Ibid. стр. 4
[144] Ibid. стр.5

проектилите, велејќи дека тој не е заинтересиран за палијативни и импровизирани решенија.[145]

Реган повторна ја објаснил неговата загриженост, на кое Горбачов одговорил: „Јасно е дека ништо нема да дојде од оваа дискусија."[146]

Горбачов побарал да се зборува искрено. Реган образложил дека САД и Советскиот Сојуз се големи нуклеарни сили и ако тие го започнат процесот на намалување на нивното нуклеарно оружје до нула, тогаш тие би стоеле рамо до рамо во барањето од другите држави дека и тие треба да го елиминираат нивното нуклеарно оружје, Горбачов се согласил, но изјавил дека можноста нема да трае и Рејкјавик едноставно ќе остане сеќавање. Реган одговорил дека тие треба да го искористат времето за да придонесат нешто за светот, да се ослободи светот од заканата за нуклеарна војна.[147]

Реган бил искрен во неговата желба за создавање на свет без нукларно оружје, но Горбачов се навратил на INF и бил согласен да се усвои американскиот став на „ нула " во Европа и ограничувањето на по 100 проектили во Азија. Реган се согласил. Задоволен од договорот за INF проектилите, Горбачов тогаш истакнал дека Советскиот Сојуз за време на Самитот направил голем број на остапки, а САД ништо. На прашањата околи SDI и договорот за ABM се очекувало да се има напредок.

Ставовите на Горбачов за ABM договорот и SDI беа јасни, договорот не треба само да се одржува тој треба да се зајакнува и истражувањето за SDI да се ограничи во лабараторија. Ако ова се случи ,тогаш елиминирањето на нуклеарното оружје може да продолжи во наредните 10 години.

По неколку часовни дебати двете страни се договориле да направат пауза за да можат тимовите да ги приближат ставовите околу ABM договорот.

Откако двете страни ги прочитале преговарачките позиции на нивните држави, најголема разлика се јавувала околу еден збор – лабараторија.

Горбачов го потврдил неговото мислење за SDI. Реган одговорил дека не го разбира противењето на Горбачов за SDI ако во светот не постоело нуклеарно оружје. Во тој момент Шулц побарал појаснување која категорија на оружје е предмет на дискуси во предлогот за елиминирање во 10 годишниот план. По дводневните интензивни дискусии

[145] Ibid. стр.7
[146] Ibid. стр. 6
[147] Ibid. стр.7

тој бил со впечаток дека во дискусиите се вклучени само балистичките проектили. Горбачов одговорил дека сите видови на оружје се предмет на дискусија, по што Шулц побарал пауза. Шулц се вратил со предлог во кој јасно е наведено дека американската страна зборува само за балистички проектили, не и за целата тријада на оружје поморско, (воздушно и копнено). Горбачов реагирал дека во стратешкото вооружување бил вклучен целокупниот арсенал и воздушниот, поморскиот и копненото оружје. Реган бил подготвен да се вклучи целото нуклеарно оружје кое може. Горбачов потврдил дека треба да се вклучи целата тријада.[148]

На прашањето на Реган дали тоа би било намалување на секое нуклеарно оружје, одговорил дека со него е се во ред и дека треба да го отстранат целото оружје. Горбачов одговорил потврдно дека можат да го направат тоа, да го елиминираат, а Реган одговорил веднаш, да го сторат тоа.[149] Реган предложил на преговарачкиот тим да изготват договор во кој ќе се види елиминирање на нуклеарното оружје во период од 10 години. Предлогот на Реган, многу од неговите експерти ,не биле подготвени да го прифатат.

Горбачов се навратил на АВМ договорот, Реган се обратил на Горбачов да не се уништи она што беше позитивно, за само еден збор – лабараторија. „Имаме договор можеме да бидеме горди“.[150] Но сепак принцип било во прашање, Горбачов кажа дека Реган беше три чекори да стане голем претседател, но ако тој не може да се согласи со ограничувања за во лабараторија, тогаш тие можат да си кажат збогум и да се заборави се што разговарале.[151]

Советскиот министер Шеварнадзе изјавил дека двете страни биле многу блиску до постигнување на историски договор кој ќе биде од историско значење. Одбивањето на Реган да се откаже од SDI програмата, значеше и пропуштање на можноста за елиминирање на нуклеарното оружје.

---

148 Memorandum of Conversation, Reagan-Gorbachev, Final Meeting, 12 October 1986, 3:25 p.m. - 4:30 p.m. and 5:30 p.m. - 6:50 p.m., стр.9
149 Ibid. стр.11
150 Ibid. стр. 13
151 Ibid. стр. 14

## Вашингтон – 8 декември 1987

По завршувањето на самитот во Рејкјавик, две работи останале сосема јасни, меѓународната заедница не го имала ентузијазмот кој го имале Реган и Горбачов за целосното укинување на нуклеарното оружје и дека Реган под никакви околности нема да се откаже од SDI.

Горбачов требало да донесе одлука дали да остане на неговиот став против американската SDI програма и да се намали нуклеарното оружје до одреден лимит или целосно елиминирање на нуклеарното, но притоа прашањето околу SDI програмата да го остави настрана.

Опасноста дека може да се распоредат INF низ целата граница на Советскиот Сојуз, Горбачов одлучил да ја привати „нула опцијата" на претседателот Реган без никакви квалификации. Ваквата постапка на Горбачов, прифаќање на американскиот предлог за INF, е голема победа на Реган.

Во писмо, кое Горбачов го напишал на претседателот Реган, тој ја прифатил „нула опција", покрај другото тој наведува дека во Рејкјавик била пресвртница на патот кон конкретни и итни мерки за намалување на нуклеарното оружје. Двете држави се наоѓале на прагот од важен договор кој ќе се донесе за прв пат во историјата за намалување на нуклеарните арсенали. Нуклеарното разоружување е исклучителна комплексна работа и важно е да се направи првиот чекор.[152]

На 30 октомври 1987 година советскиот министер за надворежни работи ја посетил Белата Куќа во Вашингтон каде официјално го објавил договорот за INF и престојната посета на Михаил Горбачов за да се потпише.

На 8 декември 1987 година, Горбачов пристигнал во Вашингтон и го потпишале договорот за INF.

На церемонијата пред потпишуивање на договорот свои излагања имале Реган и Горбачов. Реган, заблагодарувајќи се на сите присутни во Белата Куќа, нагласи дека церемонијата и договорот е одличен пример за награда на трпение. Тој пред повеќе од 6 години, 18 ноември 1981 година, за првпат ја предложил „нула опцијата". Тоа било обичен

[152] Gorbachev Letter to Reagan, October 28, 1987.

предлог , разоружувачки едноставен. За разлика од договорите во минатото, тој не е само кодифицирање на статус кво или нови оружја или контрола во трката на вооружување.[153]

За прв пат во историјата јазикот на контрола на оружјето било заменето со намалување на оружјето, во тој случај целосно елиминирање на цела класа нуклеарни проектили на САД и Советскиот Сојуз. За тоа било потребно драматични промени во начинот на размислување.[154]

Реган истакнал дека и покрај основните морални разлики кои постоеле меѓу двата народа, тие денес, во врска со тоа витално прашање, можеле да видат дека може да се постигне заеднички. Бројките ќе ја покажат вредноста на овој договор, од советска страна ќе бидат остранети над 1500 распоредени боеви глави, уништени, сите проектили со среден дострел вклучувајќи ги и СС-20 ќе бидат уништени. Од наша страна ќе бидат уништени Pershing II со уште 400 боеви глави. Дополнителните резерви на ракети на двете страни исто ќе бидат уништени. Но важноста на овој договор ги надминува бројќите.[155]

Во овој договор бил вклучен и инспекциски надзор на двете земји. Договорот ги штител интересите на Америка, но и еден важен принцип на гласноста,поголема отвореност во воената програма и сили.

Реган додал дека овој историски договор нема да биде цел сам по себе, туку почеток на работен однос кој ќе овозможи да се справат со други итни прашање кои биле пред нив како стратешкото офанзивно нуклеарно оружје, билансот на конвенционалните сили во Европа, десатруктивните и трагични регионални конфликти на многу делови од планетата и почитување на човековите и природни права на сите луѓе.[156] На крајот од неговото излагање тој се заблагодарил на сите што го овозможиле потпишувањето на ваковиот договор да стане реалност, особено на амбасадорите на двете земји, Глитман и Обуков.

По говорот кој го одржал претседателот Реган пред потпишувaето, и генералниот секретар Горбачов се обратил пред присутните.

[153] Remarks on Signing the Intermediate-Range Nuclear Forces Treaty
[154] Ibid.
[155] Ibid.
[156] Ibid.

Горбачов својот говор го започнал зборувајќи за важноста на настанот. Тоа што требало да се направи, потпишување на прва спогодба за елиминирање на нуклеарното оружје имало универзална вредност за човештвото, и од гледна точка на политиката и од гледна точка на хуманизмот. За сите, особено за нивните две земји, договорот , чиј текст треба да се потпише, нудел голема шанса да се добие излез од од патот кој водел далеку од заканата за катастрофа. Тоа било нивна должност, целосно да се искористи таа шанса и заеднички да се движат заедно кон нов свет без нуклеарно оружје.[157]

На крајот од неговото излагање Горбачов заклучил дека 8 декември 1987 година ќе биде запишан во историските книги како пресвртница во одвојување на ерата на се поголема опасност ов војна во ера на демилитиаризација на човечкиот живот.[158]

[157] Ibid.
[158] Remarks on Signing the Intermediate-Range Nuclear Forces Treaty,

# IV – Процесот на распаѓање на Советскиот Сојуз

## 4.1 - Независност на републиките

„Дали имаше проблеми во Советскиот Сојуз, вклучувајќи ги и етничките проблеми? Да, имаше политички, економски, социјални и меѓуетнички проблеми. Но сепак, тие не беа проблеми на земјата како целина, но на системот кој беше воспоставен. Овој административно - бирократски систем, овој тоталитарен систем не можеше да одговори на проблемите кој ги создава. Не замо што не успеа да придонесе за нивно решавање, ги продлабочи. Како резултат на тоа, нашата земја во 1980 година, влезе во фаза на тешка криза. Со цел да се надмине оваа криза, Перестројката беше започната. Меѓу проблемите кои постоеле во нашата земја се и тие што се однесуваат на различните националности. Ова многу добро го знам од мое лично искуство, затоа што многу години бев на чело на еден од најголемите региони во Советскиот Сојуз – Ставропол. Разбирам дека односите меѓу луѓето од различни националности и нивното заедничко постоење е нераскинлив дел од реалниот живот на нашето општество. Бев свесен колку е важно да се има претпазлив и чувствителен став кон оваа деликатно прашање“. [159]

Имало голем број на причини во основите на акутните меѓу-национални противречности во Советскиот Сојуз.

Долгото време за бирократско обединување на сите аспекти во животот, негативно се одразило на етно-културолошката сфера на животот. Често во слоганот „ социјалистички социјализам“ се криел големо-државен космополитизам кое довело до создавање на аверзија кај сите националности. Сите народи и националности кои живееле во Советскиот Сојуз во текот на историјата имаат искусено многу неправди (од

[159] M.S Gorbachev, On My Country and the World,Columbia University Press, New York, 1999. Стр.84

депортација до прогон на националната култура). Перестројката се видела како време за утврдување на нова национална политика.[160]

Противречностите меѓу народите и етничките заедници се јавуваат уште од 1918 – 1920 година, во земјата имало повеќе од 100 големи и мали нации, сепак само 15 од нив добиле републики. Во средината на 80-тите години на XX век, Советскиот Сојуз се состоеше од 15 републики: Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Казахстан, Латвија, Литванија, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Узбекистан, Украина и Естонија. На територијата на Советскиот Сојуз живееле повеќе од 270 милиони луѓе. Недоследноста на националната политика дала повод за многу контрадикторности. Во услови на Гласноста, овие конфликти ескалираа со отворена конфронтација.[161]

Економската криза која го зафатила целиот економски комлекс, зголемените меѓуетнички тензии, централната власт не успевала да се справи со економската ситуација, тоа само го зголемувало незадоволството во републиките.[162]

Тоа довело националните проблеми да излегуваат на површина во јавниот живот, (Јакутск и Алма-Ата во 1986 година), но од 1988 година до 1991 година, имало серија на меѓуетнички крвави конфликти во различни делови на Советскиот Сојуз. Карабах и Сумгаит (Азербеџан, 1988 година), Нова Узе (Казакстан, 1989 година), Фергана (Узбекистан, 1989 година), Кишињев (Молдавија, 1989 година), Сухуми (Апхазија, 1989 година), Аку (Азербеџан, 1990 година), Цхинвали (Јужна Осетија, 1990). Во 1989 година биле убиени 221 човек, но за шест месеци во 1990 година, 632 луѓе. Во тоа време имало 4648 немири, а повеќе од 600 илјади луѓе станале бегалци во сопствената земја.[163]

Од претходната власт се направени многу грешки во решавањето на меѓуетничките проблеми. Горбачов со цел да се решат ваквите проблеми одлучил да се трансформира бирократскиот и унитарен Советски Сојуз во демократска федерација на независни држави.[164]

[160] А. С. Берсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс", 2005, стр. 614
[161] А.С. Орлов, В.А. Георгиев, Н.Г Георгиева, Т.А Сивохина, -ИСТОРИЯ РОССИИ-, ООО Издательство Проспект, Москва, 2004, стр.325
[162] Ibid.стр325
[163] А. С. Берсенков, А. И. Вдовин, История России - 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс", 2005,стр.614
[164] M.S Gorbachev, On My Country and the World, Columbia University Press, New York, 1999. Стр. 85

Со политиката на Гласност, лингвистиката и културата станале основниот метод за национално изразување, кое претходно се игнорирало и забранувало од Комунистичката партија.

Во есента 1988 година, на изборите на централната и локалната власт на Естонија, Латвија и Литванија победиле претставниците на Народниот фронт. Како нивна главна задача, тие најавија постигнување на целосна независност, создавање на суверени држави.[165]

Национализмот се појавил како моќно оружје на локалните елити за борба против централната власт на Унијата.[166]

Балтикот беше едно од местата со постојани промени, но Гласноста овозможила партијата и државата да се потолерантни, со тоа движењето за независност во Балтичките земји постојано се зголемувало.

Независноста на земјите се остварило по случувањата во Алма-Ата и Нагорно Карабах. Во 1986 година, во Алма-Ата ( Казахстан) имало масовни собири и демонстрации против назначувањето на Генади Колбина, кој бил русин по националност, за прв секретар на Комунистичката партија на Казахстан.

Назначувањето на Колбин се зема како знак на непочитување и недовербата на луѓето во Казахстан. Толпи на луѓе протестираа на улиците на главниот град и во другите градови на Казахстан.[167]

На Пленумот на Централниот комитет кој се одржал во јануари 1987 година, Горбачов зборувал за неговите први видувања за националните проблеми:

> „Ние сме должни да ја признаеме реалната состојба и вистинските можности за развојот на националните односи. Денес, кога демократијата и самоуправата се прошируваат, кога има брз раст на националната самосвест меѓу сите народи и народности, кога процесот на интернационализација се интензивира, навременото и праведно решавање на конфликтите кои се појавуваат е од големо значење, и има само една можна основа за

[165] А.С. Орлов, В.А. Георгиев, Н.Г Георгиева, Т.А Сивохина, -ИСТОРИЯ РОССИИ-, ООО Издательство Проспект, Москва, 2004 ,стр.32
[166] Ibid. стр. 614-615
[167] M.S Gorbachev, On My Country and the World, Columbia University Press, New York, 1999. Стр. 85

> решавање на овие конфликти: Интересите на секоја нација и националност мора да бидат способни да се развиваат, како што мора и интересите на општеството во целина ... Настанита во Алма-Ата, и сите кои му претходеа на овој настан, бараат сериозна анализа и проценка". [168]

Исто така, имаше немири во близина на Романија, каде што илјадници луѓе протестираа против "Russification" на нивната Република Молдавија. Но, најголема закана за единството на Советскиот Сојуз беше дојдена од балтичките републики.

Во февруари 1988 година, масовни демонстрации се случиле во Ереван, главниот град на Ерменија, и други етнички и националистички судири следеа на различни места.

Социјални немири се појавиле во Балтичките земји, Украина и Белорусија. Јавноста, која била предводена од Народниот фронт, побарале укинување на советско-германската спогодба од 1939 година и објавување на документите за депортација на населението од балтичките земји и западните региони од Украина и Белорусија во периодот на колективизацијата, и за масовните гробници на жртвите од репресијата од Курапати (Белорусија) и друго.[169]

Балтичките земји биле систематски исклучени од донесување одлуки во советската политика и националности. Овие земји и Грузија побарале поголема автономија и на крајот побарале целосна независност. Во април 1988 година, во Естонија се формирал Националниот ослободителен фронт кои си имал за цел, целосна независност од Советскиот Сојуз. Во ноември, Врховниот Совет на Естонија изгласа да става вето на законите кои биле донесени во Москва. Латвија и Литванија исто имале формирано свои Национални ослободителни фронтови во 1988 година за прогласување на независност од Советскиот Сојуз.[170]

Конфликтот меѓу Ерменија и Азербејџан поради Нагорно-Карабах доведе до погроми на ерменски семејства во азербејџански Сумгаит во март 1988 година. За возврат,

---

[168] Ibid. стр.86-87

[169] А.С. Орлов, В.А. Георгиев, Н.Г Георгиева, Т.А Сивохина, -ИСТОРИЯ РОССИИ-, ООО Издательство Проспект, Москва, 2004, стр.325

[170] John B. Dunlop, The Rise of Russia and the Fall of the Soviet Empire, Princeton University Press, 1993, New Jersey,стр 10

илјадници Азербејџанци беа принудени да побегнат од Ерменија и Нагорно-Карабах. Во почетокот на 1989 година, централната власт, во Карабах воведе директна управа од централен одбор, надевајќи се дека ќе овозможи решавање на проблемот, но на крајот на годината, Нагорно-Карабах се врати во надлежност на Азербејџан. Врховниот совет на Ерменија одговори со усвојување резолуција за обединување на Нагорно-Карабах со Ерменија. Конфликтот ескалираше во полн обем со војна меѓу воените сили на Азербејџан и Карабах, со активна поддршка на Карабах од Ерменија. Врховниот совет на Азербејџан на 24 септември 1989 го усвои законот за суверенитет на републиката.[171]

Други националистички движења се појавиле во Централна Азија, како и во Украина.

Септември 1989 година, со појавата на украинскиот Народниот фронт и анти-руското расположение, стана јасно, особено кај малцинства во републики како што се балтичките републики и во Грузија дека процесот за прогласување на независност е незапирлив.

На почетокот на 1990 година, Горбачов го посетил Вилнус, главниот град на Литванија. Тој бил со измешани чувства, - „отидов во Литванија со измешани чувства на страв и надеж“.[172]

На плоштадот во главниот град имало масовен митинг од 300 000 луѓе, кои барале независност.

Горбачов во Вилнус имал средба со Бразаускас и М. Бурокјавичхус секретарот на Литванската Комунистичка партија, претседателот на Президиумот на Врховниот совет на Литванија, В. Астраускас и претседателот на Советот на министри В. Сакалаусјас кој веќе имал средби со Литванските лидери Медведев и Маслиуков.[173]

Неколку месеци по посетата на Горбачов на Литванија, станало јасно дека не можеле да го сменат текот на настаните. На 11 март 1990 година, Врховниот Совет на Литванија усвоил декларација за независност, изјавувајќи дека уставот на Советскиот

[171] А. Безбородов, Н. Елисеева, В. Шестаков, - Перестройка и крах СССР. 1985 – 1993, Санкт-Петербург, 2010, стр.100
[172] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы“- книга 2, Глава 42, "Новости", Москва, 1995, стр.11
[173] Ibid. стр.5-6

Сојуз веќе не бил валиден на териториријата на Литванија.[174] Литванија се прогласила за суверена држава со не-комунистичка власт која била предводена од Витаус Ландсбергис.

На 13 април 1990година, со одлука кој била донесена на Третиот конгрес на Народни заменици, бил поставен ултиматум на Литванија, ако таа не ја отповика одлуката за независност во рок од 48 часа, Горбачов ќе побара другите републики да ја исклучат Литванија од трговијата.

Врховниот Совет на Литванија официјално одбил да ги признае одлуките од Третиот конгрес на Народни заменици. Литванија успеала да ги издржи бојкотот. Со измените на членот 6 од уставот на Советскиот Сојуз, а усвоени од Врховниот Совет, независноста на Литванија добила на легимитет, со ваквите измени на законот републиките имале можност за излез од унијата.

Процесите на раст на националната свест, за пребарување на националниот идентитет и артикулација на националните интереси продолжил во Латвија, Азербејџан, Молдавија и Украина. Во ноември 1988 година декларација за државен суверенитет била усвоена од Врховниот Совет на Естонија. Идентични документи биле усвоени од страна на Литванија, Латвија, Азербејџан (1989) и на Молдавија РБС (1990). На 12 јуни 1990 година, на I Конгрес на Народни пратеници е усвоена Декларацијата за државниот Суверенитетот на Русија.[175]

На IV Конгрес на Народни заменици на Советскиот Сојуз во декември 1990 година, се повика на зачувување на Советскиот Сојуз и негова трансформација во демократска федерална држава. Конгресот усвоил резолуција „ за генералниот концепт на договорот на унијата и неговиот ред на потпишување“. Во договорот се забележани основите за обновување на Сојузот, да биде во принцип на национално утврдените декларации, еднаквост на сите граѓани, право на самоопределување и демократски развој и територијален интегритет.[176]

Гласноста и демократизацијата е тоа што им даде можност на луѓето да ја отфрлат Комунистичката партија и Советскиот Сојуз, Комунистичката партија и Горбачов ја загубиле контролата над луѓето во Советскиот Сојуз. Гласноста на Горбачов им

[174] Ibid. стр.11
[175] А.С. Орлов, В.А. Георгиев, Н.Г Георгиева, Т.А Сивохина, -ИСТОРИЯ РОССИИ-, ООО Издательство Проспект, Москва, 2004 ,стр.326
[176] Ibid.стр.326

овозможила слобода на луѓето да се спротивстават против Комунистичката партија и Советскиот Сојуз, и борба за нивните националистички идеи и намери за независни републики.

## 4.2 - Ново – Огаревски процес

По завршениот референдум, Горбачов предложил да се потпише нов договор за Унијата. Идеа за потпишување на нов договор на советските републики се појавила во 1990 година,

На I Конгрес на Народна замениците на Советскиот Сојуз, Договорот за нова Унија беше наведена како круна на реформата на политичкиот систем. Во исто време започна работата на проектот, биле вклучени повеќе од 200 експерти од различни дисциплини, како и претставници на повеќе од 40 политички партии и движења. Работата на формирањето на проектот ја надгледувал претседателот на Врховниот Совет на Советскиот Сојуз, А.И Лукјанов. Со потпишување на нов договор можеле да се создадат услови и за создавање на нов Устав на Советскиот Сојуз. Првиот нацрт за договорот за сојуз на суверените републики бил објавен на 9 март 1991 година.

Првата фаза во формулирањето и креирањето на овој документ се одвивал во Ново – Огарево во близина на Москва, од 23 јуни до 23 јули 1991 година, во формирањето на финалниот текст на овој договор биле вклучени адвокати, членови на ЦК на КПСС, лидерите од унијата и автономните републики, често посетувани и од Михаил Горбачов. Финалната верзија од договорот Горбачов ја потпишал на 16/17 јуни 1991 година[177], примероци од договорот биле испратени до врховните совети на 9 републики, Балтичките земји и Кавкаскиот регион не учествувале во процесот. Примероци добиле и членовите на Врховниот Совет на Советскиот Сојуз, но не сите се согласувале со овој проект. Многу прашање, коментари и забелешки биле испратени до Михаил Горбачов и претседателот на Врховниот Совет, Лукјанов. Подготовките на договорот с□ до последниот состанок се одвивале безнадежно.

[177] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

Во Ново-Огарево на 23 јули 1991 година се одржал најголемиот состанок за формирање на петтата верзија за нов договор на Унијата. На овој состанок учествувале лидерите на Руската Федерација, Украина, Белорусија, Узбекистан, Казахстан, Азербејџан, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан и претседателот на СССР. По предлог на Горбачов добро би било автономните републики да бидат ко-основачи на новата државна заедница. По 12 часовна дискусија биле решени скоро сите спорни прашања. По размена на мислења, сите учесници на средбата го поддржаа предлогот. А заеднички документ беше изготвен и усвоен, под наслов "Заедничка декларација за итни мерки за стабилизирање на ситуацијата во земјата и надминување на кризата."[178]

Договорот бил подготвен за потпишување, учесниците на средбата се договориле потпишувањето на новиот договор да се изврши во септември-октомври, на Конгресот на Народните заменици на Советскиот Сојуз. Горбачов ја подржал процедурата за потпишување на Договорот за Унијата.

Следниот ден на редовно пленарната седница на Централниот комитет на Комунистичката партија се усвоила декларацијата од страна на деветте лидери на советските републики и претседателот на Советскиот Сојуз , и беше донесена со тврдењето:

„Со цел да се надмине непосредна катастрофа, од витално значење е (1) нов договор за Унијата да биде потпишан на основа на резултатите од референдумот за зачувување на Сојузот на советските социјалистички републики; и (2) уставниот поредок и законитоста повторно да се воспостави во земјата."[179]

На 2 август 1991 година Горбачов се појавил на националната телевизија и објавил дека лидерите на делегациите, кои биле овластени од Врховните Совети на републиките, испратиле писмо со предлог дека договорот ќе биде подготвен за потпишување на 20 август 1991 година. Истото писмо било испратено и до републиките кои сеуште јасно ги немале прецизирано нивните ставови. Први кои ќе го потпишат договорот биле делегациите од Руската Федерација, Казахстан и Узбекистан.

Покрај објавата за датумот за потпишување на договорот за Унијата, Горбачов во тој говор го изјавил и следново:

[178] M. Gorbachev – „On My Country and the World", Columbia University Press, New York.стр. 123
[179] Ibid.стр

„Ние влегуваме во решавачка фаза во трансформацијата на нашата мултинационална држава во демократска федерација на еднакви советски републики. Што значи склучување на нов договор на Унија за животот на нашата земја? Пред се, тоа е реализација на волјата на граѓаните изразена на референдумот на 17 март. Договорот предлага трансформација на Сојузот на две основи, континуитет и обновување. Државниот систем на нашата Унија, во која трудот на многу генерации на луѓе и на сите народи и народности на нашата татковина се отелотворени, ќе бидат зачувани. Во исто време, нова, вистинска доброволна унификација на суверените држави, таа ќе се одржи и во ваква унификација, сите националности и народи ќе ги насочуваат своите работи одделно и слободно да ги развиваат нивните сопствени култури, јазици и традиции“.[180]

Првиот проектот беше одобрен на 16 јуни 1991 година, а објавен во јавноста на 27 јуни, понатамошниот развој на документот се вршел во тајност. Финалниот документ е објавен на 16 август 1991 година, три дена пред очекуваниот датум за потпишување, со тоа практично беше елиминирана можноста за темелна дискусија и измени.

Проектот бил критикуван и од демократите и конзервативците. Демократите и националните елити во републиките сметале дека таквиот договор ги оживува царските традиции и кршење на националниот суверенитет. Конзервативците, од друга страна го виделе како закана за интегритетот на Унијата, тој беше оценет како отскочна даска за отцепување на републиките од Советскиот Сојуз,[181] тие предлагале да се ревидира документот, во Врховниот Совет, а потоа и на Конгресот на Народните заменици. По објавувањето на финалниот текст на договорот, на иницијатива на В.С Павлов на 17 август 1991 година во кабинетот на премиерот се дискутираше за финалниот текст од договорот. Премиерот ја прифатил идеата, но предложил голем број на барања за кој тој

[180] M. Gorbachev – „On My Country and the World“, Columbia University Press, New York, стр. 132
[181] А. Безбородов, Н. Елисеева, В. Шестаков, - Перестройка и крах СССР. 1985 – 1993, Санкт-Петербург, 2010,стр.147

сметал дека се потребни во договорот. Горбачов се согласил да се сретнат со премиерот на 19 август 1991 година и да се разговара за новите барања.

На 29 јули истата година, Горбачов ги поканил Елцин и Назарбаев на неформален состанок во Ново-Oрегово, исто така биле присутни и Лукјанов, Лаптев, Нишанов, Павлов, Јазов, Бесмертников и Шербаков. Задача на денот беше да се решат прашањата за кои имало најмногу коментари како што се: членството во Унијата, буџетот и даноците на Унијата, сопственоста, Врховниот Совет и Уставниот Суд.[182] Горбачов сакал побрзо да се заврши расправата околу спорните прашања и да се закаже датум за потпишување на новиот договор. На овој состанок било одлучено потпишувањето на Договорот за Унијата да започне на 20 август 1991 година, а не како што беше предложено во септември-октомври, и на инсистирање на соговорниците, Горбачов се согласил за промена на повисоките ешалони на власта на Унијата: итна замена на В.С. Павлов; В.А Крушчов; Д.Јазов; Б.Пуго; Г.И Јанајев.[183]

Недостатокот на консензус во општеството во врска со нацрт договорот за Унијата, ќе го смени текот на историјата. Седум републики се согласиле со овој договор, Балтичките држави одбиле било какви преговори за ваквиот договор, Грузија прогласила независност. Украина сеуште чекала резултати од референдумот, републиките од Централна Азија активно ја подржувале идеата за "обновување на Унијата". Лидерството на Сојузот планирало да потпише договор на 20 август 1991 година.[184] Потпишувањето на Договорот за Унијата е во средина на конфронтацијата меѓу главните политички сили, во завизност од тоа кој ќе победи, мораше да се утврди политичката Унија и републичките нивоа.

По 25 години подоцна од овие случување, јасно е дека потпишувањето на овој договор немаше да го спречи распаѓањето на Советскиот Сојуз.

[182]. M. Gorbachev – „On My Country and the World", Columbia University Press, New York, стр. 130
[183] А. С. Берсенков, А. И. Вдовин. История России. 1917—2004. Издательство „Аспект Пресс", 2005 стр. 638
[184] Ibid. стр. 147

## 4.3 - Референдум за зачувување на Унијата

Ниту во Русија, ниту во Советскиот Сојуз некогаш се одржал референдум, иако тоа било пропишано со Уставот на Советскиот Сојуз.

Горбачов бил убеден дека ако се одржи референдум, мнозинството на граѓани ќе се изразат во корист на зачувување на Унијата.[185]

Тој бил иницијатор, на Конгресот на Народни заменици, за донесување на одлука за одржување на референдум. На 14 декември 1990 година, Конгресот усвоил резолуција за одржување на референдум за судбината на Унијата, и на 16 јануари 1991 година, Врховниот совет донел решение за одржување на референдум, на територијата на Советскиот Сојуз, на 17 март 1991 година. Прашањето за кое требаше да се одговори на референдумот гласеше: „ Дали сметате дека е потребно да се зачува Сојузот на Советски Социјалистички Републики како обновена федерација на еднакви суверени држави-републики во кои правата и слободата на лицата од сите националности ќе бидат целосно загарантирани“.[186]

Демократска Русија и голем број на други партии и од различни републики формирале „Демократски Конгрес Блок“, кој повикал на масовни акции под паролите: „Не на референдумско прашање на Унијата" и „Поддршка на Елцин, претседател на Врховниот Совет на РСФСР".[187]

Сите балтички земји како и Грузија, Ерменија и Молдавија одбиле да учествуваат на референдумот.

Како се доближувал денот на одржување на референдумот, така драматично се зголемувала политичката активност на политичките партии и движења. Кон крајот на февруари се создаде „ Движење за голема обединета Русија“, истовремено се формирала и „ Научно-индустриската Унија“.[188]

Постоеле различни позиции за референдумот, идеолозите на Демократска Русија директно ги повикувала гласачите да кажат „НЕ“ за зачувување на Сојузот, а

[185] M.S Gorbachev, On My Country and the World, Columbia University Press, New York, 1999. Стр.118
[186] Ibid. стр.118
[187] Ibid. стр.118
[188] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы“- книга 2, Глава 42, "Новости", Москва, 1995, стр.45

Комунистичката партија, може да се каже и сите други, застанале во одбрана на зачувување на државната заедница.[189]

На 15 март 1991 година, Горбачов имал телевизиско обраќање до граѓаните на Советскиот Сојуз во врска со референдумот. Говорот бил краток, во тоа време било неопходно да се најдат вистински зборови, земајќи го фактот дека една иста идеа може да се разбере на различни начини во Русија, Централна Азија и Кавказ.

Говорот на Горбачов за придобивките од референдумот:

> „Учество на референдумот, секој од нас мора да биде целосно свесен дека со тоа се решава главното прашање кое ќе влијае на сегашноста и иднината на нашата мултинационална држава. Станува збор за судбината на земјата, судбината на нашата татковина, нашиот заеднички дом, за тоа како живееме со вас, нашите деца и внуци.
>
> Тоа прашање е со таков обем и толкава важност, која стои над интересите на одделни партии, општествени групи, политички и социјални движења. Правото за решавање на такво прашање го има само народот. Апелирам до сите вас, драги сограѓани, да учествувате на референдумот во Унијата, и на прашањето да одговорите со "да".
>
> Нашите "да" - почитување на државата, која постојано ја покажува својата способност да ја брани независност и безбедност на народите, обединети во неа.
>
> Нашите "да" - за да се спаси интегритетот на државата, што е илјада години и што е создадена од страна на работна сила и интелигенција, безбројните жртви на многу генерации. Држави кои се нераскинливо испреплетени и судбините на народите и милиони човечки животи, нашата со вашата судбина.
>
> Нашите "да" - тоа е гаранција, дека пламенот на војната никогаш нема да ја изгорат нашата земја ... Нашите "да" - ова не е за зачувување на стариот поредок, со доминација на центарот и

[189] Ibid. стр. 46

републиките на беззаконие. Позитивниот исход на референдумот ќе го отвори патот за радикална обнова на сојузната држава, претворајќи ја во федерација на суверени републики, каде се цврсто загарантирани правата и слободите на граѓаните од сите националности.

Нашите "да" на референдумот и за склучување на Договорот за Унијата е да се стави крај на деструктивните процеси кои се одвиваат во нашето општество, да се вклучите решително и одлучно, за да се вратат нормалните услови за живот и работа.

Како што го разбирам, тоа е токму она што им треба на луѓето, тоа е она што го сака најмногу нашиот народ. Тие се уморни од бескрајните разгорување на страстите. Тие бараат решавање на практични проблеми во однос на производството, а во однос на потрошувачите на пазарот, владеењето на правото, активностите на државните органи. Со други зборови, луѓето сакаат да се воведе животот во нормала.

Успехот на референдумот - Јас, исто така сакам да го истакнам - ќе отвори нови можности за постојано продолжување на започнатите реформи во земјата ...

И уште. Тоа е тешко, ако не и невозможно, да се решат предизвиците со кои се соочуваме, без согласност и соработка на заедницата. Поради тоа е потребно, се додека не е доцна да се запре растот на нетолеранција, гнев, а во некои места и непријателствата. Тоа, исто така може да се направи заедно, како што велат, во светот. Со позитивниот исход на референдумот ќе се означи почетокот на консолидација на општеството.

Силно е моето убедување дека, ако постои длабок јаз во општеството, победници нема. Губитници се сите ...

Секој од нас сега се соочува со историски избор. Апелирам до сите вас, драги мои сонародници и жени да кажат „ДА“ за

референдумот во врска со нашата голема држава, нашата Унија, да ја зачуваме за себе и за нашите потомци".[190]

Референдумот за зачувување на Унијата се одржал на 17 март 1991 година.

Гласањето се одвивало мирно, а резултатите од референдумот успеале да ги оправдаат оптимистичките очекувања. На референдумот учествувале 80% од запишаните во листата на гласање, а од нив 76% се во корист на зачувување на Советскиот Сојуз. Во Руската федерација на референдум учествувале, 75,4% од населението и 71% од нив одговориле со "да". Соодветни бројки имало и во Украина, 83% излезеност и 70% гласале позитивно, Белорусија 83% и 83%, во Узбекистан - 95% и 93,7%, во Казахстан - 89% и 94%, во Азербејџан - 75% и 93%, во Киргистан - 93% на 94,5%, во Таџикистан - 94% и 96%, Туркменистан - 97.7% и 98%.[191]

Бројот на граѓаните кои учествуваа, на 17 март 1991 година, на референдумот бил 148,574,606 или 80% од регистрираните гласачи. Од нив, 113,512,812 или 76,4% гласале со ДА, 32,303,977 или 21,7% гласале со НЕ, бројот на неважечки ливчиња бил 2,757,857 или 1,9 %. Резултатите зборувале сами за себе, мнозинството граѓани (значително мнозинство) гласале во корист на зачувување на Унијата како обновена федерација.[192]

[190] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 2, Глава 42, "Новости", Москва, 1995, стр.46-47-48
[191] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html
[192] M.S Gorbachev, On My Country and the World, Columbia University Press, New York, 1999, стр.121

## 4.5 - Избор за Народни Заменици на Советскиот Сојуз

Изборите за народни Заменици на Советскиот Сојуз бил закажан за 25 март 1989 година, а започнале со интензивна и помалку хаотична изборна кампања. Изборната кампања се одвивала по различни градови, републики и области и на различен начин со многу чудни ситуации па и конфликти.

Централно место во вниманието на печатот била Москва. Таа била најголемата изборна единица и со најголем број на пратенички места. Во тие неколку месеци во Москва имало најголема концентрација на познати имиња кои влегле во политиката, исто така голем број на луѓе од сите сфери на животот влегле во политиката.

Меѓу новите пратеници - 87,6 % биле од членовите на Комунистичката партија.[193]

Независните кандидати во целата земја освоиле 50 места, Академијата на науките на Советскиот Сојуз освоила 30 места. Народни заменици на Советскиот Сојуз станале 55 писатели, 32 режисери, 59 новинари, 16 сликари, скулптори и композитори, 14 вработени во универзитетите и директори на истражувачки центри. Никогаш во еден од највисоките органи на власта во Советскиот Сојуз немало толку познати личности од интелегенцијата.[194]

Најголем успех на изборите имал Борис Елцин. Тој се кандидирал во Московската национално-територијална област во Русија, во која биле вклучени цела Москва и неколку предградија и региони. Борис Елцин освоил 90% од гласовите и по ваквиот успех тој станал вториот најпопуларен политичар кој имал влијание не само во Русија туку и во Унијата.

Во Ленинград, не бил избран ниту една член на партијата, ни лидерот на градот и регионот не бил член на партијата, ниту еден член не бил во Покраинскиот комитет на Бирото, вклучувајќи го и првиот секретар, па дури и командантот на воената единица.

Негативни резултати работничка партија на изборите имала во големите индустриски и научни центри во регионот на Волга, Урал, Сибир и на Далечниот исток,

[193] Вадим А. Медведев. – „В команде Горбач0ева: Взгляд изнутри", Еылина, Москва, 1994, http://lib.misto.kiev.ua/MEMUARY/GORBACHEV/medvedev.dhtml

[194] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

југ и истокот на Украина. Најголем пораз претрпеле партиските кандидати во Балтичките земји, Ерменија и Грузија. Релативно добро за партијата се покажале изборните резултати во области на Централна и Црна земја, во регионот на Северен Кавказ, Белорусија, Казахстан и Централна Азија. Во принцип, во територијалните и национално-територијалните единици се избрани околу 20% – 25% пратеници од луѓе кои биле поставени од партијата.[195]

## 4.6 - Првиот Претседател

Во почетокот на 1990 година, пред Третиот Конгрес на Народните заменици, на партиските седници често се дебатирало за измени и дополнувања на Уставот на Советскиот Сојуз.

Анатоли Лукјанов имал одредени предлози за дополнување и измени во Уставот како „ Проект за нова делница од Основниот закон за претседатедел на Советскиот Сојуз, како и различни корекции и дополнувања во деловите кои директно биле поврзани со воведувањето на функцијата претседател на државата“.[196] Лукјанов не го криел фактот дека станува збор за избор на Горбачов за претседател на Советскиот Сојуз.

На пленумот на Централниот Комитет и на Конгресот на Народни заменици во март имало сериозни дискусии за формулирање на амандманите на член 6 и други членови од Уставот, со кој се воведува одредба за воспоставување на функцијата претседател.

Пред гласањето за членот 6, пратениците се обиделе да се острани од текстот Комунистичка партија, но тоа не поминало. Членот 6 од уставот бил усвоен со следниот текст:

„ Комунистичката партија на Советскиот Сојуз, други политички партии и синдикати, младите и други јавни организации и масовни движења преку свои преставници избрани за членови на Советот на Народни заменици, како и на друг начин

---

[195] Вадим А. Медведев. – „В команде Горбач0ева: Взгляд изнутри“, Еьлина, Москва, 1994, http://lib.misto.kiev.ua/MEMUARY/GORBACHEV/medvedev.dhtml

[196] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

да учествуваат во креирањето на државната и социјална политика во советската држава „[197]

Членот 6 бил во врска со предлогот за реконструирање на највисокиот државен орган, за прв пат во руската историја, да има претседателска функција. Со измените во членот 6 и дополнувањата на Основниот закон со член 127, кои биле поврзани, првиот значеше дека земјата не е веќе еднопартиски систем, тоа е еден од основните принципи на демократијата – идеолошки и политички плурализам. Вториот значеше признавање на друг подеднаков важен принцип на демократијата – поделба на власта.[198]

Воведувањето на претседателската функција била значајна иновација во советскиот систем – смена на претседателот на Президиумот на Врховниот Совет со претседател на Врховниот совет. Тоа само по себе го областува преседателот и му дава често претседателски областувања. Истовремено тој останува на чело на Врховниот Совет и според тоа ќе работи на законите заедно со пратениците, свесен за својата одговорност пред преставниците на народот.[199]

По детално разгледување и дебатирање на членовите 6 и 127, пратениците ги изгласале и амандманите биле прифатени, по што Конгресот започнал со разгледување на кандидатите за претседателската функција.

В.А Ивашко, тогашниот прв секретар на Комунистичката партија на Украина, а подоцна заменик генерален секретар на ЦК на КПСС, кажал дека два дена пред пленумот, Централниот Комитет за функцијата претседател на Советскиот Сојуз едногласно го номинирале Горбачов.[200]

Подршка за кандидатурата на Горбачов имало од претседателот на Колхозите од Белгород, Г. С. Походнја, маршалот В. Г. Кулуков. Имало и такви кои биле против Горбачов и против функцијата претседател. Горбачов немал против кандидат, и на првите претседателски избори ( тајно гласање), со 1329 гласови –За и 495 гласови – против[201] бил избран првиот претседател на Советскиот Сојуз. Пратениците земале ливчиња за гласање но некои од нив не гласале, излегувале надвор со ливчињата.

[197] Михаил Горбачев, -„Жизнь и реформы"- книга 1, "Новости", Москва, 1995, Глава 15, стр. 21
[198] Ibid. стр. 22
[199] Ibid. стр. 22
[200] Ibid. стр. 28-29
[201] Ibid. стр. 30

По изборот на Горбачов за претседател тој одржал говор во кој ја искажал неговата намера дека и како претседател ќе продолжи со политиката на Перестројката. Воедно одговорил на пратениците, кои се плашеле дека претседателството може да доведе до узурпација на власта, дека немаат причина за такво нешто бидејќи со Уставот се гарантирала моќта на Конгресот на Народните заменици и Врховниот Совет на Советскиот Сојуз.

Новиот тим на Михаил Горбачов, како претседател, се состоел од многу добри луѓе, но како институција на власт беше слаб.[202]

Во тимот биле вклучени: А.Н. Јаковлев, В.А. Медведев, Н.И. Рижаков, В.А. Кручков, Е. Шеварнадзе, Д.Т. Јазов, Е.М. Примаков, Г.И. Ревенко, В.Болдин, В. Бакатин. Во новиот државен врв биле вклучени и писателите - Валентин Распутин и Чингиз Аитматов, академик – Јуриј Осепјан, Бенјамин Јарин и други.[203]

## 4.6 - Августов пуч (заговор)

Августовиот Пуч од 1991 година е последната и можеби и најважна епизода во процесот на распаѓање на Советскиот Сојуз. Доаѓа до отворена конфронтација на двата најголеми, идејно различни, политички субјекти во Советскиот Сојуз. Од една страна тоа е Државниот комитет за вонредна состојба на Унијата и од другата републиканците кои биле предводени од руската влада и претседател Бори Елцин.

Пресудно за започнување на августовиот пуч било најавеното потпишување на новиот договор за Унијата. Пучистите процениле дека со новиот договор тежиштето на власта од Москва ќе се префрли во рацете на републиките, а со тоа нема да може да се контролира власта во републиките. Рушењето на централизацијата била критична точка од која аеможеле да отстапат и тоа ги натерало да превземат радикални мерки.[204]

[202] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html
[203] Ibid.
[204] Branko Caratan, - „Politicka Misao"- Časopis za političke znanosti, - Kraj Sovetskog Saveza – Perestrojka bez Gorbačova, Zagreb, 1992, Vol. XXIX No.3, стр.54

Овој обид да се разреши Горбачов од функцијата претседател на Советскиот Сојуз, од страна на група конзервативни лидери од раководството на КПСС, советската влада, армијата и КГБ, од 19 до 21 август 1991 година, довеле до радикални промени во политичката ситуација на земјата, КПСС ја губи нејзината моќ, релативното зголемување на моќта на регионалните лидери во однос со централната власт на Советскиот Сојуз и забрзување на распадот на Советскиот Сојуз.

Политичката криза која настанала од 19 до 21 август 1991 година, се развивала толку брзо, што конвенционалните мерки за справување не биле доволни. Јасно беше дека два политички центри се бореле за моќ, советското раковотство, помалку Горбачов и руските лидери, тие имале различните ставови во врска со економскиот, политичкиот и државниот развој. Првите се залагале за социјалистички избор, развој на советскиот систем и зачувување на една држава во рамките на Советскиот Сојуз, вторите сакале полиберален пристап кон економијата, промена на советскиот систем и конфедерација на државите. Високите функционери на Советскиот Сојуз силно се спротиставувале на планираното потпишување на договор текстот за Унија, кој требал да се потпише на 20 август 1991 година. Откако тие не успеале да го убедат Горбачов да го промени текстот на договорот тие одлучиле да дејствуваат самостојно.

Такви тенденции, за одстранување на Горбачов од власта, не се јавиле туку така. Со доаѓањето на Горбачов на местото Генерален секретар и неговите реформи, веднаш се појавил отпор и група која била скептична околу реформите, претежно тоа биле „тврдокорни“ комунисти.

На 4 август 1991 година претседателот Горбачов ја напуштил Москва, тој бил на одмор во неговата летна резиденција на Фарос на Крим. Во Крим со него, покрај неговото семејство, повикал многу луѓе за да го подготват неговиот говор во процесот на потпишување на Договорот за Унијата.

Во Москва власта останала во рацете на заменик претседателот на Советскиот Сојуз Г. Јанаjев и премиерот В. Павлов, претседателот на Врховниот Совет на Советскиот Сојуз А. Лукјанов исто така бил на одмор. На чело на ЦК на КПСС останал членот на Политбирото О. Шењин. Вистинската власт во тие денови останала во рацете на луѓе кои биле најрешителни противници на потпишувањето на Договорот за Унијата,

претседателот на КГБ, В. Кручков, министерот за одбрана маршалот Д. Јазов и секретарот на ЦК, О.Бакланов.

7 август 1991 година, на тајна средба во која учествувале Кручков, Јазов, Бакланов и Болдин почнала да се развива првата верзија на системот мерки кои биле потребни во случај на вонредна состојба. Техничките детали на овој систем мерки Јазов наредил да ги развие командантот на воздушните сили на советската армија, генерал П. Грачев.[205] Неколку денови подоцна во работата бил вклучен и министерот за внатрешни работи Б. Пуго, кој исто бил на одмор во Крим, но бил добро информиран за ситуацијата во земјата и во Москва. По седум дена на 14 август 1991 година во работата на изготвувањето на документи и конкретни активности во врска со воведувањето на вонредна состојба се вклучувале се повеќе луѓе на различни нивоа. Кручков, Јазов, Бакланов, Шењин, Јанаев, Болдин, Павлов и други секојдневно го информирале Горбачов за состојбата во земјата и Москва, но не ги пријавивале техничките детали за подготовките на вонредната состојба.

За тајните договори кои биле направени на 29 јули 1991 година, од страна на Горбачов, Елцин и Назарбаев не знаеше речиси никој. Најновата верзија на Договорот за Унијата, договорена на 23 јули 1991 година во Ново-Огарево, исто така не била објавена, иако текстот на документот веќе бил кај неколку десетици луѓе. Сосема неочекувано, овој документ е објавен утрото на 15 август 1991 година во весникот "Московски Новости".[206] Наредниот ден документот се појавил во скоро сите весници во Советскиот Сојуз.

Додека Горбачов се наоѓал на одмор во Москва се финализирале сите детали околу потпишувањето на договорот за Унијата, овој чин бил одобрен од Кремљ, документот се наоѓал во канцаларијата на В. Болдин. Но, таа вечер луѓето кои подоцна ќе ги нарекуваат „пучисти", се собрале на средба во објект на КГБ со кодно име „АБЦ" или „АВС" на крајот на Ленин авенијата.[207]

Заговорниците се надевале дека ќе можат да извршат притисок над Горбачов да прогласи вонредна состојба, со цел да се врати редот и законот.

На состанок кој се одржал зад затворени врати во гостинската соба на КГБ, Кручков го имал воведниот говор, со подетален извештај продолжил премиерот Павлов,

[205] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html
[206] Ibid.
[207] Ibid.

кој зборувал најмногу за лошата економска состојба во земјата. Министрите во принцип не биле против потпишувањето на договорот за Унијата, тие биле против проектот и за времето на неговото потпишување.[208] Учесниците на овој состанок решиле да дејствуваат. На крајот беше одлучено да се испрати специјална делегација на средба со Горбачов, која ќе го убеди претседателот на Советскиот Сојуз да го одложи потпишувањето на Договорот за Унијата

Било одлучено на 19 август истста година да се формира Државен комитет за вонредна состојба (ГКЧП), да се прогласи вонредна состојба низ целата територија на Советскиот Сојуз и да се побара оставка на Горбачов. Рускиот претседател Борис Елцин требало да се задржи на аеродромот „Чкаловски", за да разговара со министерот за одбрана Јазов, а како ќе се постапувало со него зависело од резултатот на разговорот.

Членови на Државниот комитет за вонредна состојба биле: потпретседателот на Советскиот Сојуз, Генадиј Јанајев; министерот за внатрешни работи Борис Пуго; министерот за одбрана Дмитриј Јазов; заменик раководителот на Советот за одбрана Олег Бекланов; претседателот на Селскиот сојуз Василиј Стародупчев; претседателот на асоцијацијата на државни претпријатија и индустриски објекти, градежништво и врски Александар Тизјаков.[209] Ваквиот состав на Државната комисија за вонредна состојба е да се демонстрира единство кај високите органи на власта и општествени групи и нивната загриженост за судбината на Унијата.

На 18 август 1991 година, членови на ГКЧП ненајавено го посетиле претседателот Горбачов кој се наоѓал во претседателската резиденција во Фарос, Крим, со барање да потпише документи за да се прогласи вонредна состојба во државата и да си даде оставка, отстапувајќи го местото на Јанајев. Горбачов не го прифатил таквиот ултиматум. Пред пристигнувањето на Крим, сите комуникациски линии со претседателот Горбачов биле прекинати.

Во Крим отпатувале: Болдин – началник на Генералштабот, Шенин – член на Политбирото, секретар на ЦК на КПСС, Бакланов – заменик на Советот за одбрана и поранешен секретар на Централниот комитет и Вареников – генерал во Армијата.[210]

[208] Ibid.
[209] А. Безбородов, Н. Елисеева, В. Шестаков, - Перестройка и крах СССР. 1985 – 1993, Санкт-Петербург, 2010, стр. 149
[210] М.С.Горбачев - „Августовский Путч" (Причины и Следсрвия) Москва, Новости, 1991, стр. 4

На почетокот на средбата Горбачов им поставил прашање:

... Кој ве испратил? Одговорот бил: ... Комитетот.

... Кој го создаде? Јас не го создадов. Врховниот Комитет не го создаде. Кој го создаде?[211]

Причинните за кој пристигнале тие во Фарос,биле, дека луѓето се здружиле и им треба декрет од претседателот. Прашањето кое било поставено до Горбачов: или ќе издаде декрет и да остане тука, или да ги предаде надлежностите на потпретседателот. Бакланов кажал дека Елцин е уапсен. Потоа се корегирал дека ќе биде уапсен. [212]

Горбачов го отфрлил ултиматумот и нагласил дека повеќе од еднаш успеал да спречи опасен развој на настаните, па се надевал и сега, и дека тие треба да размислат повторно.

> „И ти и оние кои те испратиле – авантуристи. Ќе се уништите- но тоа е ваша работа, по ѓаволите со вас. Но ќе ја уништите земјата, сето она што сме го направиле. Кажете на комитетот кој ве испратил. Сега доаѓаме до потпишување на Договорот. Заедно со републиките се донесуваат големи одлуки за храна, гориво, финансиските проблеми, со цел побрзо да се стабилизира политичката и економската ситуација, ќе се развијат пазарните процеси кои ќе им дадат повеќе можности на луѓето ...
>
> ... Само самоубиство може да понудиме денес ако се воведе вонредна состојба во земјата. Во тоа јас не одам“.[213]

По неуспешниот обид на пучистите да добијат оставка од Горбачов, тие тргнале кон отворен пуч.

19 август 1991 година, во раните утрински часови, Севастополскиот полк на Комитетот за државна безбедност (КГБ), ја блокирал претседателскта резиденција во Фарос. Во 6 часот наутро истиот ден радио станиците и телевизијата во Советскиот Сојуз почнале да емитуваат соопштение од Државната комисија за вонредна состојба во кое е

[211] Ibid. стр.4
[212] Ibid. стр.4
[213] Ibid. стр.5

изнесено дека со декрет Јанајев ја презема претседателската функција на Советскиот Сојуз, а како причина за тоа е наведено дека Горбачов поради здравствени причини не бил веќе во можност да ја извршува истата.

Указ на заменик-претседателот на Советскиот Сојуз

Во врска со неможноста, поради здравствени причини, Михаил Сергеевич Горбачов да ги врши неговите должности како претседател на Советскиот Сојуз, врз основа на член 127,7 од Уставот на Советскиот Сојуз, ја преземам должноста претседател на Советскиот Сојуз од 19 август 1991 година.

Заменик-претседател
Г.И Јанајев [214]

Декларација на советското раководство, која била потпишана од Јанајев, Павлов и Бакланов, дека е прогласена вонредна состојба во времетраење од 6 месеци почнувајќи од 19 август. Апел до советскиот народ во кој се објаснува дека реформите на Горбачов довеле до застој и губење на довербата во власта, и одлука на Државниот комитет за вонредна состојба во која биле наведени приоритетните мерки за извршување и ги повикале сите политички сили да се обединат за да се запрат тие тешки времиња.

Околу 7 часот, по наредба на генералот Јазов, кон Москва биле упатени втората моторизирана Таманска дивизија и четвртата тенковска Кантемировска дивизија а со нив тргнале и 51-от, 137-от и 331-от падобранско-десантски полк. Државниот комитет за вонредна состојба се потпирал и на силата на КГБ. На 19 август 1991 година во Москва имало околу 4000 војници, 362 тенкови и 427 оклопни возила. Овие единици ги командувале генерал Грачев и неговиот заменик Лебед.[215]

Претходната ноќ, специјалната единица Алфа ја опколиле вилата на Рускиот претседател Борис Елцин во Архангелск, но кога тој излегол и се упатил кон Москва тие не реагирале и не го блокирале бидејќи не примиле никаква команда како да се постапува со него. Елцин околу 9 часот со неговите соработници пристигнал во Белата Куќа ( Зградата на Парламентот на Русија). Во телефонски разговор кој го водел со Крјучков,

[214] http://www.agitclub.ru/gorby/putch/gkcpdocument.htm
[215] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

Елцин одбил да го признае Државниот комитет за вонредна состојба, но пред тоа тој ги мобилизирал неговите соработници и високи функционери од власта меѓу кои биле: Хазбулов, Совчак, Бурбулис, Полторањин, Шахрај, Јарошенко. Борис Елцин и другите високи преставници на руските федерални субјекти објавиле дека државниот удар е неуставен, побараа од армијата да се воздржи од учеството во него, Елцин објавил генерален штрајк и побарал Горбачов да се обрати на народот. Декларацијата, во форма на флаери била дистрибуирана низ Москава, таа декларација покрај Елцин ја потпишале и претседателот на владата Иван Силајев и претседателот на Врховниот Совет на Русија, Руслан Хазбулатов.[216]

Во пладневните часови граѓаните на Москва почнале да се собираат околу Белата Куќа (Зградата на парламентот на Русија) и да поставуваат импровизирани барикади за заштита. Како одговор на ваквите случувања, Јанајев прогласил вонредна состојба во Москва која почнувала од 16 часот.

Мајорот Евдокимов, кој бил шеф на штабот на тенковскиот баталјон од Таманската дивизија, објавил лојалност кон руските федерални субјекти и Елцин. Борис Елцин се качил на еден од тенковите и одржал говор пред насобраната толпа од луѓе. И овој настан, утредента, неочекувано се емитувал на државните медиуми.

На 20 август Крјулков, Јазов и Пуро донеле конечна одлука за напад на Белата Куќа. Одлуката била подржани и од другите членови на Државниот комитет за вонредна состојба, од замениците на Крјучков и Јазов, генералот на КГБ, Агејев и армискиот генерал Ачалов. Во „Операција Гром", како што бил именуван планот за напад, требало да учествуваат Алфа групата и Бимпеи со подршка од падобранска единица, три тенковски единици и хеликоптерски ескадрон. Заговорниците сметале дека Алфа тимот брзо можел да навлезе во Белата Куќа и да го уапсат Борис Елцин и целото руско раководство.

Насобраната толпа пред Белата Куќа се проценува дека броела од 30 000 до 100 000 луѓе, кои биле подготвени да ја бранат Белата Куќа со молотови коктели, иако биле свесни дека неможеле да ги сопрат тенковите и оклопните возила.

Виктор Карпухин, командир на Алфа тимот и командирот на воздушнодесантската единица Александар Лебед се измешале со насобраните луѓе пред Белата Куќа за да ги разгледаат опциите за изведување на операцијата. Карпухин, командирот на Вимпело и

[216] Ibid.

полковник Бесков се обиделе да го предомислат Агејев, да се сопре операцијата за да се спречи можното крвопролевање.

Операцијата требала да почне во 3 часот по полноќ, генералот Павел Грачев го известил Елцин дека нема намера да издаде никаква наредба на војската.

Рано наутро на 21 август 1991 година, на подземен транспортен тунел биле поставувани барикади за да се сопре навлегувањето на тенковите кон Белата Куќа. Во текот на овој инцидент загинале три лица, а неколку биле повредени. Алфа тимот и Бемпел не успеале да навлезат во Белата Куќа како што било планирано.

Генерал Евгениј Шапошников, командир на воздухопловните сили, му предложил на Јазов да издаде наредба за повлекување на војската од Москва и Државниот комитет за вонредна состојба да го прогласи за незаконски и да го распушти. Членовите на Државниот комитет за вонредна состојба се состанале во министерството за одбрана и го прифатиле предлогот на Шапошников, незнаејќи што понатаму одлучиле Крјучков, Јазов и други членови да отпатуваат во Крим, да се сретнат со Горбачов, кој одбил да се види со нив.

Државниот удар не успеал, затоа што целиот светот го осудил, зборувал за одбрана на демократија, а Советскиот Сојуз е дел од демократскиот свет. Таквата нова позиција на Советскиот Сојуз е добиена благодарение на новиот начин на размислување и на основа на различната надворешна политика, тој престанал да биде антагонист во светот. Успехот на Перестројката се гледал како неопходен услов за безбедноста и напредокот на целото човештво.[217]

Заговорниците се надевале на масовно незадоволство на луѓето за слабеење на земјата, неспособност на властите да обезбедат лична и општа безбедност. Тие сакале да ја искористат анксиозноста на заедницата во врска со настанатите етнички конфликти и опасноста од распаѓање на државата.[218] Заговорниците не успеале да ги реализираат своите планови иако Врховниот Совет и неговиот претседател цврсто и решително застанале во реализирањето на истиот.

Пучистите неможеле ништо да му понудат на народот. Ветувале зголемување на платите и пензиите, намалување на цените, изградба на станови, но во прилог со тоа не

[217] М.С.Горбачев - „Августовский Путч“ (Причины и Следсрвия) Москва, Новости, 1991, стр.11
[218] Ibid. стр.11

понудиле нова програма, само отфрлање на програмата за промени. Затоа и подршката од народот изостанала, единствено подршка имале од подржувачите на комунистичкиот догматизам.

Неуспехот на пучот се должи и на тоа што тие ја погрешиле главната цел. Ситуацијата во државата била таква што централна фигура во политичкиот живот станал лидерот на Русија, Борис Елцин. Влијанието на Горбачов се повеќе се намалувало, неговото затварање во Крим повеќе ја возбудило западната јавност отколку домашната. Елцин бил тој кој имал поголемо влијание и можел да го повика народот на отпор против пучистите.

Русија одигра многу голема улога во отпорот против државниот удар.[219]

## 4.7 - Распаѓање на Советскиот Сојуз

Еден од процесите со кој започнал распадот на Советскиот Сојуз е прогласувањето на независноста на републиките. Естонија на 16 ноември 1988 година, Литванија на 26 мај 1989 година и Естонија на 28 јули 1989 година. До крајот на 1990 година, Русија, Белорусија, Узбекистан, Казакстан, Грузија, Азербејџан, Молдавија, Киргистан, Таџикистан, Ерменија и Туркменистан прогласиле независност, со што завршил процесот на распаѓање на Советскиот Сојуз. На 27 август 1991 година, Европската Унија ја признала независноста на Балтичките држави, по што следувало признавање и од САД на 4 септември 1991 година, но и на поголем број од бившите советски републики.[220]

Августовиот пуч многу повеќе го забрзал тој процес, кој неминовно ќе се случел.

По поразот на оганизаторите на државниот удар, Горбачов се вратил во Мосаква на 22 август. Тој веднаш ја објавил уредбата за поништување на „ антиуставните активности на организаторите на државниот удар". Истиот ден Горбачов одржал говорот, кој бил емитуван на телевизија, и на кој кажал:

[219] Ibid. стр.11

[220] DuškoDimitrijevic, Međunarodni problemi : c asopis Instituta za međunarodnu politiku i privredu- Sukcesija Ugovora u Savremenoj Međunarodnoj Praksi, Beograd, 2012, Vol.64, стр.148

„Тоа што се случи во изминативе неколку дена е, да се каже во најмала рака, "голема лекција за сите нас". Тоа е болна лекција, страшен вид на образование. И мора да се подготвиме за сите потребни заклучоци не само во областа на владините структури, но и во односите меѓу републиките, меѓу различните партии и социјалните движења, меѓу националностите и се разбира во економската политика и во духовното и моралното царство...

... Ние мораме да продолжиме побрзо и во повеќе обединет пат, по должина на патот за радикални реформи. Утре ќе се сретнам со лидерите на девет републики. Ние ќе дискутираме и разгледаме се за да се превземат итни мерки, како и краткорочни перспективи ... И ние ќе и кажеме на земјата и целиот свет за тоа ...

Јас веќе разговарав со лидерите на републиките за понатамошните планови за дејствување и се чини дека во блиска иднина ќе биде поставен новиот договор за потпишување на договорот за Унијата. После тоа ќе дојде до усвојување на новиот устав на Унијата, новиот закон за избори во Унијата и парламентарни и претседателски избори.

Оваа работа треба да се изврши во утврдениот рок, без одлагање, бидејќи задоцнувањето во текот на преодниот рок, како што видовме, се опасни за демократските промени“. [221]

Во говорот на Горбачов се гледаат неговите намери за забрзување на подготовките за потпишување на договорот, но тоа не било едноставна задача. Државниот удар имал деструктивен ефект во процесот на формирање на новите односи меѓу суверените држави, се создале компликации кои го потикнале процесот на распаѓање, не само на владата туку и на целото општество.

Настаните од август ги потврдиле неповратливите природни промени кои настанале од демократизацијата и Гласноста, со кои бил постигнат напредок и пат кон

[221] M. Gorbachev – „On My Country and the World“, Columbia University Press, New York, стр. 135

нов начин на живот. Огромен број на луѓе се реализирале како граѓани, кои и покрај тешкотиите во секојдневниот живот, слободата им станала најголема вредност.[222]

На 22 август 1991 година, Борис Елцин издал декрет „за обезбедување на економска основа на суверенитетот на РСФСР" (Руска Советска Федерална Суверена Република), со кој се предвидувало сите претпријатија и организации подредени на Советскиот Сојуз во целина ќе бидат префрлени во надлежност на РСФСР, со исклучок на оние чија администрација била предадена на органите на Советскиот Сојуз врз основа на законите донесени од страна на РСФСР.[223]

На 26 август 1991 година се одржала итна седница на Врховниот Совет на Советскиот Сојуз на која Горбачов истакнал дека е неопходно да се продолжи со процесот за потпишување на Договорот за Унијата. Нацрт договорот бил урамнотежен со интересите на сите учесници во Ново-Огарево, Горбачов се согласил со сите приговори и предлози кои биле напрвени. Но, по случувањата од 19-21 август, се барале измени на нацрт договорот. Горбачов во текот на седницата се сретнал со Елцин, Акаев, Незарбаев и Јаковлев, разговорале за случувањата во Москва и околу главниот град, размениле мислења и се согласиле да ги информираат членовите на Врховниот Совет за нивната заедничка позиција дека државната Унија треба да се зачува како сојуз на суверени држави.[224]

На почетокот на септември 1991 година, имало идеа за формирање на економска заедница на Балтичките држави, чија независност била призната не само од Врховниот Совет на Советскиот Сојуз, исто така и од Генералното собрание на ОН.

На 16 септември на Државниот совет го разгледал нацрт-договор за економска унија. На 1 октомври во Алма-Ате се одржала средба на лидерите на 13 републики на која се дискутирало за договорот, а на 4 октомври договорот бил иницирал од републиките. Договорот за економска заедница на суверените држави бил потпишан на 18 октомври во Кремљ од страна на претседателот на Советскиот Сојуз и лидерите на осум републики. Неколку дена подоцна и Украина го потпишала договорот, по што тој бил испратен до парламентите на републиките за ратификација.[225]

[222] М.С.Горбачев - „Августовский Путч" (Причины и Следсрвия) Москва, Новости, 1991, стр.11
[223] M. Gorbachev – „On My Country and the World", Columbia University Press, New York, стр. 135
[224] М.С.Горбачев - „Августовский Путч" (Причины и Следсрвия) Москва, Новости, 1991, стр. 15
[225] M. Gorbachev – „On My Country and the World", Columbia University Press, New York, стр.137

Истовремено со новонастанатата ситуација се воспоставени нови владини структури, се именувале нови лидери, започнало со реорганизирање на министерството за внатрешни работи, министерството за надворешни работи, министерството за одбрана, Комитетот за државна безбедност, интер-републичките комитети за економија биле обновени.[226]

По потпишувањето на овој договор, Горбачов барал да се потпише и политички договор, тој верувал дека може да се продолжи процесот од Ново-Огарево и да се потпише договорот за Унијата. Опоравувајќи се од шокот од државниот удар, лидерите на Унијата и републиките ја продолжиле нивната работа за трансформирање на Унијата, политички и економски. Имало основа да се верува дека процесот од Ново-Огарево ќе биде обновен. Со големи тешкотии, многу прекини и периодични неуспеси, работата на новата верзија на Договорот на Унијата продолжила во текот на есента 1991 година.[227]

На 4 ноември 1991 година на состанок на Државниот врв на Советскиот Сојуз во Кремљ, се постигнал договор за формирање на обединета армија на сојуз на суверени држави.

На состанок на Државниот врв кој се одржал во Ново-Огарево на 14 ноември, било договорено до крајот на годината да се потпише договор за создавање на една федерална држава, тука биле вклучени Русија, Белорусија, Киргистан, Казакстан, Туркменистан, Узбекистан и Тазикистан.

На 25 ноември имало нова средба на Државниот совет на кој седум лидери на републики го парафираа текстот на новиот договор на Унијата. На состанокот, Елцин кажал дека покрај сите „нови елементи" во Русија тој не бил во позиција да го потпише нацрт договорот во формата во која е преставен. Елцин добил подршка од Шушкевич и Каримов, а лидерите на Украина и Азербејџан не биле во Ново-Огарево.[228]

На 27 ноември беше објавен новиот предлог за договорот за Унијата кој се постигнал на состанокот на Државниот совет на 25 ноември. На денот на објавување на

[226] Ibid. стр.137
[227] Ibid. стр.147
[228] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи, http://bonread.ru/roy-medvedev-sovetskiy-soyuz-poslednie-godi-ghizni-konec-sovetskoy-imperii.html

договорот, Елцин не го прифатил договореното и ги отфрлил сите главни точки од новиот договор.[229]

До крајот на ноември 1991 година, процесот во Ново-Огарево достигна критична состојба, немаше веќе нови договори и разговори за договорот за Унијата. По распуштање на Комунистичката партија, која ја подржуваше структурата и системот на власта, драстичниот пад на економијата придонеле договорот да не биде одржлив. Државната комисија за безбедност на Советскиот Сојуз била уништена, сите единици на КГБ биле префрлени во министерството за одбрана, на границите на републиките се формирале посебни гранични служби и друго.[230]

На 1 декември се одржал референдумот за независност на Украина, што резултирало со 90,32 % од луѓето гласале за независност. Кравчук беше избран за претседател на републиката. И на 2 декември Елцин ја признл Украинската независност.[231]

Пред да се случи Августовиот пуч, девет советски републики биле за влегување во нов Сојуз на суверени држави, Балтичките земји (Естонија, Литванија и Естонија), Грузија, Ерменија и Молдавија се изјасниле за самостојност. После случувањеата од 19-21 август бројот на земји кои биле за независност се зголемил со Украина, Белорусија, Азербејџан и Таџикистан, а лидерите на Казакстан изјавиле дека веќе не ја прифаќале федерацијата.[232]

Со тоа започнале да се бројат и последните денови на Советскиот Сојуз. Договорот кој се случил во Минск, 8 декември 1991 година, е клучната точка во распадот на Советскиот Сојуз.

На 3 декември Врховниот Совет на Советскиот Сојуз го одобрил нацрт-договорот за сојуз на суверени држави. Горбачов бил за нов сојуз, сојуз на суверени држави, конфедерација на демократска држава.

На 8 декември 1991 година се случила средба на лидерите на Русија- Борис Елцин, Белорусија- Станислав Шушкевич и Украина- Леонид Кравчук, во Белевожје, Минск.

[229] M. Gorbachev – „On My Country and the World", Columbia University Press, New York, стр.147
[230] Рой Медведев – Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи
[231] M. Gorbachev – „On My Country and the World", Columbia University Press, New York, стр.147
[232]DuškoDimitrijevic, Međunarodni problemi : c asopis Instituta za međunarodnu politiku i privredu- Sukcesija Ugovora u Savremenoj Međunarodnoj Praksi, Beograd, 2012, Vol.64, стр148

Пред посетата на Минск. Елцин имал средба со Горбачов на која го известил дека целта на посетата на Белорусија се руско-белоруските билатерални преговори. Кравчук бил поканет на средбата со цел да се привлече во процесот на Договорот. Елцин изјавил дека: „ Унијата без Украина е незамислива".[233]

На состанокот во Минск претседателите на Русија, Белорусија и Украина усвоиле декларација со која се констатирало дека исклучувањето на републиките од Советскиот Сојуз е завршено и дека формирањето на нови независни држави станало реалност. Русија, Белорусија и Украина во исто време се одлучиле за договор за основање на Заедницата на независни држави (ЗНД). Со овој нов договор званично бил поништен и федералниот договот од 1922 година и бил потврден распадот на Советскиот Сојуз.[234]

Тие издале декларација: "Сојузот на Советските Социјалистички Републики како ентитет според меѓународното право и геополитичка реалност престанал да постои." Тие потпишаа договор за воспоставување на Заедницата на независни држави (ЗНД).[235]

По средбата во Минск, шефовите на независните влади одржале состанок во Алма-Ате на 21 декември 1991 година, шефовите на единаесет суверени држави - Азербејџан, Ерменија, Белорусија, Казахстан, Киргистан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Узбекистан и Украина го потпишале Протоколот за создавање на, еднакви по правна основа - Заедница на независни држави (ЗНД). Во делкарацијата се наведува дека со формирањето на Заедницата на независни држави, Сојузот на Советски Социјалистички Републики престанува да постои.[236]

Основните начела во Декларацијата која била потпишана биле следниве:

- Развој на односите, демократско владеење на правото врз основа на меѓусебно признавање и почитување на суверенитетот, право на самоопределување, принцип на еднаквост и немешање во внатрешните работи, неупотреба на сила и закон на сила, економска  и други методи на сила, мирно решавање на спорови́те и совесно исполнување на обврските и меѓународното право.
- Почитување и признавање на територијалниот интегритет и неповредливост на границите.

[233] M.S Gorbachev, On My Country and the World, Columbia University Press, New York, 1999. стр.150
[234] DuškoDimitrijevic, Međunarodni problemi : c  asopis Instituta za međunarodnu politiku i privredu- Sukcesija Ugovora u Savremenoj Međunarodnoj Praksi, Beograd, 2012, Vol.64, стр.149
[235] M.S Gorbachev, On My Country and the World, Columbia University Press, New York, 1999. стр.151
[236] Ibid. стр.157

- Зајакнување на пријателството, добрососедството и заемно корисна соработка за мир и безбедност.
- Зачувување на граѓанскиот мир и меѓуетничка хармонија.
- Имплементација на интеракцијата помеѓу членките на Заедницата на принцип на еднаквост преку координирање на институциите, формирани на паритетна основа и да работат во согласност со постапките утврдени со договорот меѓу страните на Заедницата.
- Зачувување на Здружената команда на воено-стратешките сили, унифицирана контрола на нуклеарното оружје.
- Почитување на желбата на членките да се постичне статус на нуклеарно-слободни и неутрални држави.
- Признавање од сите членки на Заедницата, слободно пристапување на други држави – поранешни членки на Советскиот Сојуз, како и други држави кои ги делат целите и принципите на Заедницата.
- Посветеност и соработка во формирањето и развојот на заедничкиот економски простор.
- Едукација на ЗНД, елиминирање на Советскиот Сојуз.
- Извршување на меѓународните обврски кои произлегуваат од договори и спогодби на поранешниот Советски Сојуз.
- Доследно почитување на оваа декларација.[237]

Декларацијата ги дефинира принципите на односите на новите независни држави, прашања поврзани со нуклеарното оружје, спроведување на меѓународните договори и други проблеми кои биле поврзани со распадот на Советскиот Сојуз.

Се потврдило дека Договорот за формирање на Заедницата на независни држави стапува на сила кога ќе биде ратификуван од членките потписнички.

Литванија, Летонија и Естонија ја одбиле поканата за пристапување во Заедницата.

Заедницата на независни држави го подржала континуитетот на Русија во Обединетите нации и постојаното членство во Советот за безбедност и други меѓународни организации. На 25 декември 1991 година, Врховниот Совет на РСФСР го смениле името на републиката во Руска федерација (Русија). Истиот ден, во 19 часот и 38

[237] http://www.postsoviet.ru/publications/163/

минути во Кремљ било сменето црвеното знаме на Унијата и заменето со руската тробојка.

Русија продолжила да ги извршува сите меѓународни обврски кои биле превземени од Советскиот Сојуз. Русија преставувала продолжение на Советскиот Сојуз.[238]

Горбачов на 25 декември 1991 година го имал неговото последно обраќање кон граѓаните на кое ја дал неговата оставка, говорот бил емитуван на телевизија.

[238]DuškoDimitrijevic, Međunarodni problemi : c asopis Instituta za međunarodnu politiku i privredu- Sukcesija Ugovora u Savremenoj Međunarodnoj Praksi, Beograd, 2012, Vol.64, стр.150

## 4,8 - Обраќање до Советските граѓани
## Изјава на претседателот на Советскиот Сојуз
## 25 декември 1991 година

Драги сонародници! Сограѓани!

Со оглед на настанатата ситуација, со формирањето на Заедницата на независни држави, престанува мојата работа како претседател на Советскиот Сојуз.

Принципелно ја прифаќам одлуката.

Јас само се залагав за самостојност и независност на народите, за суверенитетот на државите, но во исто време и за зачувување на сојузната држава и интегритетот на земјата. Настаните тргнаа по друг пат. Преовлада линијата за распуштање на земјата и разделување на државата, со што јас не можам да се согласам.

И по средбата во Алма-Ате и одлуките кои се донесени таму, мојот став за ова прашање не е променет.

Покрај тоа, јас сум убеден дека одлука со оваа големина мора да биде заснована на волјата на луѓето. Сепак, јас ќе направам се што е во моите можности и обврастувања од договорите кои беа постигнати таму, да доведе до вистински концензус во општеството, за да се најде начин за излез од кризата и процесот на реформи.

Говорејќи пред вас во последно време како претседател на Советскиот Сојуз, сметам дека е неопходно да ја искажам својата проценка за изминатиот пат од 1985 година. Особено во таа смисла, немало многу контрадикторни, површни и пристрасни ставови.

Судбината така сакаше, кога јас бев на чело на државата, веќе беше јасно дека земјата не е во ред.

Има доволно од се, земја, нафта, гас и други природни ресурси, интелигенција и таленти, но живееме се полошо отколку во развиените земји, се повеќе и повеќе заостануваме.

Причините се видлив, општеството се задушуваше во канџите на бирократско-командниот систем. Осудени да и служиме на идеологијата и да се носиме со големите оптоварувања во трката во вооружување.

Сите обиди за парцијални реформи, а имаше многу,одеа една по друга. Земјата ја губеше перспективата. Беше невозможно да се живее. Неопходно беше радикално да се промени се. Никогаш нема да зажалам што не ја искористив должноста Генерален секретар за да „ царувам" неколку години. Јас тоа го сметам за неодговорно и неморално.

Сфатив, за да се започне реформа на ова ниво, во општество како нашето, тоа е тешко, па дури и ризична работа. Но денес јас сум убеден во исправноста на историски демократските реформи кои започнаа пролетта 1985 година.

Процесот на обновување на земјата и радикалните промени на советската заедница, беше многу потешко од очекуваното.

Сепак тоа што е направено треба да се цени: Општеството доби слобода, политички и духовно се ослободи. И тоа, главните постигнувања кои ние сеуште целосно не ги разбираме и поради тоа што сеуште не сме научиле да ја користиме слободата. Сепак завршената работа е од историско значење: Се елиминира тоталитарниот систем, што ја спречуваше земјата, долго време, да биде просперитетна и перспективна, и да се направи чекор напред на патот за демократски реформи. Реалност станале слободните избори, слобода на печатот, слобода на вероисповед, мулти-партиски систем. Човековите права се признати како врховен принцип.

Започнавме да се движиме кон мулти-структурна економија која ја потврдува еднаквоста и сопственоста на сите фирми. Во рамките на земјоделските реформи, за да се оживее селото, се појави земјоделството, милиони хектари државно земјиште им се доделија на селаните. Со законот за економска слобода на производителот, почна да се зголемува импулсот во претприемништвото, корпоратизацијата и приватизацијата. Воведовме пазарна економија, важно е да се запомни- тоа го направивме за доброто на луѓето. Во оваа тешко време се треба да се направи за неговата социјална заштита, особено на децата и старите лица.

Ние живееме во еден нов свет: За да се стави крај на „Студената Војна" се прекрати со трката во вооружување и безумната милитаризација кои ја уништуваа нашата економија, општествената свест (јавното мислење) и моралот. Се елиминира заканата за светска војна.

Уште еднаш сакам да истакнам дека во периодот на транзиција, од моја страна, се беше направено за да се осигура контролата на нуклеарното опужје.

Ние сме отворени кон светот, се откажавме од мешање во внатрешните работи на другите и употребата на војска надвор од границите. И ни беше укажана доверба, солидарност и почитување. Станавме едно од главните упоришта за реконструирање(Перестројка) на модерната цивилизацијана со мирни и демократски принципи. Народите и нациите добиле вистинска слобода да го изберат нивниот пат на самоопределување. Од пребарувањата за демократски реформи на мултинационалната држава, не донесе на патот на склучување на нов договор на Унијата. Сите овие промени се случуваа со огромен напор и тензии, со акутна борба со зголемување на отпорноста на старите, застарени реакционерни сили и поранешни партиско-владини структури и економски апарати, и од нашите навики, идеолошки предрасуди, егалитарна и зависна психологија. Тие се спротивставуваа на нашата нетолеранција, на ниското ниво на политичка култура и стравот од промени.

Тоа е причината зошто ние изгубивме многу време. Стариот систем се распадна пред тие да имаат време да направат нов. И кризата во општеството се повеќе ескалираше. Јас знам за незадоволството од сегашната тешка ситуација, за острите критики на владата во сите нивоа и лично за мојата активност. Но, упте еднаш би сакал да истакнам дека, фундаменталните промени, во таква огромна земја, и со такво наследство, не можат да поминат безболно, без тешкотии и шокови.

Државниот удар во август ја доведе општата криза до крајна граница. Најкатастрофално во оваа криза – колапсот на државата.

И денес јас сум загрижен за загубата на нашите луѓе, државјани на голема земја, последиците може да бидат сериозни за сите. Од витално значење, ми се чини, е да се задржат демократските придобивки од последните години, тие се стекнати преку страдања во текот на нашата историја, нашето трагично искуство. Од нив не треба да се откажеме под никакви околности и под било кој изговор. Во спротивно, сите се надеваме на најдоброто, тие ќе бидат погребани.

Сетоа ова го зборувам искрено и директно, ова е мојата морална обврска.

Денес сакам да се заблагодарам на сите граѓани кои ја подржуваа политиката на обновување (Перестројка) вклучувајќи го и спроведувњето на демократските реформи.

Благодарен сум на државата, политичките и јавни личности, милиотните луѓе во светот, оние кои ги разбираа нашите идеи, ги подржуваа за средбите да се остварат и на искрената соработка со нас.

Јас ја напуштам канцеларијата со анксиозност, но со надеж и со верба во вас, во вашата мудрост и сила. Ние, наследници на голема цивилизација, и сега од сите зависи, дека таа ќе се прероди во нов современ и достоинствен живот.

Сакам искрено да им се заблагодарам на сите оние кои во текот на овие години беа со мене за она што е право и добро дело. Сигурно некои грешки можеше да се избегнат, да се направи многу подобро. Но јас сум сигурен дека порано или подоцна нашите заеднички напори ќе вродат со плод, нашите народи ќе живеат во едно просперитетно и демократско општество.

Ви посакувам се најдобро.

## Заклучок

Михаил Горбачов ќе остане запаметен во историјата како последниот лидер на Советскиот Сојуз. Склоп на околности довеле Советскиот Сојуз да се распадне кога тој се наоѓал не чело на државата. Неговиот животен пат, желбата за образование, неговите етички принципи и аверзијата кон традиционалното советско раководство, неговиот романтизам и идеализам му овозможиле да има значајна улога во историјата.

Таквите негови принципи придонеле да се зголеми довербата во Советскиот Сојуз од другите земји, да се стави крај на Студената војна, да се обедини Германија и да се учествува во меѓународната политика со друг пристап од претходниот, со демонстрирање на воена моќ, сега со дијалог и мирно решавање на глобалните проблеми.

Со неговиот избор за генерален секретар започнала трансформацијата на Советскиот Сојуз, започнале драстични реформи кои првично биле наменети во економијата, но подоцна го опфатиле и социјалниот и политичкиот живот. Тој ја најавил Перестројката, која била прифатена од населението со надеж дека ќе се зголеми стандардот на советските луѓе, како неопходна реформа во економијата. Економијата се наоѓала во тешка состојба, Перестројката требало да ја ревитализира, но во целост не успеала во тоа. Според некои автори реформата била драстична за такво општество како советското и презадоцнета, а други дека општеството едноставно не било подготвено за либерализација.

Перестројката како реформа во Советскиот Сојуз успеала да донесе одреден број на новини. Со неа започнала трансформацијата кон приватната сопственост, биле воведени технолошки иновации во производствените капацитети, започнала да се појавува пазарната економија и слобода на менаџерите и работниците да одлучуваат за производството во претпријатијата. Овие нови елементи биле незамисливи во комунистичкиот режим кој го воделе претходниците на Горбачов.

Гласноста, втората реформа која ќе остави голем траг и една од поголемите причини за распадот на Советскиот Сојуз, овозможила многу позитивни работи за советските луѓе. Едно, можеби и најважно е слободата на говор, со ова се ставило крај на контролираната цензура на медиумите, уметноста, литературата и на целото општество. Започнало слободно да се критикува се, од времето на Ленин до Горбачов. Се дозволило

луѓето и работниците да го изразат своето незадоволство, со демонстрации и штрајкови. Ваквата слобода довела и да се појави и потиснатиот национализам.

Гласноста била првиот чекор кон демократизацијата, со која се овозможило и промена на политичкиот живот во Советскиот Сојуз. Комунистичката патија го изгубила својот монопол и уставотворност како единствена партија, започнал период на плурализам во Советскиот Сојуз. Со одредени измени и дополнувања на Уставот, луѓето на Советскиот Сојуз за прв пат излегле на демократски избори, се променил и системот на власт. Со ваквата демократија, републиките со нивното уставно право прогласиле независност. Централната власт го губела своето влијание, а се зголемувало влијанието на претседателите на републиките.

Овие реформи на Горбачов се едни од причините за дезинтеграција на Советскот Сојуз, и покрај многуте позитивности кои ги иселе со себе.

За распадот на Советскиот Сојуз има повеќе причини. Како основна е лошата економска ситуација, постојаното паѓање на БДП кој до 1985 година изнесувал 1%, големото трошење во воената индустрија, на сметка на цивилната, војната во Авганистан, прогласувањето на независност на републиките, Августовиот пуч и Гласноста.

Перестројката не успеала да ја подобри економската ситуација и покрај огромните обиди на Горбачов. Тешката економска ситуација само го зголемувала незадоволството кај луѓето од централната власт. За да успее да се намали енормното трошење во воената индустрија, Горбачов водел интензивни преговори за да се сопре трката во вооружување и производство на нуклеарно оружје, а со тоа да се овозможи зголемување на вложувањата во цивилниот сектор за да се подобри економијата. Со таква намера, била завршена и воената интервенција во Авганистан, која исто така многу се одразувала на економијата.

Економската криза која го зафатила целиот економски комплекс, зголемените меѓуетнички тензии, централната власт не успевала да се справи со економската ситуација, тоа само го зголемувало незадоволството во републиките. Гласноста и демократизацијата овозможила, од 1988 година републиките да започнат да ја прогласуваат својата независност. Формираните Народни фронтови, кои се бореле за независност, победиле во изборите за централна и локална власт, во повеќе републики. Први кои ја прогласиле својата независност биле Балтичките републики во 1988 година, а

по тоа следувала ланчана реакција и од другите републики кои до 1991 година прогласиле независност и ја отфрлиле централната власт.

Неуспешниот Августовиот пуч во 1991 година само успеал да го забрза процесот кој бил започнат од 1988 година. Пучистите успеале да го постигнат тоа од што се плашеле дека ќе се случи, да се распадне Советскиот Сојуз.

Горбачов се обидувал да постигне договор за зачувување на Унијата, но сите преговори останале нереализирани. Крајот на Советскиот Сојуз го запечатиле претседателите на републиките со потпишување на договор за формирање на Заедницата на Незавсни Држави на 22 декември, а ратификуван на 25 декември 1991 година.

Библиографија:


- Alexeev, Michael V. and Caddy, Clifford – „Incoming Distribution in the USSR in the 1980s“ - Review of Income and Wealth, March 1993, Volume 39, Issue 1
- Bhattacharya, Jay; Gathmann, Christina and Miller, Grant - "The Gorbachev Anti-alcohol campaign and Russia's Mortality Crisis", Ifo/CESifo and University of Munich Conference on Empirical Health Economics, December, 2011
- Blanchard, Olivier Jean; Froot, Kenneth A. and Sachs, Jeffrey D. – „The Transition in Eastern Europe“, Volume 1, Stanley Fischer, Chapter „Russia and the Soviet Union Then and Now“,University of Chicago Press, 1994,
- Boettke, Peter. J, - „Why Perestroika Failed“, Routledge, London and New York, 1993
- Brown, Archie – „The Rise and Fall of Communism“, Harper Collins Publisher, New York, 2009
- Caratan, Branko - „Politicka Misao“- Časopis za političke znanosti, - Kraj Sovetskog Saveza – Perestrojka bez Gorbačova, Zagreb, 1992, Vol. XXIX No.3,
- Cherniaev, Anatoli - Turning Points in Ending the Cold War -„ Gorbachev's Foreign Policy “, The Concept, Hoover Institution Press, Stanford University. 2007.
- Coleman, Shane - „Perestroika“, Student Economic Review Vol. 4 No. 1 1990,
- Connor, Walter D. – „Builder and Destroyer: Thoughts on Gorbachev's Soviet Revolutions, 1985–1991“
- Dimitrijevic, Duško - „Međunarodni problemi : c asopis Instituta za međunarodnu politiku i privredu“ - Sukcesija Ugovora u Savremenoj Međunarodnoj Praksi, Beograd, 2012, Vol.64,
- Dunlop, John B. – „The Rise of Russia and the Fall of the Soviet Empire“, Princeton University Press, New Jersey, 1993
- Dzirkals,Lilita – „Glasnost and Soviet Foreign Policy“, Rand, 1990
- Golitsy, Anatoly, - „The Perestroika Deception“,
- Gorbachev, M.S – „On My Country And The World“, Columbia University Press, New York, 1999.

- Hale, Henry E. - „The Strange Death of the Soviet Union", Harvard University, March 1999
- Harrison, Mark – „How Much Did the Soviets Really Spend on Defence?" New Evidence From the Close of the Brezhnev Era- WARWICK ECONOMIC RESEARCH PAPERS, DEPARTMENT OF ECONOMICS, 2003
- Keeran, Roger and Kenny, Thomas – „Behind the Collapse of the Soviet Union 1917-1919, Socialism Betrayed", Universe Inc, New York, Bloomington
- Magstadt, Thomas M. – „Gorbachev and Glasnost-A New Soviet Order? Implications for U.S. Foreign Policy", March 20, 1989,
- McNair, Brain, - „Glasnost, Perestroika and the Soviet Media", Routledge, London and New York, 1991
- Medvedev, Vadim A. – „Breakthrough To Freedom" – Perestroika: A Critical Analysis - „Perestroika's Chance of Success" R .Valent Publisher, 2009
- Njolstad, Olav - „The Last Decade of the Cold War" – Frank Cass- London and New York, 2004,
- Pietilainen, Jukka – „ Perestroika and changed reporting of social problems in newspapers " - Published in Kangaspuro, Markku & Nikula, Jouko & Stodolsky, Ivor (eds): Perestroika, Process and Consequences. Helsinki: Finnish Literature Society, 2010
- Pons, Silvio and Romero, Federico, - „Reinterpreting the End of the Cold War", Frank Cass, London and New York, 2005
- Richard Goff; Walter Moss; Janice Terry; Jiu-Hwa Upshur; Michael Schroeder; - „The Twentieth Century and Beyond" - A Brief Global History 7th Edition, 2008,
- Sakwa, Richard – „The Rise and Fall of the Soviet Union 1917-1991", Routledge, New York, 1999,
- Serrano, Franklin; Mazat, Numa – „An analysis of the Soviet economic growth from the 1950's to the collapse of USSR"
- Shumaker, David. H – „Gorbachev and the German Question – Soviet-West German Relation", Westport Connection, London, 1995
- Vidya Shankar Aiyar, -"Political Change in the USSR 1985-1991", Centre for Soviet & East European Studies School of International Studies Jawaharlal Nehru University New Delhi, India, 1996

- Wohlforth, William C. – „Cold War end game“, The Pennsylvania State University, Press University Park Pennsylvania, 2005
- Безбородов, А. Елисеева, Н. Шестаков, В. – „Перестройка и крах СССР. 1985 – 1993“, Санкт-Петербург, 2010
- Берсенков, А.С. Вдовин, А.И – „История России 1917—2004“, Издательство „Аспект Пресс“, 2005
- Горбачев, Михаил - „Декабрь-91. Моя позиция“, Новости, Москва, 1992
- Горбачев, М.С. - „Августовский Путч“ (Причины и Следсрвия) “Новости“, Москва, 1991
- Горбачев, Михаил -„Жизнь и реформы“- книга 1, “Новости“, Москва, 1995,
- Горбачев, Михаил -„Жизнь и реформы“- книга 2, “Новости“, Москва, 1995,
- Горбачов, Михаил - „Перестройка и новое мышление–для нашей страны и для всего мира“,идателсьство политической литературы, Москва, 1988
- Грачева, Андрея - „Горбачев. Человек, который хотел, как лучше...", Вагриус, 2001
- Данилов, А. А. Косулина, Л.Г. Брандт, М.Ю. „ИСТОРИЯ РОССИИ -XX – начало XXI века“
- Кара-Мурза, Сергей „История советского государства и права“, Издательство "Былина", 1998,
- Медведев, Вадим А. – „В команде Горбачева: Взгляд изнутри“, Еылина, Москва, 1994
- Медведев, Рой А. – „Советский Союз. Последние годы жизнии. Конец советской империи,“ АСТ, 2010
- Орлов, А.С. Георгиев, В.А. Георгиева, Н.Г Сивохина, Т.А –ИСТОРИЯ РОССИИ-, ООО Издательство Проспект, Москва, 2004
- Полынов, М. Ф. – „Советско – Американские Отношения во Внатрешний Политике М.С.Горбачёва 1985-1988 година,“ Труды Исторического факультета Санкт-Петербургского университета

- www.fordlibrarymuseum.gov/library/exhibits/vladivostok/vprior.asp
- https://www.armscontrol.org/documents/salt

- https://www.armscontrol.org/documents/salt2

- http://nsarchive.gwu.edu/rus/Collections.html
- http://www.postsoviet.ru/publications/163/
- http://www.foia.cia.gov/collection/reagan-collection
- http://www.worldcourts.com/eccis/rus/conventions/1991.12.08_Agreement_CIS.htm
- http://newsland.com/index/news/tag/7788/
- http://radislavgandapas.com/upload/gorbachev.pdf
- http://dlguru.com/applications/mac/63559-posterino-v3-0-6-multilingual-mac-os-x.html
- http://dlguru.com/ebooks/audiobooks/60402-moscow-december-25-1991-the-last-day-of-the-soviet-union.
- http://publishing.cdlib.org/ucpressebooks/view?docId=ft7b69p12h&chunk.id=ch01&toc.depth=1&toc.id=ch01&brand=ucpress
- http://nsarchive.gwu.edu/NSAEBB/NSAEBB172/

Кратенки:

**ЗНД** – Заедница на Независни држави

**КПСС** – Комунистичка Патрија на Советскиот Сојуз

**КГБ** – Комитет за Државна безбедност

**ГКЧП** – Државен комитет за вонредна состојба

**БДП** – Бруто домашен производ

**ЦК** – Централен Комитет

**ОН** – Обединети Нации

**SALT I и II** – Strategic Arms Limitation Talks/Treaty

**NATO** – North Atlantic Treaty Organization

**CDU** – Christian Democratic Union

**SDI** – Strategic Defense Initiative

**INF** – Intermediate – Range Nuclear Forces

**ABM** – Anti-Ballistic Missile